СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ТРЕТОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 55-ТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 15.02.1993 година**


1. АНДОВ СТОЈАН - 49, 75, 100
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 75
3. АЛИУ ЕШРЕФ - 10
4. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 76
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 50, 92
6. ГОШЕВ ПЕТАР - 20
7. ДИМИТРОВА РАТКА - 3
8. ДИМОВСКА ДОСТА - 1
9. ЃОРЃИЕВ ЉУПЧО - 47
10. ЗИБЕРИ НАСЕР - 42, 50
11. ИВАНОВ ИВАН - 121
12. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 12
13. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 93
14. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 129
15. МИНОВ ПАНЧО - 34
16. МАЛЕСКИ ДЕНКО - 2
17. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 68
18. МУСТАФА НАИФ - 119
19. НИКОЛОВСКИ ДУШКО - 116
20. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 135
21. СИЛЈАНОВСКИ НАУМ - 127
22. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 100
23. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - 5, 11
24. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 31, 33, 34
25. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 56
26. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР – 130, 132
27. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 61
28. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 82
29. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 108
30. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 32
31. ШАКИРИ ХИСНИ - 54


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 февруари 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повикајте ги пратениците кои се надвор од салата нека дојдат за да можеме да почнеме.

Пратениците Благоја Чкатровски, Димитар Димитровски, Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Јордан Зафиров, Димитар Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

По процедурално прашање сака да се обрати госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, веќе неколку дена расправаме за едно многу важно прашање како што е информацијата за активностите за прием на Република Македонија во ООН.

во ОН го добивме неформално. Според тоа, дефинитивниот текст, а многу важно е тоа да го имаме заради една, две, три или десет букви изменети треба да го сочекаме. Тој дефинитивен текст не е испратен ниту до Владата на Република Македонија, ниту до Владата, по се изгледа на Грција. Се очекува во текот на денешниот, утрешниот, во текот на неделата можеби тој текст да стаса. Тогаш вреди и за тоа да се расправа. Инаку, како запознавање со Нацрт на текст Партијата да побара од Министерството ние го дадовме, но да не отвора ме расправа пред да знаеме точно за што зборуваме. Јас предложив по која процедура да одиме во говорот ако се сеќавате и ако тоа го прифатите е во ред, во Комисијата, па потоа на пленум. Но, на дефинитивниот текст. Ова не е дефинитивен текст. Тоа е нешто што циркулира во ОН, нашиот човек го земал и ни го испратил до Министерството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, зад тоа уште никој не стои, тој е ничиј текст. Тоа е текст само за меѓусебни консултации на членовите на Советот за безбедност, а не и за расправа во Собранието.

Госпоѓа Димитрова сака нешто процедурално да каже.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Поучени од искуството, нашето Собрание имаше едно такво искуство со Единбург дека друго име ни се наметнува од страна на Европската заедница. Ние овде направивме седница, разговаравме за името, може да се рече дека половина образ избришавме на тој начин и излезе потоа, после седницата во Единбург едно соопштение на радио на кое што беше кажано дека Владата на Бившата Република Македонија по првата точка се расправаше за предлогот на Владата, на бившата Југословенска Република Македонија за име Република Македонија(Скопје)

Значи, нашата Влада даде таков предлог без да се изјасни за тоа во Собранието. Поучени од ова ние направивме се за да дојдеме до процедурите, до точните процедури како тоа се одвива во Советот за безбедност на ОН. Зедовме материјали од правниот факултет, материја од Академијата на науката, се консултиравме со луѓе што тоа го знаат, во моментов нашиот пратеник Тодор Петров е во Америка, ги посети ОН и го разбравме точно ова во врска со процедурите. Не може да биде даден на Македонија официјален документ, официјален предлог на промена на име во никој случај. Од ниедна држава па дури ни од Советот за безбедност. Заради тоа што начинот на кој што работи и правилата по кои што работи Советот за безбедност при ОН се во директна спротивност со еден таков начин на работа. Воз- можно е само едно. Македонија самата во својот предлог да побара ново име. Токму заради тоа е целиот политички притисок околу Македонија и сите очи се вперени во Македонија и во Собранието нејзино и Владата нејзина како таа ќе реагира, дали ќе попушти на притисоците и дали ќе даде самата ново име. Зашто тоа е единствениот начин предлогот да биде од нас потекнат. Се друго, се ова што ние го слушаме на информации, се е неофицијално. Ако ние како Влада, како Македонија, како Собрание имаме свој став, многу е чудно и смешно да не го кажуваме, да чекаме официјално барање за кое што знаеме дека не може да дојде. Затоа барам макар и неофицијално на овие неофицијални вести од кои што сме преплавени да се изјасни Владата и да го каже својот став храбро и чесно пред својот народ.

I/5

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри, од многуте дискусии што сите на еден одреден начин придонесоа за точката што ни беше на дневен ред Информација за активностите околу приемот на Република Македонија во ООН. Исто така и јас го поддржувам и расправата што овде повеќе се одржа околу името на која веќе треба да се арбитрира пред ОН со Бивша Југословенска Република Македонија, најповеќе од дискутантите дадоа поголемо место. Ние едно такво име и покрај тоа што се арбитрира за нас, за мене лично не е прифатливо, поради тоа што такво име денес под Бивша е минато за нас и дека Македонија како Бивша Република била исто така како што беше и Словенија и Хрватска, Босна и другите, па ред е за едно такво нешто да не се позанимавме конкретно. Тоа нешто и припаѓа на минатото, тоа и припаѓа на историјата. А според мене измена во името по однос на постапка во тој поглед не може да се прави, ниту некои од нашите претставници тоа го има правено и надвор. Значи, ниту еден со такво нешто и не се сложува. Барањето Македонија да биде разгледано под такво име какво што е, а одлуката значи Република Македонија а одлуката секако од Советот за безбедност и ОН ќе зависи од нив. А наше е дали ние такво име ќе прифатиме или не. Затоа, собраниската расправа пред се, да одговори на ова прашање и да гоземеме својот дел од одговорноста, неоставајќи простор за дополнителни дилеми и забелешки. Меѓутоа, нешто друго на сцена конкретно кога е за одлучување и примање на Република Македонија како самостојна и суверена држава пред ОН и Советот за безбедност. Тука имаме решенија што сакаат на еден одреден начин тој апсурд да биде и во Македонија на овој простор како што е тој простор во бившите републики на Бивша Југославија. како што е во Босна и во Хрватска, каде

I/6

што стотици невини жртви гинат, каде има повеќе од два милиона прогонети, бездомници. Исто така, во тој контекст некои па наоѓаат време да расправаат за имиња на држави, знаци на знамиња и сл. Таа караница само докажува дека тука лудилото е целосно. Би било наивно да се верува дека таа караница е безначајна, тоа е дел од јасно зацртани мапи, при што некои потези од поедини во Македонија помагаат за нејзината реализација. На сите нам ни е јасно дека српската политика кон Македонија својата цел ја извршува преку Грција. Според критериумите на една слободна мисла не може да се докаже никаде дека името било какво може да значи закана за некого или нечија загрозеност за било која држава. Јас лично никогаш не би се сложил и да разговарам со некого кој би ме условувал промена на име. Меѓутоа, воедно исто така мислам дека од името ниту се умира, ниту се живее. Нашите претставници, господинот Глигоров, претседател на Република Македонија, воедно и господинот Денко Малески министер за односи со странство ниту се сложиле со такво нешто, ниту прифатиле и секогаш тука ние наидуваме на тоа да пукаме на погрешна адреса. Називот Бивша ЈУ Република Македонија го додаде Франција со цел да се арбитрира пред Советот за безбедност и ОН. Име што господинот Глигоров и господинот Малески исто така од нивна страна не било прифатено. Меѓутоа, нешто друго. Од толку средби и конференции на највисоко европско ниво по толку врева,исчекувања и надежи признавањето на Република Македонија е упатено во ОН. Македонија со тоа стана и светски проблем. Европа не најде за сходно еден односно се најде пред еден сложен проблем и го отфрли како нешто неподатливо, што не е точно, со што се порази европската дипломатија,а не залагањата на нашите претставници за нивното афирмирање. Да се

обвинува некој дека напразно беа аргументите изнесувани од раководните органи во Македонија по мене е обична тирада. Да не помогнаа уверувањата дека оваа Република застапува мирољубива политика со жителство внатре, со сите граѓани, исто така, за мене е безначајна што некои и оваа причина сака да ја минимизира. Кога ми е зборот дека поедини сакаат тоа да го минимизираат, а ние сме сведоци на сето тоа, и покрај над сето тоа што се случува во Македонија и на таа политика што таа ја води и покрај евидентните пропусти што настојува таа и да ги подобрува. Меѓутоа, постои еден народ во сред Балкан кој бурните историски настани на овие простори не успеа да се консултира како самостоен државно- правен субјект. Тоа за жал, е македонскиот народ. А интересите на соседните земји, поготово на Србија, Бугарија и Грција и на големите европски сили доведоа до распарчување на овој народ и територијата на која тој живее. Со тоа македонското прашање беше решено во рамките на Бивша Југославија во која македонските граѓани се изборија за федерален статус и делумно го активираа процесот на афирмација на македонската кауза. Тоа се однесува за нашите претставници што беа уште и во самата федерација.

Многу комплексната проблематика на СФРЈ македонското прашање тешко ги надминуваше рамките на Федерацијата, затоа што дел од нејзините претставници не можеа да го афирмираат и да ја

одиграат таа улога што им беше заправо и поверена.

Во меѓувреме балканските држави, Србија, Бугарија и Грција и официјална Европа одамна се согласија дека не постои македонски народ и дека не постои македонска држава. Секој од овие упорно го застапуваше заправо дури и покрај постоењето на федерална Република

Македонија во рамките на СФРЈ. Никој од соседните држави што ги спомнав погоре не е заинтересиран за постоење на самостојна македонска држава, па дури и некои од овие меѓу нас, од нашите редови со нивните истапи, со нивните соопштенија и интервјуа што ги давав секако делуваат во остварувањето на признавањето на Македонија.

Србија, Бугарија и Грција и Европската заедница сакаа Македонија да остане во она што е веќе решено од поодамна да остане во урнатините на таканаречената Република Југославија како една од федералните членки. Поради тоа, истите пак ни претендираа за признавање на Република Македонија како самостоен државен субјект, заправо правен субјект. На сцена се сите актери кои што и порано го решаваа македонското прашање, иако запретено и покриено тие се најдоа во иста положба и на исти позиции. Затоа, тоа им е на сите познато.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (**продолжение)

Излезот беше најден во оспорувањето на правата Република Македонија да биде призната како меѓународен субјект што во крајна линија значи оспорување на правото на еден народ да има своја држава. Токму затоа секој од актерите ги актуализираа познатите причини во кои директно или индиректно негираат одделни елементи на самобитноста на еден народ и сите заедно да го оспорат постоењето на самиот народ, односно на сите нејзини граѓани. Македонија заради тоа што е и мултинационална заедница каде што живеат и македонци и албанци и турци и власите и ромите и другите секако треба да се направи еден заеднички напор за да се оконча нејзиното признавање. Што друго би значело ако не оспорување на правото на живот на нејзините граѓани, на нивното име, оспорување на самобитноста на државно правната традиција,присвојување на нејзината мултикултурна и мултиконфесионална традиција, негирање на нејзините национални посебности и слично. Македонија не е мртва, тука се македонците, тука се албанците, и турците, актерите ја обвинуваат неа заправо затоа што е жива и сака да живее со сите нејзини граѓани во сожителство и секако да ја брани својата самобитност. Често пати овде на говорницата се обвинуваат некои дека кој губи и кој добива со признавањето на Република Македонија. Одговорот би требало да биде јасен. Признавањето на РМ, со нејзиното признавање добиваме сите подеднакво сите нејзини граѓани и македонци и албанци и турци и власи и роми, а со нејзиното непризнавање подеднакво тука губиме сите. Тука можат да добијат ако не се признае оние што Македонија ја поделија уште во Балканските војни. Исто така сакам да се надоврзам на поедини дискусии што тука ме тера и да се надоврзам и да им одговорам на

одреден начин како што беше изнесено од господинот од уважениот колега Ванчо Младенов дека ПДП и НДП и дел од пратениците во парламентот водат деструктивна и им помагаат на оние што не сакаат Македонија да биде призната и често пати истапуваат со вулгарни барања. Јас ќе се обидам да изнесам нешто. Тоа го реков и пред малку, за сите нас приоритетно прашање е признавањето на РМ, да стане суверена и самостојна држава и секако рамноправна со сите национални ентитети што ги има таа внатре во својот домен. Господинот Ванчо Младенов рече дека нашите барања се вулгарни, и дека едно од нашите барања биле дека сме барале армијата на Македонија да биде не со еднонационален команден кадар, не една национална армија, имајќи во предвид дека е таа мултинационална и мултикултурна и мултипрофесионална, па затоа сме барале во таа армија да бидат вклучени сите секако по она што партиципираме, заправо по тој број што ние учествуваме во вкупниот број на населението. За еден национален команден кадар и национални армии ние сме уверени она што беше вчера ЈНА правеше се што и паѓаше на памет и секако не беше да се брани интересот на сите народи што беа . Меѓутоа таа се покажа крајно дека е еднонационална и застана на линија на српската идеологија. Меѓу тие барања што сме ги побарале господине, сме барале исто така во Министерството за внатрешни работи како вооружена формација да бидат прифатени сите националности кои што живеат во Македонија. И таа вооружена формација секако ја имаме заправо многу малку се прифатени и албанци и турци и власи и роми во тие редови и секако тоа барање наше е во таа вооружена формација и сме против тоа да биде еднонационална затоа што таа утре ќе застапи бранење на својот национален интерес. Ние исто така сме барале образование на свој мај чин јазик без ограничување, без лимит, а такви барања секако и

овде во Парламентот и на оваа говорница биле чести истапи наши, и чиј интерес е ако една цела популација нема право да се школува на свој мајчин јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Некој ќе поверува дека е така, дека нема право.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас ќе образложам ако тоа не е точно. Имаме лимит во образованието. Албанците имаат право да се школуваат на мајчин јазик до средното образование и во тоа средно образование албанците се застапени само со 17% од вкупно ученици што го завршуваат осмото одделение. Знам дека ќе се постави, меѓутоа така рече господинот дека вулгарни се барањата на албанците што истапуваат преку соопштенија, преку средствата за јавно информирање и на оваа говорница. Исто така, ние бараме вработување, вработување во сите сфери на општествениот живот. Ако бараме партиципација на албанците, турците, власите и ромите по оној број што веќе сме во вкупното население, тоа не значи дека е вулгарно и дека е тоа апсурд. Дали господинот Ванчо Младенов мисли дека е во интерес на Македонија една цела популација да биде необразувана, да биде невработена, нерамноправна во тие институции на општествениот живот. Тоа заправо би требало да изгледа вулгарно од негова страна, а не барања на една популација на рамноправен третман, конкретно на прагот на дваесет и првиот век. Вулгарно не звучат барањата на една популација да се образува на свој мајчин јазик. Исто така, еден дискутант рече дека албанците водат дволична политика и дека на таа дволична политика треба да се стави точка. Јас сум исто така за една дволичност, ниту една партија што е овде во Парламентот застапена со пратеници и тие што немаат свои претставници во

Парламентот со таква дволична политика да прекинат. Тоа кога би се однесувало и за албанците и за македонците и за сите други што се тука. Од таа дволична политика никој нема видено аир , а поготово и со такви обвинувања од говорницата ние ништо не можеме да придонесеме. Меѓутоа, мене ми е нешто сосема друго. Истиот тој што рече овде на говорница дека водат дволична политика, истиот беше од главните актери на таа просрпска политика во Македонија и во една прилика рече дека ако биде инвазија на Србија спрема Македонија дел од граѓаните ќе излезат и со цвеќе ќе ги пречекаат. Па би му поставил прашање, неговиот контакт и тој интервју што го има дадено во "Дуга" со Парошки, дали е таа дволична политика кој што тој беше еден од поборниците на таа антисрпска политика и даде изјава дека со албанците нема потреба од никаква помош "со нив ние сами ќе се пресметаме'.' Па му поставувам прашање дали е тоа дволична политика, или на таа популација што сака рамноправен статус, соживот со сите граѓани на РМ, или пак оние што бараат смрт и сатара на едни, или протерување на други.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор Цветан Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, водењето на надворешната политика во Македонија за нејзиното меѓународно признавање навистина е мошне сложена и макотрпна работа. Но, затоа пак најзаслужни за оваа макотрпна работа се гастрономите господинот Претседател на РМ Киро Глигоров, господинот министер за односи со странство Денко Малевски и господинот претседател на македонското Собрание Стојан Андов кои ни запржија таква чорба што сега целиот македонски народ си гризе прстите кога го почувствува на своја кожа името свето македонско да се отуѓи за

II/5

да меѓународно бидеме признати. Господа пратеници, нашите врвни раководители дали од наивност, дали од незнаење, дали од неумеење, а јас би рекол од не сакање што истата господа две години шурува со господинот Милошевиќ се со цел да ја сочува Југославија која беше вештачка творевина уште од 1918 година, се со цел да се растури Хасбуршкото царство. Целокупната политика која се потпираше и сеуште се потпира на трите врвни раководители , а за тоа дека е така го знаат и врапчињата на гранчињата, тоа се господинот Киро Глигоров, неговиот ученик и верен извршител министерот по ресорот за односи со странство господинот Денко Малевски и не помала улога има и нашиот претседател на Собранието на Македонија господинот Стојан Андов кој што уште во стартот на осамостојувањето на Македонија господа пратеници ги направија првите грешки и кои сега ни се враќаат како бумеранг. Но, што е тука е. Наместо господата да ги следат чекорите во осамостојувањето на Словенија и Хрватска, господата водеше политика пошто пото да се зачува СФРЈ за која и немаше спас и свети Петар од небото да слезеше на земјата не ќе можеше да ја сочува, а не Изедбеговиќ кој се бори за муслиманскиот фундаментализам и нашиот господин Киро Глигоров кој сеуште сонува за некаква Југославија. Впрочем за тоа е и потврда вториот дел од референдумското прашање каде се бараше да се стапи во иден сојуз со Југославија за кое нешто редовно ни се префрла како на националниот блок дека сме биле против референдумот, што е ноторна невистина и исконструирана лага. Се протежира политика да се направи македонскиот народ како ној кој ќе ја скрие својата глава во песокот за да не ја види вистината, а за тоа се нај-заслужните мас-медиумите, телевизијата и"независните" списанија "Нова Македонија" и "Вечер".Правејќи ја платформата Глигоров - Изедбеговиќ

која стана и официјална политика во Македонија, впрочем за тоа сме и сведоци, бидејќи повеќе од 7 месеци беше секојдневно занимавање и протежирање во медиумите фалената и оправдувана дека е најисправниот пат за зачувување на Југославија. Дека е тоа така жив пример ни е господинот Васил Тупурковски наименуван за специјален пратеник од претседателот на РМ за во Америка се со цел да му се освети затоа што еден од најзаслужните учесници во растурањето на најомиленото катче на нашиот претседател Киро Глигоров Југославија каде што неговото потесно семејство ужива висок углед во Белград удостоено со ново изградениот покрив над главата во построгиот центар на градот. Зошто нашите официјални личности кои што требаше да имаат блиски контакти со Кол и Геншер како што го правеа тоа господинот Кучан и господинот Туѓман остануваат загатачка за целата македонска јавност, а и резултатите се очигледни за Македонија. Македонија се наоѓа понижена како никогаш досега, обезличена, потценета, економски најзападната од кога памети овој народ за да клечи на колена и моли за неговото достоинство кое го носи со милениуми, а ете сега се најде нашиот мудар и премудар претседател кој ги повика сините шлемови под туѓо име Бивша Југословенска Република Македонија и не зачленува во меѓ народниот монетарен фонд под туѓо име Бивша Југословенска Република Македонија без да има срам и презир со кое нешто сака да го активира вториот дел од референдумското прашање за иден сојуз со северниот сосед. Од сето ова се гледа дека нашето мудро и премудро раководство составено од господинот Глигоров, господинот Малевски и господинот Стојан Андов дека воделе дволична политика. Впрочем за таква дволична политика дека е водена свеж ни е сеуште еден инсерт од македонската радио телевизија кога нашите новинари од МРТ бараа да даде изјава господинот претседател на Хрватска Фрањо Туѓман за Македонската

II/7

Радио Телевизија, тој ги одби со зборовите цитирам: "за вас господо немам никаква изјава се додека водите дволична политика, една за вашата Република, другата ги застапувате за пошироката јавност за преговори и за разрешување на ЈУ кризата." Затоа господа пратеници не треба ништо да не чуди зошто не сме признати во никаква асоцијација, или здруженија или пак да бидеме членки на семејството на ООН. Времето си го стори своето, времето нас не прегази. Ние останавме да чекаме на воз на слепиот колосек иако сме купиле билет и патуваме за осамостојувањето и признавањето за кое осамостојување ни го издаде господинот Роберт Бадинтер, но ете, нашето мудро раководство занимавајќи се со себе и со Платформата на Изедбеговиќ без да ги следи чекорите на Словенија и Хрватска и за побрзо да се качи на тој воз, опијанети од славата дека и ние имаме билет, застанавме на слепиот колосек и ќе чекаме сеуште доста време додека дојде возот на тој колосек и не одведе во меѓународното признавање. Во едно експозе господинот Малевски рече: "и ние сме признаети, па што". Јас господине министре прашувам, па што уште ја држите функцијата Министер за односи со странство кога навистина за жал немате никакви позитивни резултати. Дали сте се прашале бидејќи е крајно време на вас господине Глигоров ова Собрание да се заблагодари за се досега што сторивте како за внатрешната, така и за надворешната политика и за меѓународното пошироко признавање на РМ. Затоа господине министре од обострана корист ќе биде и за вас и за македонската нација да ја реактивирате вашата депонирана оставка иако знам дека нема да му се допадне на вашиот ментор претседателот на Републиката, бидејќи емотивно е врзан за вас , меѓу шесте бивши ЈУ министри само вас пак кога би бирал би ве избрал. Како вие што сте емотивно врзани за

II/8

Југославија и не можете ништо да помогнете пошироко меѓународно да се признае РМ. Зошто пак парламентарното мнозинство кое е во македонскиот Парламент и не убедуваат дел од тие пратеници дека не е ништо ако се додаде додавката Скопје на Република Македонија, или пак еден новоизбран пратеник од истата коалиција не убедува и не советува да се откажеме од системските закони, поготово од законот за грбот бидејќи било банално да се расправа за таков за- кон и ништо нема да биде чудно ако истиот, или пак друг пратеник од коалицијата не советува и ни предложи дека е банално да се рас- права за промена на името на Македонија кога може да се прифати без големи вреви и галами и да се кренат два прста во затворена просторија. Коалицијата НДП и ПДП испраќајќи свои емисари да преговараат во Европската дипломатија и барајќи федерализација на Македонија и барајќи да биде мултикултурна заедница директно се залагаат за непризнавањето пошироко на Републиката. Впрочем дека е тоа така говорат честите изјави на нивните лидери во средствата за информирање и на нивните претставници во Собранието на Македонија, залагајќи се во нивните говори за мултинационална заедница а нивната лојалност кон заедницата ја потврдија со негласањето на Уставот, неизлегувањето на референдумот, бојкотирање на пописот, негласање за осамостојување на монетарно, односно донесување на законот за парична единица во Македонија и пазарење за преостанатите системски закони и да не набројувам понатаму. Ваквата состој ба и годи исклучиво на јакнењето на оската Атина и Белград со безрезервна поддршка на големите сили кои што со години работат за дефинитивно уништување на Македонија и на македонскиот народ. На тој разурнувачки пат имаат постигнато големи успеси . Зошто Грција задоволна пак "почна да не гали" додавајќи ни го

нашето нафта, хуманитарна помош на толку помпезен начин .Грција исто како и Србија добиваат надеж дека конечно Србија ќе го врати својот дел добиен при срамната делба на пленот, би рекол при "ослободителните балкански војни", а со тоа дефинитивно да се докусури геноцидот врз македонците во овој дел од Македонија по урнек на беломорска Македонија за дефинитивно да ги снема како народ во етничката карта на Балканот.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ**: (Продолжение)

Грција со прифаќањето на промена на името макар и со додавки, придавки и слично, посебно со веќе предложеното име Бивша Југословенска Република Македонија ја постигнува сакаката цел, решение за горливото прашање за постоење на македонското малцинство, за злочините и етничките чистења пострашни од оние во Босна, за грабежите и палежите на имотите, за уривањето и искривувањето и срамнувањето со земја на многу села и градови со македонско население, за насилството и доселувањето на грци од островите во куќите на протераните македонци, неброени се злоделата и колежите кои ги направија. Македонците во Беломорска Македонија ќе го изгубат правото да се повикуваат на матичната држава Македонија и на својот народ затоа што ќе им биде предочено дека тие никогаш не припаѓале на некоја Југославија, со тоа ќе им се оспори правото на македонско - југословенското малцинство. Во таков случај на македонците од Бело- морска Македонија Грција нема да им го оспори македонскиот идентитет па нели и Михалис Папаконстантину е македонец, а на митингот во Солун имаше милиони демонстранти кои извикуваа дека се македонци. Само ќе се овозможи уште една нова делба меѓу македонците и грчки македонци. Грција ќе постигне да го стигне проблемот за непочитување на правата на малцинствата, а особено ќе го реши проблемот околу имотно правните односи при грабаните имоти по 1948 година по Граѓанската војна.

По Балканските војни Грција прв пат влезе на македонската територија. Ги промени имињата на населените места, на луѓето и другите етнички белези. Во почетокот ги третираше како славони, а во

1925 година отпечати буквар на македонски јазик што никогаш не ја дозволи неговата употреба, ја забрани употребата на мајчиниот македонски јазик дури и во нивните домови. Во периодот од 1912 година исчезнаа еден милион македонци по пат на така наречена размена, депортации, насилства, физичко уништување. Најголемиот дел е протеран во Бугарија, во овој дел на Македонија, во Европските земји и на другите континенти.

Освен етничкото чистење Грција спроведуваше и други форми на геноцид со стерилизација на жени, мажи, по затворите за време на Втората светска војна. Во граѓанската војна под изговори на борба против комунизмот извршија невиден масакр врз македонското население чии деца денеска се наоѓаат низ целиот свет. Прогонетите македонци немаат право да влезат во својата родна грутка дури и да ги посетат гробовите на своите најблиски предци. Затоа господо пратеници предлагам ова Собрание да ја прифати Декларацијата која што се наоѓа пред сите вас предложена од пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ за прием на Република Македонија под нејзиното свето и вечно име Република Македонија. Никој нема право да врши пазарење со името на Република Македонија, ниту Собранието на Македонија, ниту Владата на Македонија, ниту пак претседателот на Република Македонија.

Доколку би дошло до промена на името на Република Македонија во некои од варијантите кои што се спомнуваат преку средствата са информирање балканското буре со барут наречено Македонија во секој момент ќе експлодира и ќе ја зафатат социјални немири, неизбежна е граѓанска војна во која би се вовлекле соседите, во балканската каша, со тоа ќе се изврши дестабилизација на регионот ќе се роди едно ново и

најопасно жариште во срцето на Европа, а со тоа би се замешале и поголемите сили. Европо, ако го посакуваш тоа во твојата утроба понатаму пазари се со вашето галениче Грција како да се вика и нивниот северен сосед.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, Италија се наоѓа во драматична криза, преживува тешки моменти, не направив грешка ако поосмисливте, така на пример ја означуваше денешната ситуација во Италија претседателот на Радикалната партија на нејзиниот 36-ти Конгрес кој неодамна се одржа во Рим, како што ви е познато на сите, особено на некои пратеници што беа таму. Значи, нивната ситуација е драматична, а имаат држава што ја отсликува целата светска историја, имаат преполни продавници, со мнозинство производи чие што име не го ни знаеме. Куповната моќ на граѓаните барем им е 20-тина пати поголема од нашата, имаат толерантна инфлација, сепак велат дека се во драматична ситуација и барем се обидуваат така да се однесуваат, бараат политички промени, гласаат за доверба на Владата и слично во тоа.

А ние, ние не сме во драматична ситуација, според нашето однесување. Имаме полу празни продавници со асортиман од 50-тите години, хипер инфлација без обид да се собори, плати што луѓето начин исто како пред 50-тина години, само тогаш се земало од поединци наводно за сите, а сега се зема од сите за поединци. Во тоа е разликата. Чудо стари закони, но исто толку нови се во аут без при- мена, доказ повеќе за деструкција на правната држава или нејзина емитација. И тоа добро го знаеме сите ние како членови на Парламентот,

И ако некој каже дека сме во драматична ситуација тоа од некои се квалификува како атак врз идиличниот мир во Републиката, а мнозинството повеќе и не не погодува не не допира исто како и оние воени жртви, на почетокот се згрозувавме од една, а потоа навикнавме на сликите кои што се појавуваат пред нас. Во таа ситуација што правиме, Влада, Парламент итн.

Два или три дена расправавме на пример во очи на Единбуршката средба. Највисоки раководители се чинеше дека имаат дадено согласност за флексибилниот став во Македонија во врска со името, а Парламентот требаше тоа да го покрие. Расправата заврши без заклучоци и ако три дена расправавме зашто не можеше ни да заклучи во врска со тоа Парламентот, заедно исклучително чувствително прашање.

Расправавме три дена за земјоделието, се сеќавате пред извесно време, апсолутно вон функција три дена седевме овде. Распра- вата заврши без заклучоци односно заклучокот на претседателот на Собрание стенограмот да и го доставиме на Владата да го чита. Така заврши и таа седница.

Во очи на оваа средба расправавме еден ден дали седницата да биде тајна или јавна. По изгубениот цел ден, по два дена беше закажана јавна седница, но без информации што имале доверлив карактер. Владата не им го дава на пратениците односно на тие кои по Уставот се надлежни да ја контролираат работата на извршната власт, она што се нарекува доверливо, според нејзината оценка. Уште еднаш се потврдува балканската демократија. Кога ќе дојдам на власт државата сум јас, безбедноста сум јас, сите други можат да ја уплескаат работата, а ние пратениците веројатно би ја уплескале, можеби има некој од нас, нели, ама имаме одговорност и пред Уставот затоа што некогаш и не се контролираме во изјавите.

III/5.-

На крајот добивме информација со фотографија од соопштенија од конференциите за печат на нашите дипломатски корифеи. Во неа ги нема најважните работи, а особено последната, сега има дискусија дали може воопшто да има став, предвреме, наводно и ако работата не е предвоеме на Владата, за она што ни го подготвуваат односно да ни го сменат името. Привремено, или трајно привремено. И, пак, чувствувам некоја криенка, која може да биде само штетна исто како пред Единбург, исто какао со датумите за испраќањето на барањето за прием во Обединетите нации, очито не гледав никаква при- чина да се прави околу тоа проблем,- дали е не е итн. доставено. И пак имам чувство вие овде седите не треба да знаете се, кога ќе затреба како во старите добри времиња ќе ве викнеме да кренете два прста за да ја споделиме или префрлиме одговорноста на вас.

Што станува со нашата дипломатија во еден од најпресудните моменти во историјата на македонскиот народ. Се кристализираат два става низ печатот, во дискусијата, меѓу луѓето.

Едниот е дека ништо не заврши, се што направи беше погрешно дури според ова мислење и се оспоруваат добрите намери, честитост, со што не можам јас да се согласам.

Вториот е се што направи беше добро, дури и одлично, досегашното непризнавање е резултат исклучиво на тоа што другите не не разбраа, не сакаат да не разберат , ништо не им значиме во нивните стратешки интереси. Тоа е втората позиција.

Не се поведувам од никакви факматични причини ако кажам дека работите сепак не се во таа црно бела техника. Зошто? Кога на почетокот дискутиравме за основните принципи, за основните услови од кои ќе зависи успехот на нашата битка за нашето меѓународно

признавање речиси сите се сложивме дека успехот ќе зависи од две групи прашања, како ќе ги обавиме. Прво, ако ја сочуваме внатрешната стабилност на Републиката, економската, социјалата политичката стабилност односно ако на светот му покажеме способност за економска и вкупна социјална репродукција бидејќи сите непријатели, сите што сакаат да ја видат Македонија во нечии прегратки цело време тврдат дека ние не сме способни за саморепродукција што е нoторна лага, али на што не укоста и стравот од минатото, фрустрациите, сепак наоѓаат тло и кај еден дел од населението. Ако покажеме способност за меѓунационална толеранција на што посебно полагаше сметка светот напредок на полето на човековите права, индивидуални и колективни, а сето а тоа рековме ќе го обезбедиме со брзи, енергични внатррешни реформи, економски политички односно целосна реформа како што ветувавме во политичките програми кога се боревме за овие места и

Второ, темелно стојалиште за успехот на нашата надворешна политика, ако надворешната политика се потпира врз најцивилизираните методи на комуницирање, дијалог, толеранција, взаемно почитување на интересите на сите членки на меѓународната заедница, компромис, не насилство во решавањето на спорните прашања, почитување на меѓународните спогодби, акти на ООН итн.

Што е направено во врска со овие две групи на прашања? И оттука да извлечеме некои заклучоци. Од првата група сочуван е релативно задоволувачки степен на меѓународна толеранција. Заслуга за ова имаат прво граѓаните, потоа актуелните политичари, не треба да се заборават ни информативните медиуми кои што не се впуштија во нешто што се впуштија на други подрачја во Републиката.

III/7.-

За социјалниот мир наспроти страотното осиромашување заслужни се само граѓаните. Досега истрпеа буквално се. Хипер инфлаторни циклуси, замрзнувања зимски, труења, ситни нередовни плати, заплашување од војна, ајдучка економија која што најсиромашните особено ја забележуваат.

Реформата е во застој, но за ова прашање беше битно да се сочува социјалниот мир за впечатокот на странците што одлучуваат како судии кон нас , вклучително меѓунационалната толеранција како што реков, сликата за нашата способност за самостојност и во таа смисла успеавме да дадеме една сепак задоволителна слика наспроти исклучително лошата ситуација што сеуште не е драматизирана до крај.

Што е со втората група прашања. Актуелант аполитика се придржуваше доследно на наведените основни принципи. Тоа е моето гледање. Културен дијалог, стрпливост, изразена спремност за компромис, почитување на основните акти на меѓународната заедница, се водеше и се води политика на добрососедство и да не ги редам тие принципи никој други подобри принципи за водење на меѓународната политика нема да измисли, тие принципи се и принципи, барем декларативно и на големите сили, за малите земји особено кои што мора да измислуваат милион дипломатски начини повешто отколку другите за опстанок, бидејќи во светот владее и силата или пред се, силата на интересот.

Што добивме? Доживеавме поширока промоција на постоечки народ, мирољубив, толерантен, спремен за културен дијалог, освоивме навистина одредени симпатии , без оглед што од нив не се живее, нели,

тоа беше констатирано во дискусијата и тоа е точно соопштено во Информацијата, добивме и некои гаранции за територијалниот интегритет, низ изјави на одделни држави, се уште нецелосни гаранции за нашиот територијален државен интегритет. За тоа допрва следи битка. Добивме оценки за задоволувачки степен на остварување на човековите права во официјални документи кој што стигнуваат до организацијата на Обединетите нации. Таа оценка повеќе се однесува на правата на националностите отколку на индивидуалните права бидејќи кај индивидуалните права помалку се впуштаат опсерваторите од страна што ја сликаат нашата ситуација. Но, сепак, главното, меѓународното признавање, членството во ООН не го добивме и тоа е она што не загрижува и прашањето зошто и што понатаму.

Во одговорот на тоа прашање не умесно би било да се спори со фактот дека аргументот интерес засега одигрува првостепена улога На кантарот на интересите помалку вредиме од некои заинтересирани за нас, заинтересирани во негативна смисла. Но, ако беше само тоа тогаш многу државички во светот немаше да видат бел ден и ќе можевме да заклучиме дека е залудна сета битка туку само да се сместиме во нечии глобален интерес. Затоа треба да ги проучиме и сите наши пропусти зошто борбата продолжува и не верувам дека некој мисли да се откаже од тоа. Според моето разбирање на нештата би требало да се одбележи покрај другото и следното: Во врска со некои наши работи кои требаше да се завршат подобро или кој што ги сметам за пропусти независно од тоа колку влијаеја на фактот кој што до денеска ние не сме признати се уште. Факт е дека подолго време, наспроти Словенија и Хрватска меѓународната заедница беше убедувана да игра само на картата да зачувување на Југославија од наша страна. Нашата продолжена упорност поткрепена со извесните проблеми што настанаа со

референдумското прашање поради што мораше од овде да се испраќаат дополнителни објаснувања до Европа, се плашам дека на почетокот не ставија во втор план. Се сеќавам на за мене чудните објаснувања дека референдумот не значи ни отцепување ни раздружвуање. Тоа беше пропагандна формулација кога ја објаснувавме целта на референдумот. Во контекстот на тоа имаше два три мотиви, можам да ги разберам се разбира. Да не се случи да не гласа населението во доволен број за Самостојна Република Македонија, да не ја разлутуваме арми- јата која што во тоа време можеше да направи лудости, како што ги правеше на другите подрачја во Југославија, можеби и да оставиме подотворена врата за до скорашната солуција. Стравот населението да не гласа во доволен број го имаше и кај леви и кај десни и ако се потсетиме на дискусиите ќе можеме околу тоа прашање да се сложиме.

Второ, еднаш веќе реков отсуствуваше целосно подготвен проект, Македонија во борбата за нејзино меѓународно признавање.

IV/1.- РД/ЈБР

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (продолжение)

Што во текот на активностите само ќе се дополнува или помалку модифицира. Проект што ќе ги прифати сите можни активности, сите можни врски за лобирање, за убедување, економски, политички, културни, дипломатски итн. Целокупниот пропаганден материјал, средства за таа цел, регионални аспекти на активноста итн. Слабостите од овој вид се најголемите слабости на нашиот дипломатски ангажман.

Трето, наместо тоа целиот товар и одговорност падна на плешките на две-три лица, што е навистина многу и покрај нивните несомнени способности. Како пример само да истакнам ние и денес немаме официјално изграден став за тоа како да постапиме на барањето да го промениме името, трајно или привремено, односно играме криенка во врска со тоа, иако сите знаеме многу одамна, дека тоа се бара дека почетното потсмевање кон тоа барање од страна на европските, може би и другите партнери се претвори во нивно сериозно барање. На почетокот мислевме дека е тоа смешно барање. Затоа и денес, јас не знам каков материјал, проспект, или некој друг запис би им дал на странските соговорници, но новинари, дипломати, или нешто трето. Затоа во Италија каде што имаше парламентарци и луѓе од 30-тина земји ние не однесовме ништо од тоа, а со нас имаше лице и лица од Министерството за односи со странство. Едноставно немаме такво нешто.

Четврто, мали беа напорите за општо македонски консензус, помеѓу парламентарните и вон парламентарните политички субјекти, врз однапред осмислени алтернативи. Не се за потценување дисонамциите што се појавија во врска со името кога македоноврсците рекоа дека ете има и сили со кои таму може да се разговара, само да се победи наводно, тврдото крило, или сили итн., па ќе можеме да ги оствариме нашите ставови. Не се без значајни, овде беа спомнати и изјавите да не

IV/2.-

биде признатa Македонија поради нерешени национални проблеми, или додека не падне неохомунистичкиот режим. Не се пресудни, сигурно не се, но не се безначајни во сето ова.

Петто, цело време се создаваше атмосфера дека работата е речиси завршена, само се чека денот, часот. Наместо атмосфера на трајна мобилнсот изјави лека за месец, два или до нова година итн., ќе бидеме членки на ООН. Во одделни случаи беа применети методи на неискрено, неточно, нецелосно меѓусебно информирање, без да им се наштети на евентуалните тајни канали и лавиринти на дипломатијата, за што секако мора да се води сметка. За тоа што всушност, е ветено, договорено, предложено. Парламентот доведува во состојба последен да дознава за тоа што всушност се случило. Еклатантен пример за ова беше крајно штетната и чудна седница на Парламентот одржана непосредно пред Единбург, кога беше направен евидентен обид, ветеното од други да го покрие Парламентот без претходно да биде прашан за тоа, за такво исклучително важно прашање. Се работеше се разбира, повторно за името. Пример е и оваа седница, органот како што реков по функција и контрола на извршната власт, нема право на доверлива информација. Демек, само ако беше тајна седницата, тогаш имаше право на доверлива информација. А ние можевме да имаме доверлива информација, но да не разговараме за јавноста околу податоци што не требаше да бидат изнесени пред јавноста, ако е тоа според законите на оваа држава и општиот интерес. Ако не е тајна седницата, испадна ние што ја чуваме државата, нема да ви ги презентираме сите податоци, а вие сега мислете како ќе одлучувате по тоа важно прашање, независно од тоа што има моменти кои би влијаеле на нашето размислување. Значи, Парламентот е арогантно потценуван од исто толку способната извршна власт.

IV/3.-

Седмо, штетата во врска со дисонанциите околу името на Републиката, воопшто не ја сметам за мала. Тоа се прашања за кои што треба највисок национален државен консензус. Штетата со извесни манифестации кои Грците и другите ги исползуваа како наши знаци за територијални претензии, исто така за мала, партии изјави за Солун итн. И тоа во склопот на целиот овој мозаик како не треба да постапиме во еден пресуден момент. Ете, баш синоќа се појави партија, слушнавме во третите вести, со име ВМР-обединета, која вели ќе се бори за обединување на етничка Македонија. Дали е случајно тоа, се прашувам кој ги заведува тие луѓе, ако се заведени, баш сега да ни го кажат тоа и да го соопштат пред внатрешната и надворешната јавност дека партија создаделе за да се бори за обединета етничка Македонија. Би можело да се наведат и други забелешки, но за илустрација е доволно. Едни ќе речат ако се направеше и тоа ќе бевме признати, други апсолутно не, јас ќе речам само требаше да се направи и тоа и требаше да бидеме и многу поактивни, и многу повнимателни, и многу поедноставни во врска со ова прашање, а очигледно, не е лесно особено за Македонија да го оствари тоа што го сака со векови. Моментот е крајно деликатен, прашањето е што сега, па натаму. И тоа е она централното, околу кое треба да се окупираме.

Прво, да се подготви детална анализа, објективна колку е можно за сите досегашни добри и лоши постапки и проценки во водењето на надворешната политика, и се разбира, и за оние прашања од внатре што влијаат за надворешната политика. Врз таа анализа да се подготви натамошната активност, стратешки и оперативно, крајно прецизно разработено, за тоа треба и повеќе средства да се издвојат и повеќе луѓе да се ангажираат.

Трето, сите сили да се вложат во решавањето на внатрешните економски социјални и политички проблеми. Сега е уште еднаш

поочигледно ако сакаме да истраеме на нашиот идентитет, а јас друго не гледам, битката за меѓународно признавање се добива и ќе ја добиеме само ако дома успееме да го направиме она што го сакаме. Мора да ја манифестираме нашата способност за само репродукција, за продуктивен натпревар со другите на сите полиња и така сите ќе видат дека има овде еден способен народ кој што нема никакви хендикепи во споредба со било кој народ во светот. Мора да оствариме макроекономска стабилизација да продолжи реформата, се треба да се створи за тој успех, а ние прилично ги запоставивме тие нешта, чекајќи дека спасот ќе стигне само од надвор. Само напоредно може да се води успешна битка за меѓународно признавање, ако г-дата суди од надвор и натаму сакаат да го тестираат нашето трпение и нашата издржливост.

Четврто, не смее да се допушти нарушување на меѓунационалните односи. Тоа би било катастрофално. А на нивното нарушување ќе работат разни авантуристи и љубители на почвата на Македонија. Културниот дијалог мора да се задржи, проблемите не се еднодневни, имаат историска димензија. Човековите права, колективни и индивидуални не се остваруваат преку ноќ.

Петто, да не се доведуваме да ни нудат воена помош. Формирање братски воени одреди, за што нешто наслушувам, на тој начин најбрзо се губи суверенитетот, во најдобар случај се станува нечиј протекторат. Во светлината на ова треба да се види целата наша без вредносна стратегија, како што беше спомнато и од министерот, врзано за тоа и така натаму со меѓународните сили во Македонија.

Шесто, да не се шири клима на десетизам, немоќ, апатија, без надлежност, да не се шири клима дека без нечие раме ќе изгубиме рамнотежа. Не е нашиот суден ден,денот кога не условиле да го

смениме името, ќе има други подобри денови, едноставно треба да се издржи и повторно да повторам, треба внатре да издржиме во Република Македонија. Ни треба силна Влада, од една страна компетентна, од друга со поширока поддршка за длабоки резови. Без поширока поддршка, ниедна Влада, ниту претходната, ниту оваа, под претпоставка да знае што треба да прави, не може да направи ништо во оваа ситуација. За тоа треба одговор на ниво на историскиот момент во кој што се наоѓа Република Македонија. Способни ли се сегашните политички сили за таков историски договор. Нас одговорноста нема да не одмине во врска со тоа.

Осмо, во овој момент треба да покажеме максимално единство, нескршлив дух, дека сакаме, дека ќе имаме самостојна држава со нашето име, не со туѓо име. Тоа треба да го покажеме. Но сето тоа треба да го покажеме низ најразумни средства и методи на дејствуваше. Македонија не е бивша, та е и бивша, бидејќи постои од порано, но како Македонија постои од порано, таа е и сегашна и ќе биде и идна. Тоа треба да не обедини, а плурализмот има каде да го манифестираме на без број други прашања.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веќе е трет ден како расправаме по ова прашање и сметам дека треба да бидеме рационални, а рационалноста ќе ја добиеме, доколку претседателот на Владата г-динот Црвенковски излезе на оваа говорница и го каже ставот на Владата во врска со меѓународното признавање на Република Македонија и она што циркулира наводно, меѓу членките на Советот на безбедност за промената на името, односно признавањето на Република Македонија под името бивша југословенска Република. Мислам дека е тоа негова

должност, бидејќи Владата на Република Македонија мора да има изградено став во однос на ова прашање. И не би сакал сега да кажам што би било во едниот случај, што би било во другиот случај. Едноставно сметам дека треба претседателот на Владата г-динот Црвенковски да излезе и да го каже пред целокупната македонска јавност ставот во однос на името на Републиката и со тоа мислам дека ќе се даде можност оваа седница да заврши во смисла на неговата изјава.

Од друга страна, да потсетам дека доколку ставот на Владата не биде изнесен, останува дека седницата ќе продолжи, ќе се јавуваат нови дискутанти и на крајот на краиштата ќе мораме ние да одлучуваме за Декларацијата која што ја поднесе пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе мораме и како ќе мораме ќе видиме. Прво не можеме да ја прекинеме расправата, расправата си е во тек и тоа е неодржлива замисла, деловнички не може, а друго претседателот на Владата во секое време кога сака тој може ако има намера да побара збор и да каже.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Ако не се лажам за едно вакво прашање пред час или час и половина,г-динот министер за односи со страна во Денко Малевски ви даде одговор, а тоа е дека во овој момент до Владата на Република Македонија нема ништо официјално доставено како предлог. Владата тогаш кога ќе добие иницијатива или предлог, ќе се состане и кога ќе знаеме за што расправаме. Владата не може да расправа за новинарски написи, за импресии, за интерпретации, за дискусии на пратеници и лични впечатоци. Тоа е сериозен пристап. Да видиме што е таа

резолуција, ако има резолуција, ако ни биде доставена, што пишува во неа, да видиме, можеби има некои членови што се прифатливи, некои коишто не се прифатливи, тогаш кога ќе го имаме тоа пред себе, тогаш може Владата да се состане и по тоа да расправа. Инаку, и Владата ќе расправа така како што расправа ова Собрание од лични впечатоци и импресии, ќе се измисли теза, хипотетички ќе се измисли теза и околу тоа цела расправа од половина час или час и половина ќе се елаборира. Можеме како Влада да разговараме само за факти, факти ќе имаме тогаш кога ќе добиеме официјално некоја информација.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, сепак треба да правиме една разлика. Ако г-динот Малевски договори, одговорил на пратеник на ВМРО-ДПМЕН. Јас настапив во име на пратеничката група. Мислам дека тука има и во квалитетот. Едно сакам да кажам г-динот Црвенковски треба да знае некои основни правила. Едно од тие правила е дека три држави Велика Британија, Франција и Шпанија, кои што покриваат три блока на народи и што гласови се одлучувачки во ООН за приемот на Македонија ја исфрлиле Нацрт - резолуцијата со тоа што се предлага промена на името на Република Македонија, односно нејзиниот прием под името Бивша Југословенска Република Македонија. Ова сакам да укажам дека Владата на Република Македонија во колкав квалитет ги познава основните прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е процедурален приод. Вие дајте барање да расправаме за одговорноста на Владата. Тоа можете. Процедурално баравте и добивте одговор. Ова нема врска со процедурална интервенција. Вие давате своја оценка за Владата. Тоа овде можете да го поставите во согласност

со Деловникот, ќе расправаме за тоа.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКВОСКИ:**

Ако има документ од овие три земји и тој шета меѓу членките на ОН, се поставува прашањето дали Владата има такво сознание и дали е достапен тој документ. Ние треба врз основа на тоа да парираме со некој таков документ во ОН, а не да чекаме немаме званично, или немаме званично добиено документ. Во тоа е суштината на тој проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е веќе материјална расправа.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, колку што ми е мене познато со одлука на ова Собрание е побаран прием во членство на ОН како званичен документ и таму се бара прием во членството на ОН под името Република Македонија, а исто така и одговор на претходно поставената дилема дава и Меморандумот доставен од претседателот на Републиката до ОН, во врска со приемот на Република Македонија во членство на ОН.

Оваа Информација за активностите на Република Македонија,. во врска со приемот во членство на ОН, ја сфаќам како е досега водена и како е спроведувана и како резултирања разрешувањето на проблемите и тешкотиите во однос на реализирањето на основната цел на нашата надворешна политика, а тоа е што побрзото и пошироко меѓународно признавање на РМ, како и еден договор за натамошните дипломатски активности во заокружуваше на овој процес.

Ако ја споредиме содржината од самата Информација, во неа е децидно искажано дека барање и дипломатски активности за пошироко

меѓународно признавање на РМ, благовремено се поднесувани и во тие дипломатски активности се аргументирано образложувани и тоа најмногу од аспект од нивната правна заснованост дека РМ ги исполнува сите услови да биде примена во членството на ОН и пошироко меѓународно призната. Реалното досегашно отсуство на поширокото признавање на Република Македонија, како признавањето од страна на ЕЗ која доби мандат за разрешување на признавањето на РМ од ЌЕБС, така наречено Европско прашање , единствено го објаснувам заради присуството на поединечна интересна причина, која ја создаде Република Грција која се противи Република Македонија да биде признаена под името Република Македонија.

V/1 ДВ/НД

**ПАНЧЕ МИНОВ:** (Продолжение)

Ако во врска со таа по мене клучна причина кота од политички карактер ја анализираме во однос на тоа колку е фактички извршено влијанието на Република Македонија во оспорувањето на досегашното пошироко непризнавање на Република Македонија ви за ви дипломатските активности од надлежните за водење и спроведување на надворешната политика за мене се поставуваат неколку прашања.

Првото прашање е, дали можеше да се спречи и претходно да се реши ставот на Република Грција во однос на остварувањето Република Македонија да биде призната под името Република Македонија. Мислам одговорот е не, бидејќи како што ни е познато и во претходниот период Република Грција оперираше со терминологија во однос на самостојноста на нашата држава дека фактички се работи за Република Скопје, дека тоа е власта во Скопје, власта на Глигоров и слично.

Второто прашање е дали можеше да се изврши поголемо влијание од страна на Република Македонија за признавање до Европската заедница,наспроти влијанието што како членка на Европската заедница фактички го оствари Република Грција што на крајот на краиштата резултираше и со неуспешност во разрешувањето на признавањето на Република Македонија од страна на ЕЗ. Фактички логички одговорот е повторно не, затоа што се работи за членка на таа иста Европска заедница, затоа што 12-мината на Европската заедница се ставија во заштитничка улога на поединечните политички интереси на својата членка Република Грција кршејќи ги и сопствените принципи на универзалност под формата на солидарност во одлучувањето преку консензус. Таа дури отиде до таму што, мислам на ЕЗ и нејзиниот

министерски совет што не ги почитуваше ниту официјалното мислење од неа формираната Бадинтерова комисија која децидно изгради мис- лење дека Република Македонија ги исполнува сите услови за да биде пошироко меѓународно призната, вклучувајќи ги и оние посебни услови кои се однесуваа исклучиво за неа.

Кога сме кај третото прашање, тоа е нашето барање за зачленување Р^ ОН. Мора неодмирливо да се задржиме на фактот што Република Грци^а е членка на ОН, највлијателните како членка на ЕЗ, членка на НАТО и неспорниот факт дека Европската заедница и САД имаат взаемни сојузнички односи на двоен политички и економ- ски план со Република Грција. Кога сето тоа ви за ви ќе го споредиме СОЈ неспорното правично барање за прием на Република Македонија во ОН, епилогот е одолговлекување на процедуралната постапка за поставување на дневен ред на прашањето за прием на Република Македонија во членство на ОН. Од тоа произлегува дека и во овој случај надвладеа интересот на Европските земји кои фактички се и највлијателни во органите на ОН за тоа да се надвладее нивната грижа дека наводно со евентуалниот брз прием на Република Македонија во членството на ОН, ќе се изврши дестабилизација на Република Грција, дека ќе се направи неизвесност во однос на тоа како ќе се однесува Република Грција економски, со нивните закани за целосна економска блокада на границите,. како и безбедноста на границата и употребата на нејзината војска спрема Република Македонија.

За мене клучно е да се истакне дека е неспорно што тие взаемни политички воени и економски интереси на Република Грција со оние земји што фактички од Европа се и највлијателни во органите на ОН, нејзините директни взаемни воени и економски интереси со САД, тоа е пресудната причина за она што фактички резултира со

одолговлекувањето на приемот на Република Македонија во членството на ОН.

Сега ако од сите овие неколку одговори на клучно поставените прашања се убедивме и убедуваме дека вистинската реална причина е таа, за мене се од релативно значење сите овде изразени забелешки упатени кон носителите на водењето и спроведувањето на нашата надворешна политика во смисла на тоа дали навреме е поднесено барањето, да не требало уште некој да учествува во дипломатските активности, најавување на одредени персонални промени на субјекти кои се носители на нашата надворешна политика и слично, што за мене е фактичко прашање ви за ви напред искажаната објективна причина што е од суштински политички карактер.

Коментирајќи ги користените методи и дипломатска тактика во водењето и спроведувањето на нашата надворешна политика убеден сум дека истите за мене немаат алтернатива. Немаат алтернатива мирољубивоста, спремноста на дијалог и договарање, инсистирањето на изнаоѓањето на трајни решенија, поставувањето на фазно постепено разрешување на проблемите на Балканот кои одеднаш не може да се разрешат, иницирањето на соработка покажана во односите со ЕЗ и сега нашата спремност за соработка во Советот за безбедност и нашите секогаш присутни иницијативи за добрососедски односи со Република Грција, пред се со неменување на границите за гаранција на територијалниот интегритет и уредување на меѓусебната соработка. Велам овие методи и дипломатската тактика1 немаат алтернатива затоа што сум убеден дека немаат перспектива користењето на методи на исклучивост на инсистирање само на сопствените интереси, не уважувајќи ги интересите на другите, инсистирање само на сопствените решенија без спремност на дијалог и договарање на заеднички, благопријатни на двете договорни страни изнаоѓање решенија кои ако се

така практикуваат и ако така се сваќа водењето на политиката и нашата дипломатска активност можат да имаат катастрофални последици и по она што е досега стекнато како наша државност и по националниот наш идентитет и нашето национално достоинство.

За мене а и овде беше досега исто така третирано, клучно прашање е проблемот на промената на името кои секако основен аргументиран во оспорувањето на меѓународното признавање на Република Македонија. Јас сметам дека одговор на овој вештачки создаден проблем од Грција се дава уште во мислењето на Бадинтеровата комисија каде децидно стои дека името Република Македонија не предизвикува територијални претензии. Одговор на ова прашање, исто така пак по забелешка на истата таа Бадинтерова комисија извршивме и со промената на Уставот со утврдување на гаранции за немање на територијални претензии и на крајот на краиштата на утврдување на нашата територија и граници на Република Македонија со Уставот.

Одговор по однос на ставот за промена на името дава најквалитетно по мене досега и меморандумот на претседателот на Републиката доставен до секретарот на Обединетите Нации во врска со приемот на Република Македонија во членство на Обединетите Нации. таму недвосмислено се укажува дека Република Македонија 50 години го носи името Македонија. Исто така, ние користејќи го името Република Македонија не претполагаме на монопол на тоа име над целиот регион на Македонија.

Во истиот меморандум што посебно го поддржувам веќе е јасно дека државното и националното не може да се одвои. Не може да се одвои Македонија од македонците. Тоа неразбирање фактички ја дерогира и ја направи практично несправедлива и Лисабонската

декларација на 12-тмината на Европскиот совет.

Промената на името неспорно е против волјата на народот и граѓаните на Република Македонија. И што е најбитно исто како што се одолговлекува приемот на Република Македонија во членство на ОН исто така, со иста опасност и евентуалната промена на името на Република Македонија, значи а за тоа има сигурни индикации и дестабилизација на внатрешните состојби во Републиката, ќе значи меѓуетничка конфронтација а ќе значи и нарушување на односите со соседите на Република Македонија, што може да резултира и во повампирување на нивните секогаш присутни апетити на поделба и распарчување на Република Македонија што на крајот на краиштата ќе го нарушат мирот и безбедноста на Балканот, а сигурно тоа не е интерес и на самата Грција.

Следното прашање кое се поставува е прашањето на издејствувањето дипломатски на формализирањето на приемот на Република Македонија на дневен ред на Советот за безбедност, наспроти досегашното неформално консултирање по нашата пријава за прием во членство на ОН. Јас сметам дека форсирањето што е издејствувано нашето барање за прием во ОН формално да се стави на дневен ред во Советот за безбедност, сметам дека е оправдано затоа што поучени од искуствата секое понатамошно одолговлекување на приемот, нормално со сносење на целокупниот ризик од конечниот исход на гласањето во Советот за безбедност и потоа на Генералното собрание мислам дека секое понатамошно одолговлекување, искуството не учи дека неформалните и институционални влијанија на Република Грција тоа може да го држат како отворено прашање во недоглед сметам дека е неповолно за состојбите во Републиката а неповолно е на крајот на краиштата и за нашиот прием во членство во ОН и нешто пошироко меѓународно признавање.

Сметам дека овде апострофираната иницијатива на државите членки на Советот за безбедност како што се Велика Британија, Франција и Шпанија со нудење на Нацрт - резолуција и нејзината дискутабилност за мене е неоснована затоа што одговор на таа, овде се кажа од официјалните органи, од надлежниот министер, сеуште е неофицијална нацрт - резолуција, одговор за неа е даден во меморандумот што претседателот на Републиката, Глигоров го достави до ОН, што се однесува до промена на името.

Сметам дека по однос на ваквите иницијативи и многу други многу е битно ние овде, прифаќајќи ги досегашните активности на водење и спроведување на нашата меѓународна политика да им изразиме една поддршка на нашите претставници во тие меѓународни светски организации и органи да учествуваат во разрешувањето, во договарањето на сите проблеми кои произлегуваат во однос на предлагањето на вакви или слични иницијативи, се во смисла за договарање и разрешување за издејствување на што побрз прием во членството на ОН и што пошироко меѓународно признавање воопшто. Тоа го предлагам како поддржување ви за ви овде изнесените негирања и опструкција на официјалната надворешна политика што како такви всушност ја ослабуваат и позицијата на Македонија во финишот на нејзиното разгледување и одлучување за прием во ОН и пошироко меѓународно признавање, што сметам дека не е добро и што им штети и на државните и на национални и безбедносни интереси на Република Македонија. На крајот на краиштата тоа е спротивно и не значи поддржување на реализирањето на, од овој Парламент, од нас самите утврдената надворешна политика која недвосмислено им е позната на сите, а тоа е да се изврши што побрз прием во ОН и да се издејствува што пошироко меѓународно признавање на Република Македонија.

V/7

На крајот сакам да изразам прифаќање на Информацијата за активностите на Република Македонија во однос на приемот во ОН, поддршка на Меморандумот на претседателот на Републиката до ОН во врска со приемот во членство на ОН на Република Македонија, како и поддршка на понатамошните активности на носителите на водењето и спроведувањето на нашата дипломатија и нашата надворешна политика во рамките на ОН, во рамките на Советот за безбедност во понатамошното договарање и разрешување за изнаоѓање на заеднички решенија за што побрз прием на Република Македонија во членството на ОН.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, уште на почетокот на мојата дискусија морам да го изнесам мојот впечаток дека оваа дводневна, тридневна или незнам колку дневна расправа сметам дека беше непотребна, излишна со оглед на фактот што скоро сите дискусии од едната или другата страна се или слични или буквално исти со дискусиите што ги слушнавме пред неколку недели односно пред одржувањето на Министерскиот состанок во Единбург.

VI/1.-СС/МЛ

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кога расправавме за начинот на кој ќе ја водиме рас- правата за денешнава седница, јас уште на почетокот реков дека доколку наша заедничка цел е изнаоѓање и изградување на појака позиција на нашата дипломатија и воопшто на нашата позиција во битката за меѓународно признавање на Република Македонија ирелевантен ќе биде фактот каква седница ќе водиме, дали затворена или отворена за јавноста. И, тогаш изјавив, реков дека искрено верувам како пратениците од ВМРО, нивната искрена желба е токму тоа а не изградување на некои политички, партиски маркетинг пред македонската јавност.

Но, за жал, се потврди токму спротивното. Скоро сите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ ја лансираа тезата овде дека позицијата и Владата бараат затворена седница токму да ги скријат слабостите што од нивна страна почнаа да ги изнесуваат пред говорницата.

Што значи тоа? Која е антитезата на таа теза дека позицијата сака да ги скрие слабостите во водењето на таа политика. Антитезата на таа теза е секако разобличување на тие слабости пред македонската јавност, на Владата и на позицијата. И, по сите расправи, по сите дискусии што уследија овде, се покажа дека целта на оваа расправа беше претседателот на Република Македонија, Влада- та или министерот за надворешни работи да се стават на тапет и да им се прилепат секакви етикети.

Се разбира, дека никој не е против тоа слабостите да се изнесуваат пред говорницата и по нив да се води расправа, аргументирана и каква доликува токму за нас, како пратеници. Но, за жал, таа опозиција до овој момент не изнесе барем ниту еден аргумент со што ќе ги демаскира настапите на позицијата односно Владата во битката за меѓународно признавање на Република Македонија. Само се

констатираат некои работи за кои впрочем сведоци сме сите ние.

Еден чекор понатаму во оваа смисла направи само господинот Гошев, со чија дискусија во голема мерка се согласувам, чија дискусија може да послужи како еден од моделите за наша понатамошна активност, се разбира со доизградување и на другите ставови што овде беа изнесени и од страна на министерот Денко Малески.

Што се однесува до изнесениот став овде дека на штета на меѓународното признавање на Република Македонија и одат многу внатрешни проблеми со што се соочуваме, сметам дека се исправни и тие изјави односно тие лансирани тези, но во моменти како да се оди во крајност, особено кога се работи за политичкото делување на политичките партии на ПДП и НДП.

Во оваа смисла чак од неколку пратеници беше изнесен ставот дека Албанците се основните односно главните виновници за непризнавањето на Република Македонија, заборавајќи го, при тоа, фактот дека ниту една меѓународна институција, ниту една држава, ниту еден наш пријател не го изнесе фактот дека Република Македонија до сега не е призната заради противењето на политичките партии на Албанците односно заради нивното деструктивно делување, спротивно на намерите на Република Македонија за нејзино меѓународно признавање.

Господинот Љупчо Горѓиевски овде, меѓу другото, лансира една теза односно едно барање на министрите Албанци да им даде по едно патничко возило и да ги испрати во Тирана за да тие од таму ни го донесат меѓународното признавање, односно признавањето на Република Македонија од страна на Албанија. И, тоа ќе му беше на господинот Ѓорѓевски крунски сведок за лојалноста на Албанците во Република Македонија.

Јас морам овде да спомнам дека меѓународно признавање, односно дипломатско признавање на државите помеѓу себе се прави на два начини: манифестациоано односно формално и молчешкум. До колку господинот Љупчо Горгиевски не знае, јас ќе го потсетам дека токму Република Албанија деновиве отвори конзулат во Република Македонија и Република Македонија истото го има направено во Тирана. Безбројните контакти на највисоките раководители на Албанија и Македонија токму ја потврдуваат тезата дека од овие две држави денеска, ако се исклучи Турци ја,) ,имаат најдобри и на ј перспективни односи меѓу себе.

Со оглед на тоа, сакам да кажам дека господинот Горѓиевски не требаше да се упатува на едно вакво барање, туку истото може да го направи, самиот да се упати на Република Бугарија и од таму го донесе признавањето на македонската нација, со оглед на тоа што Албанија ја признава нацијата, односно постоењето на македонскиот народ. Така што во потезите Република Бугарија и Република Албанија се 1:1.

Сметам дека за меѓународното признавање и Албанците можат да направат уште повеќе и свесен сум дека не го направивме сето тоа што требаше и можевме. Но, за да се направи ова треба да се има доверба, треба да се имаат изградено поинакви односи од постојните.

Не се сомневам дека во иднина Република Македонија ќе чекори кон изградување на вакви односи, стабилни, што ќе бидат поттик за Албанците и политичките партии во кои членуваат Албанците поенергично во иднина го бараат толку бараното меѓународно признавање.

Но, пред тоа, не може македонската јавност, а уште повеќе опозицијата овде, ВМРО-ДПМНЕ да бара од Албанците откажување од нивните права, откажување од нивниот настап за потполна рамно-

правност. Зошто во тој случај Албанците ќе ја отсечат гранката на која седат.

Околу тезите овде изнесени за промашаите во водењето на меѓународната, политика на нашата дипломатија беше доста кажано. Но, за жал, малку од тие тези беа поткрепени и аргументирани. Овде ќе спомнам само некои настани што одат- во спротивна насока односно ја докажуваат тезата дека нашата дипломатија и не беше вратена од тие активности со празни раце.

Ќе ве потсетам само на бадинтеровиот извештај, ќе потсетам на фактот дека денеска многу финансиски меѓународни институции се подготвени Република Македонија да ја вклучат во нивни- те редови, ќе потсетам на тоа дека денеска, Република Македонија, како што рече министерот, се прифаќа како независна држава. Дерогацијата на Лисабонската декларација, признавањето на Република Македонија од низа држави, вклучувајќи ги тука и тие што денеска играат одлучувачка улога, како што е Руската федерација, Турција итн.

При тоа, со ова не сакам да создавам поинаква претстава за работата на нашата дипломатија. Но, се надевам дека господинот Денко Малески и сите други луѓе вклучени во нашата дипломатска активност, многу подобро од мене и од многу нас овде што седиме ги знаат и тактиката и стратегијата на водењето дипломатски односи со други држави.

За мене е најважно, освен овие што ги спомнав, најважна е една друга работа. Најважно е што Република Македонија односно нејзините раководители успеваат во овој период да создадат една поинаква слика за Република Македонија, да ја демаскираат тезата на Република Грција дека со признавањето на Република Македонија ќе се легализира постоење на една експанзионистичка држава и ќе се доведе до немир во регионот и нестабилност на Балканот и пошироко. За нас, најголема

придобивка е токму промената во свеста на јавното мнение во пошироката меѓународна заедница.

Чинот на формалното признавање на Република Македонија е само еден акт што треба да уследи после тие активности што ги водиме. Точно е дека тој свечен акт до сега не е направен. Но, бевме свесни од почетокот дека тоа можеше да се случи вчера, може да се случи денеска, утре или задутре. Моментот кога ќе настапи секако е важен. Но, најважна е нашата активност како ќе ја водиме и како ќе се однесуваме при нашите настапи надвор.

Јас сметам дека нашата дипломатија, покрај многуте пропусти, сметам дека активно и конструктивно се однесува во досегашната активност за меѓународно признавање на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Ѓорѓиев има реплика.

**ЉУПЧО ГОРГИЕВ:**

Мене ми е мошне мило што очигледно дека мојата дискусија доста ги возбуди пратениците посебно од албанските партии и, навистина се надевам дека она; што го реков минатиот пат, навистина ќе го направи Владата, а тоа е да си ја преиспита својата позиција како понатаму ќе ја гради заедничката стратегија за меѓународно признавање на Република Македонија.

Во мое отсуство од салата слушнав дека претходниот дискутант на еден непринципиелен начин поставил некое прашање. Јас, навистина не ја гледам смислата на неговото прашање, затоа што ако добро се сеќава претходниот пратеник, а и целата македонска јавност, јас никогаш не сум изразил друго национално чувство освен македонско национално чувство. И, не знам од каде произлегуваат асоцијациите за една ваква споредба.

Тоа е основната работа што морам да ја потенцирам како реплика, а неговата принципиелност, односно логика на неговата забелешка може да ја следам или да ја прифатам како нормална до колку господинот Зибери сака да го прифати македонскиот национален идентитет, па на тој начин да каже дека не е во иста ситуација со албанската држава. Бидејќи јас знам дека тој се чувствува како Албанец и цело време застапува албански национални интереси во Македонија, тогаш логиката е многу јасна и поврзувањето е многу јасно. Јас само уште еднаш ќе ви повторам дека ниту еднаш, ниту во една прилика националниот идентитет и моето национално чувство не сум го довел во прашање. И, не ја гледам логиката на споредбата која ја прави господинот претходниот дискутант.

Што се однесува на одговорот дека Албанија ќе отворела конзулат и на тој начин индиректно ќе ја признава Македонија, можам да ви кажам дека и Грција има овде конзулат, па гледаме дека ниту ја признава Македонија, а напротив, ги прави најголемите проблеми на Република Македонија.

Оттука, навистина ќе ве молам дискусиите кога ќе бидат или репликите на мојот говор од завчера нека навистина бидат на една принципиелна линија и на тој начин за да може навистина нормално да се разговара.

Во таа смисла уште еднаш сакам да го потенцирам моментот кој веќе неколку пати беше овде потенциран, а тоа е дека оваа седница понатаму ја нема својата смисла се додека го нема ставот на македонската Влада по основното прашање што денеска го дискутираме.

Оттука, навистина сметам и покрај тоа што четири наши дискутанти веќе го поставија прашањето македонската Влада да излезе со свој став

по ова прашање, премолчувањето што се случува од страна на македонската Влада веќе е крајно сомнително на сите нас. Јас не ја гледам причината зошто македонската Влада и понатаму избегнува на оваа говорница да го каже својот дециден став по основното прашање што сите ние го чекаме, а тоа е она што е упатено од страна на Обединетите нации, ставот дали македонската Влада го прифаќа ова име или «е го прифаќа ова име.

Јас навистина ве замолувам да се држиме до она што е основно за денешна"ва седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова ќе е делумно деловничка интервенција на господинот Горѓиевски, а делумно е одговор, реплика.

Деловничката интервенција ќе требаше да ја најави, тоа е коректно и така се бара и за тоа сакам да кажам дека ние имаме од- говор. Владата даде одговор дека Владата утврдува ставови по службени документи. Инаку, не би ни била Влада. А, делувањето на Владата во однос на претходни идеи оди низ министерствата, потсекретари, секретари итн. Знаете дека господинот Никовски беше во Шпанија и во Велика Британија и го изложи ставот на Владата.

Упорното барање Владата да дава овде став по непостоечки материјал, за кој кажа и министерот овде, не постоечки службен документ и претседателот на Владата, ,води кон тоа да се прекине расправата. Ве молам, еден дел пратеници кажаа, не можеме сега да прекинеме со расправата и на тие идеи не треба да се надевате. Не може да се прекине расправата. Додека има овде запишан говорник, секој ќе добие збор. Инаку, ќе примениме еден друг аршин. Некој си кажал и ај сега Владата да рече, да завршиме, никој друг да нема право.

Па, не може тоа така.

Господинот Зибери бара реплика. Уште една реплика. Само пазете да не ја претвориме во реплика и седницата. Ве молам репликата само две минути. Ако сакате друга интервенција, повторно барајте. Ништо повеќе, само две минути.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Моето искажување беше во смисла на тоа дека господинот Љупчо Горѓиевски најмалку има морално право да бара од Албанците да се залагаат за меѓународно признавање на Република Македонија, кога тој господин Љупчо Горѓиевски и неговата партија овде не дозволуваат дури во личните карти на Албанците имињата да им бидат напишани на нивниот мајчин јазик. Не може да бара, нема морално право тој Љупчо Горѓиевски да бара залагање на Албанците за меѓународно признавање на Република Македонија кога таа Партија и тој Љупчо Горѓиевски се залагаа во целата предизборна кампања за истерување на Албанците од Република Македонија.

До колку се случуваше тоа тогаш се поставува прашањето за која држава би се залагале Албанците да се признае...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, двете минути изминаа. Доволно. Репликата е толку. Доволно е две минути. Ако пуштиме репликите да течат како претходниот, тогаш ќе одиме во сосема друга расправа.

Има збор господин Голубовски.

**ВЛАДИМИРГРЛУБОВСКИ:**

Во врска со можниот прекин на расправата, веројатно тоа доаѓа од убедувањето на ДПМНЕ дека тие кажаа се што можеше паметно да се

каже и веројатно мислам дека предложија се што може како решение да се предложи во оваа ситуација.

А, во однос на она се што беше искажано од пратениците на ПДП и НДП, пред да поминам на моето излагање да дадам до знаење дека нивните искажувања се примени, повторно на знаење и се надевам дека во наредните избори ќе го добијат тоа што го заслужија.

За промена на името на Република Македонија немаат овластување ниту можат да го имаат поединци, ниту политички партии само затоа што учествуваат во власта. За промена на името не може да одлучува ниту оваа генерација на македонскиот народ.

Предлагам да се усвои заклучок со кој се задолжува Владата на Република Македонија да ги извести специјализираните меѓународни институции, КЕБС и 00Н дека Република Македонија приемот и своето членуваше го прифаќа исклучиво под своето сегашно име.

Сметав за неопходно уште на почетокот јасно да го изнесам ставот поради ризикот моето понатамошно излагање да не биде правилно сфатено или да биде предмет на политичка шпекулација.

Формулацијата по точката за која што денеска расправаме ја сметам за неприкладна како и самата иницијатива од опозицијата ка- ко контрапродуктивен политички потез кој, во основа, ја олеснува позицијата на владеачката коалиција и воедно опозицијата ја доведува во поделена одговорност за ситуацијата во која активно не можела да учествува.

Самата расправа, вака како што е формулирана, не може да со дејствува актуелно на објективната ситуација во однос на приемот на Република Македонија во ООН. Таа е или задоцнета или предвремена.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Закаснето е затоа што немал доволно временски период пред себе за радикална промена на досегашната концепција и на начинот на кој таа се операционализира. А од друга страна предвремена е бидејќи немаме сеуште ситуација која до крај можеме да ја оцениме како дефинитивен фијаско на таквата политика од што природно би произлегла и потребата врз основа на анализа на досегашните активности да се утврдува одговорноста за нејзините носители.

Фактот дека Советот за безбедност ги завршува претходните подготовки во врска со предлогот на трите европски држави за приемот на Република Македонија под привремено име не соочува со потребата према ова прашање да се поставиме како спрема потреба а не како спрема потреба. Се залагам оваа седница да биде од затворен карактер, и таквиот став сеуште го задржувам како принципиелен приод кон едно стратешко национално прашање без оглед на степенот на редуцирањето на материјалот кој ни се достави. Притоа не поаѓам само поради почитувањето на демократските правила во комуникацијата помеѓу државите, туку во нашиот случај од причина дека искажаното политичко ниво и артикулација во Собранието на Република Македонија можат да ги доведат во заблуда и погрешна проценка оние кои не оценуваат за наводно неединство на македонскиот народ и воопшто поради опасноста од прејудицирање на неповолни ситуации да го отворат просторот за уште пожестоки притисоци врз нашата позиција. Само од таква насока и го прифаќам образложението на госпоѓа Димитровска денеска, што предупреди на некои моменти дека практично Република Македонија разговара за прашања за кои што нема официјални достави од институциите каде што бара пошироко меѓународно признавање. Затоа навистина се отвора простор  опасен самите да створиме простор да се

легитимира нешто што покасно може да дојде, а однапред знаеме дека е неприфатливо за македонскиот народ.

Македонскиот народ без оглед на идеолошкото приклонување е апсолутно единствен кон прашањето за името на нашата држава. Со задоволство сакам да укажам дека и македонската левица го прифати статусот на самостојна Македонија. Она што остава резерва тоа е впечатокот кој се стекнува од нашите средства за јавно информирање дека околу името се прават компромиси а за што не понудија докази. Тоа е сериозна ситуација. Оттаму произлегуваат и сомневањата дека владеачката коалиција ја припрема аналитно јавноста за наводни отстапки околу името. Лично, не верувам дека меѓу македонскиот народ постои поединец или поединци спремни на таква мисија. Зашто при една таква хипотетична претпоставка мора да се претпостави распаѓање на институционалниот систем, дека тие ќе мораат да прибегнат тогаш на масовни репресии врз оние кои тоа нема никогаш да го прифатат односно ќе се соочат со ситуацијата да го затворат или на друг начин оневозможат сопствениот народ ако воопшто добијат таква шанса. Значи, не верувам во класично предавство, туку оценувам дека се појавува опасно недоразбирање во стилот на водењето на државната политика, во делот на поширокото меѓународно признавање. Имено, во една навистина сложена ситуација, во која нашата желба е појака од нашата објективна моќ активно да влијаеме на процесот поинаку за прв пат коинцидира со нашите стратешки национални цели, државната политика откако не направи правовремен и единствено логичен потез одговорноста да ја сподели преку постигнување на општ политички национален консензус посакувајќи можеби оптимистички најави во самиот процес само за себе да ги задржи ефектите од признавањето

како политичка иницијатива особено веројатно во предвремени избори, сега во ситуација на драматична неизвесност, соочени со пролонгирање на приемот откако ќе мора официјално Македонија да го одбие под привремено име бара начин за поделена одговорност.

Не сум против утврдување на вистината, ниту против соодветната одговорност, која и самата историја, пред која ништо не може да се сокрие ќе го направи и побрзо од што самите веруваме. Но сметам дека од оваа седница мора да произлезе одговор за она што се случува во Њујорк. Оценувам дека меморандумот може да биде македонскиот одговор, но тогаш е потребно сите единствено да стоиме зад овој документ со што ќе ја подобриме македонската позиција и ќе ја направиме сериозна и рекстетибилна. Секакви други инсистирања, анализи и предлози ќе значат одбегнување од суштината на проблемот и слабеење на нашата позиција.

На крај да завршам со едно прашање. Зошто е толку тешко, зошто не можеме да одржуваме една позиција и да ја доградуваме, зошто мора секогаш да го изминуваме целиот пат.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, ние овде во Парламентот дискутираме како да сме фактор кој можеме да одлучуваме. Просто речено како да имаме моќ и сила да им наредиме на меѓународните субјекти да не признаат. Доколку можевме тоа да го направиме јас прашувам зошто не сме го направиле досега. Ако е така тоа е голема трагедија што сме ја испуштиле приликата.

Ние пред неколку месеци расправавме по истата тема, а сега ми се чини дека ги повторуваме работите. Можеме да се задржиме со недели и месеци на истата проблематика, но на крај треба да се води сметка колку имаме можност да ја промениме познатата процедура и резултатите што

произлегуваат од еден вид ваква рас- права. Да не биде ова во вид на галама или јунаштво засновано врз принципите на романтизмот. Меѓутоа така наречени патриотски сили во Парламентот сакајќи да добијат поени во овој момент, без никаква одговорност и без да размислуваат ги напаѓаат луѓето што беа ангажирани за оваа проблематика. Од друга страна истите со непринципиелна политика дел од одговорноста ја префрлуваат на албанците. Тоа е спротивно со вистината господо.

Нас не ни пречи признавање на Република Македонија, но неприфатлив е притисокот кој се наметнува од истите сили албанците да се држат во нерамноправна позиција со цел да се минимизира присуството на оваа популација во овие простори, што во овој момент претставува апсурд. Албанците не можат да се обвинуваат како фактор кој ја дестабилизира Републиката, кои што поедини пратеници - македонци и сега бараат лојалност од албанците, а имаат кажано на говорницата и на многу други собраниски тела настојувајќи да ги бранат своите ставови уперени против немакедонците. Албанците јасно и децидно изјавиле дека се за рамноправен статус и околу ова прашање нема што да се пазариме. И кога ќе се има во предвид сето тоа не можеме во никој случај да се обвиниме како фактор на дестабилизацијата и за непризнавањето на Република Македонија.

Република Македонија ќе се дестабилизира токму од оние сили кои претендираат да формираат чисто национална држава со национална армија и национална полиција. Во ова мултинационална средина а такви аспирации ни се познати од досегашното искуство.

Што се однесува до критиките кои беа упатени врз нашите партиски челници од еден број на пратеници недвосмислено таквите критики претставуваат инсинуации и лажи, бидејќи во сите контакти со

странски делегации беа изнесувани проблемите со кои се соочува овој народ, а сосема е друго што некој не сака да се помири до реалноста.

На крај да завршам. Бидејќи беше побарано од многумина пратеници, лојалност на албанците, што исто така беше побарано и ангажирање на албанскиот фактор за признавање на Република Македонија, јас тоа барање го сметам како принципиелно барање. Но, истите пратеници кои го поставија ова прашање, јас би ги замолил да престанат со антиалбанска политика. Исто така, бидејќи претставуваат мнозинство во Парламентот да покренат иницијатива во Парламентот за донесување на една декларација со која би се осудила целата политика уперена против албанците.

На крај, бидејќи секогаш го повторуваме зборот за сожителство, што е хумана работа и демократски чин на човечанството, но ниеден пратеник или пратеничка група досега не интервенирале или не дигнале глас против насилството што се извршува врз учениците албанци во Куманово.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, оваа седница има извонредно значење за егзистенцијата на Македонија во сегашноста и во иднината и мислам дека би ја споредил со истата онаа кога дискутиравме пред Единбург за признавањето на Република Македонија со додавката Скопје.

При воведното излагање на 50-тата седница на Собранието на Република Македонија, во врска со информацијата околу активностите за приемот на Република Македонија во ОН министерот Малески меѓу другото рече.

Прво, дека нема никакви пречки за прием на Македонија во ООН меѓутоа јас би рекол дека тоа е условено со промена на името, во овој

случај со додавање на бивша југословенска република Македонија.

Второ, во врска со неговото воведно излагање би рекол во светот Република Македонија се прифаќа како независна држава. Вистина се прифаќа како независна држава, меѓутоа, признаена само од 8 земји. Па, понатаму би продолжи. Имено, додека Словенија и Хрватска во втората половина на 1991 година нашироко работеа за меѓународно признавање на своите држави крстарејќи со својата дипломатска активност кај соседните земји, во Европа па и пошироко во светот, а ние иако го имавме успешно завршено референдумот од 8 септември 1991 година за независна и самостојна република Македонија, ние тогаш сеуште се занесувавме со некоја друга Југославија со платформата Глигоров Изетбеговиќ.

Покасно, на 11 јануари 199 2 година кога Бадинтеровата комисија даде виза дека Република Македонија ги исполнува сите услови за меѓународно признавање со еден документ од големо меѓународно значење за сега и за во иднина, ние во тој период многу малку работевме на меѓународното признавање на нашата држава што во покасните неколку месеци дури и во цела 199 2 година па и сега ни се свети околу сеуште немеѓународно признавање на нашата држава.

Во моментот кога меѓународното признавање на Република Македонија во рамките на Европската заедница почнува да стагнира од Гимараеш, Лисабон, па и во декември 199 2 година во Единбург, каде јасно беше истакнато барањето за промена на името на Република Македонија со додавката Скопје, сега кога и тие од Европската заедница го блокираат меѓународното признавање на Република Македонија, топката на непризнавањето ја пренесуваа во ООН, се разбира преку Советот за безбедност. Меѓутоа и тука наидуваме на отпор со претходно

повторно измена на името. На барање на генералниот секретар на ООН Советот за безбедност на 11 декември 1992 година донесува резолуција со која се воспоставува присуство на умпрофор во поранешна југословенска република Македонија. Значи и од тука почнува да се именува нашата Република Македонија со ново име без наша согласност.

Ново моделираното име на бивша југословенска република Македонија, на кое треба ние да дадеме согласност, мислам во овој момент е уште едно големо искушение за нас како пратеници на овој Парламент на раководството на Република Македонија како и на македонскиот народ и на граѓаните кои што живеат во Република Македонија. Јас се прашувам што претставува бивша кога и тоа ми асоцира на нешто минато, а во овој момент неопределено, нејасно, за колку време тоа значи да биде, година, две, пет, десет години и повеќе децении.

Понатаму, не ли е ова една асоцијација која сеуште треба да даде виза за некои вовлекувања на Македонија во некоја нова асоцијација со други земји од поранешна Југославија.

Ние, и овој пат како и при обидот за прием во Европската заедница во изминатата година ипол така и сега, за приемот на Република Македонија во ООН во последните осум месеци уште повеќе касниме бидејќи одлуката на Владата на Република Македонија за прием во ООН датира од крајот на јули 1992 година, а званично барање за прием во Советот за безбедност е поднесено на 8 јануари 1993 година.

Со меморандумот на претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров од 3 февруари 1993 година упатено до генералниот секретар на ООН господинот Бутрос Гали во точката 10 се

вели "Промената на името на Република Македонија, што е против волјата на нашиот народ безусловно ќе води до дестабилизација на земјата конфронтација на меѓуетничка основа и заострување на односите со соседството". Ова е се во ред, се согласувам со такво нешто бидејќи и јас истото го имам на ум, меѓутоа сето ова ни укажува дека со задоцнување од 50 дена реагираме на една ваква иницијатива со која се сака да ни се наметне ново име кое што нема право никој да го наметне, ниту нашето челно раководство, Парламентот, па ни целиот македонски народ бидејќи името на Македонија ни е исконско име и истото треба и сега и во иднина така да го имаме.

Бидејќи приемот на Република Македонија во ООН преку Советот за безбедност се смета дека е европско прашање трите земји членки на Советот за безбедност се едновремено членки и на европската заедница. Тоа се Франција, Англија и Шпанија кои покренуваа иницијатива обидувајќи се да изготват нацрт резолуција која би го отворила патот за прием на Република Македонија во ООН. Досега Република Македонија официјално не е запознаена со таа појава, што пред малку истото тоа беше овде и од Владата истакнато.

Но, мене ми се чини имајќи ги предвид досегашните инсистирања за промена на името во Европската заедница, истото тоа ќе го бара овде и во Советот за безбедност, односно во ООН и овој пат со претходно наша согласност. Уште зачудувачка е појавата дека генералниот секретар на ООН господинот Бутрос Гали повикувајќи се на правилата на процедурата на генералното собрание и на Советот за безбедност на неформалните консултации на претседателот на Советот за безбедност и до сите земји членки на советот за безбедност како и земјите членки на ООН по точка 19 од дневниот ред на 47-то заседание на генералното собрание се вели "прием на нови членови во ООН", не споменувајќи го притоа името на нашата држава.

VII/9

Оваа појава укажува на непостоење на името на нашата земја, а под кое име ќе бидеме примени во организацијата на ОН времето ќе покаже.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ**:(Продолжение)

Сето ова произлегува дека треба да бидеме доследни на името на нашата Република Македонија, дека не треба да се менува бидејќи тоа не имплицира ни аспирации, ни навредувања на соседните земји, бидејќи само со ова наше име ќе бидеме фактор на мирот на овој мал балкански простор, фактор на разбирање меѓусебно почитување.

На почетокот на оваа седница еден пратеник истакна тоа дека нашата земја во однос на признавањето или поточно непризнавањето ги става Србија, Грција заедно со Бугарија, ќе спомнам тоа, дека Република Бугарија меѓу првите ја призна нашата земја, потоа воспостави дипломатски односи, имаме добра економска соработка. Според тоа со Јужниот сосед таква соработка и сите овие проблеми што ни ги прави и наметнува мислам дека не заслужува да биде споредена.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, не би сакал многу да се задржам на периодот од 15 јануари 1992 година, од произнесувањето на Бадентеровата комисија па се до периодот од пред Единбург до Самитот на 12-мината во главниот град на Шкотска. Само би ве пот сетил дека во овој период на сите ѕвона се ѕвонеше дека признавањето ќе биде денес утре, задутре, на први, петнаесетти, триесетти, во јануари, март април итн.. Сведоци бевме на бомбасти изјави како на претседателот на Републиката на Македонија, така и од министерот за односи со странство дека Македонија наскоро ќе биде призната. Сведоци бевме на невидена кампања од страна на т.н. независни средства за јавно информирање, кои што нормално содејствуваа со изјавите на господинот Глигоров, и господинот Малевски.

VIII/2.-

Скоро секојдневно бевме свидетели,слушатели и читатели на звучни наслови дека Атина е во паника, Америка е на наша страна, Европската заедница не може да го трпи и^рационалното однесување на Грција и др. Сето ова не би било трагично ако би било вистина, околу меѓународното признавање на Македонија, искрено би ме радувало. Но господа зошто требаше да се залажува македонскиот народ и јавноста. На кого му беа потребни вакви дезинформации. Требаше отворено и јасно да се каже дека признавањето ќе биде макотрпен и долг процес. Според тоа што го слушавме произлегуваше дека ќе оди едноставно и лесно. Таа битка околу меѓународниот статус на Република Македонија требаше да се вложат сите добронамерни сили во македонската држава, а не да се води приватна политика од двајца луѓе, од претседателот на Република Македонија Киро Глигоров и министерот за односи со странство господинот Денко Малевски. Што сега? Господинот Киро Глигоров и господинот Денко Малевски се заплеткаа во сопствената мрежа која што сами ја плетеа и се најдоа во лавиринта од кој што не можат да излезат. И сега се бара лојалност од опозицијата, наместо да се бара во сопствените коалициони редови, поточно од ПДП и НДП. Впрочем, ВМРО-ДПМНЕ беше првата партија која се залагаше за самостојна македонска држава со сите нишани. И од тие начела нема сила која може да не врати назад.

Но, не би сакал да должам, туку сакам да продолжам со следното. Имавме конструктивна и многу корисна расправа за изнаоѓање на прифатливи решенија. Куса и штура изјава на претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров, после средбата со премиерот на Велика Британија Џон Мејџор и шефот на Британската дипломатија Даглас Херт. Дали беше конструктивна и корисна, е под знак на прашање, со оглед на фактот што истите тие британци направија

огромен напор да ни ја накалемат додавката Скопје, што за жал ја прифати и министерот за односи со странство Денко Малевски, а и господинот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров. Божем, прифаќањето на додавката Скопје е знак на добра волја на Република Македонија. За пратениците на СДС воопшто не сакам да дискутирам, еднодушни беа во оценката дека додавката Скопје не значи промена на името. Ваква беше состојбата пред Единбург, пред самитот на Европската заедница во главниот град на Шкотска. Кога после Единбург доживеавме нокаут, топката ја префлија во Обединетите нации, во Советот за безбедност. Иако пред една година пред оваа иста говорница претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, не уверуваше дека македонското знаме до крајот на 1992 година ќе се вее пред зградата на Обединетите нации. Очигледно се направени грешки во чекори и тоа од дворецот без кормилар господинот Киро Глигоров и министерот за односи со странство Денко Малевски.

Но што сега господа пратеници. Единбург помина, но катастрофално, барем за нас. На ред е советот за безбедност при ОН. Кога сум веќе на прашањето околу приемот на Република Македонија во ОН како првостепено и најбитно прашање во овој момент за поширокото меѓународно признавање на Република Македонија, се наметнуваат повеќе прашања и констатации.

Пред се, за низата нејаснотии во активностите на државното раководство и официјалната дипломатија. Ова го потенцирам, бидејќи во изминатово време од една година, сведоци на низа шпекулации и манипулации, колку и што е направено за приемот на Република Македонија во ОН. Во оваа смисла би ве потсетил на соопштението од Министерството за односи со странство во кое меѓу другото се вели:

VIII/4.-

"Претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, вчера упати писмо до Генералниот секретар на ОН Бутрос Гали, во кое што повторно, како и писмото од 16 декември 1992 година се инсистира за прием на Република Македонија во Обединетите нации, веднаш да биде циркулирано до Советот за безбедност и да биде ставено на дневен ред." Индикативно е и тоа што од министерството за односи со странство се тврди дека Македонија уште во јуни 1992 година барала членство во оваа организација. Индикативно за мене е исто така и известен телефакс кој што проциркулира и овде во Собранието на Република Македонија, испратено од некојси господин Тукаќ од Филаделфија кој најверојатно работи во Обединетите нации, испратена на 4 јануари 19 9 3 година, во кое меѓу другото се вели дека Бутрос Гали нема добиена официјален документ од Република Македонија во врска со приемот. Имам впечаток дека токму овој телефакс крена доста прашина во министерството за односи со странство и кога на ова ќе се надврзат изјавите на Денко Малевски дека самостојна Македонија само без него и неговата ЈУ-опција, работите се сведуваат на две работи, дека се работи за смислена диверзија околу приемот на Република Македонија во ОН или се работи за незнаење или за неснаоѓање во дипломатските односи.

Во овој контекст важно е да се слушне и за активностите на господинот Денко Малевски при последната посета во Њујорк. според соопштенијата што константно ни пристигнуваа од министерството за односи странство за и околу активностите на господинот Денко Малевски во Њујорк околу приемот на Република Македонија во ОН и дека тие активности, барем според соопштенијата, беа секојдневни дека заврши првата рунда разговори, па втората, па третата рунда па се закажани нови консултации, па четвртата рунда и така се до дванаесет рунди, за што верувам дека тешко би ја издржал и професионалец а не господинот

Малевски. А сето тоа ако се запржи со извештајот на доспиникот Макпрес или Македонската телевизија од Њујорк - Камелија Шојлевска, се добива впечаток дека господинот Малевски немал време ни за спиење од преголема активност, а резултатот од тоа е еднакво на нула, значи поразителен.

Во контекст на гореспоменатото, мора да се осврнам и на составот на екипата која го придружуваше господинот Малевкси, а тоа се госпоѓата или госпоѓица Мирјана Крајачиќ, некогаш вработена во СКМ, Александар Тавчиовски, Јони Пановски и некој си господин Ташковски, ако не се лажам последниве двајца се дојдени од бившиот сојуз на секретаријатот за надворешни работи. Значи се работи за комплетна екипа на КУ и ЈУ опцијата, која им лежи на срце. Факт е дека господинот Малевски ги одбира своите соработници а не тие него. Значи собираат луѓе што се истомисленици а не неистомисленици.

Кога на сето ова ќе се додаде изјавата на господинот Киро Глигоров дека кога би одбрал меѓу шесте министри за надворешни работи од бившите ЈУ-републики пак би го одбрал господинот Малевски и целата екипа на Југословени се комплетира.

А што се однесува до името кое наводно би имало привремен карактер т.е. поранешна југословенска Република Македонија, не смее воопшто да се размислува а не да се прифати таква солуција. Господа, никој нема кредибилитет да го преземе тоа врз себе. Впрочем, не треба да се залажува дека името што официјално би се промовирало во Обединетите нации би било привремено. А според најновите информации, очигледно дека името, поранешно Југословенска Република Македонија е готова работа што се однесува до Советот за безбедност при ОН. Се знае дека одговорот на Владата ќе биде негативен.

VIII/6.-

Што се донесува до повторната арбитража, главен збор ќе имаат Франција и Велика Британија, а со нив имаме премногу горко искуство од 1913 година, од Букурешт.

Исто така околу името што би сакал да го кажам е следново, имено нашата поврзаност со некакво си југословенство, господа воопшто не држи. Пред се во некогашното кралство на Србите, Хрватите и Словенците не бевме конститутивен дел, т.е. бевме колонија на Србија. А влегувањето во Авнојска Југославија не беше по желба на Македонскиот народ. Господа така треба да се презентираат работите пред Европската и пред Светската јавност. а ние да се спасува Југославија со некакви си платформи Изетбеговиќ - Глигоров, кога на сите им беше јасно дека вештачката федерација односно фантомската држава веќе одамна не постои.

Следствено, битно е да се слушне и следново: грешките на официјалната политика на Република Македонија се очигледни. Словенија и Хрватска исклучиво се потпреа врз оние сили кои што своевремено не учествуваа во поделбата на светот и на интересни зони во него. За разлика од нив Република Македонија на чело со господинот Киро Глигоров и неговиот личен министер Денко Малевски тргна во сосема погрешни насоки. Господа пратеници не можеме да очекуваме признавање и влез во Обединетите нации од државите што ја парчосаа Македонија. Не можеме да очекуваме Митеран да ја признае грешката на Клемалсо. Не можеме да очекуваме поддршка да кажеме од пријатели на Грција. Затоа се прашувам, дали господинот Глигоров и господинот Малевски беа свесни за ваквата состојба? И ако беа свесни, зошто не се потпреа врз силите кои што многу значат во Европа и во Светот. Зашто ни се потпреа врз Русија и Германија, кога нивните симпатии се очигледни спрема нашата држава.

Но, не можам да се оттргнам од впечатокот дека свесни се вршеше и сеуште се врши диверзија во борбата за меѓународно признавање на Република Македонија. Затоа, според сите овие аргументи, со чиста совест можам да кажам дека комедијата заврши а комичарите треба да се симнат од сцената.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 14,45 часот.

(Седницата прекина во 13,40 часот.)

IX/1 пј/вц

**СТОЈАН АНДОВ**: (по паузата)

Да продолжиме со работа.

Господинот Наиф Мустафа: (не е тука)

Дали е тука Иван Иванов? (не е тука)

За збор се јави господинот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници, почитуван господине претседателе, Нервозата и трпението во очекување на одлука за името на државата расте. Ова е основната карактеристика на ова четири- дневно заседание на нашето собрание. Службено барање за тоа немаме. Расправаме превентивно да не доаѓа до тоа. Сите би се сложиле до тоа да не доаѓа. Уште во почетокот ја поддржувам информацијата на Владата на Република Македонија за досегашните активности на Републиката за прием во организацијата на ОН и меѓународно признавање од страна на ЕЕЗ. Ваквите активности од страна на надлежните субјекти со устав определени треба да продолжат и понатаму. На една од минатите седници јасно кажавме дека сме за признавање на Република Македонија со постојното име и нејзиниот прием во светската организација. Сега го поддржувам меѓународното признавање на Република Македонија и нејзиниот прием во светската организација со нејзиното име кое го заслужува и си го носи.

Друго е прашањето како ќе не вика некој ако има намера да не вика поинаку . Засега предлог службен како таков немаме. Оттука, не гледам грешки во водењето на надворешната политика на Македонија. Пропусти можат да се најдат. Нејзината ориентација и појдовните позиции се мироѓубиво решение на проблемот со дијалог и демократски средства и процедура. Секоја агресивност, која евентуално се слуша да се применува би ги разнишала алтернативите на соживотот на

коегзистенцијата на дипломатската и другата соработка. Не гледам ни фијаско, ни пропаст на нашата дипломатија чија ангажираност е на линијата меѓу можното и тоа што треба и што се бараат. Истовремено не гледам ни дигресија, ни диверзија од генерално проектираната надворешна политика на Републиката која го води. Ова е суштинската страна на проблематиката по која расправаме. Се разбира тука и можам да престанам, впрочем тоа е и доволно. Но, јас како и другите кој секој рече по нешто, а не е во врска со тоа би се задржал на некои формални елементи кои ја сочинуваат надворешната политика, а која се рефлектира и во надворешната политика, создава суштина и содржина во политичката активност и политичкото ангажирање. Сите патишта водат во Рим, вели еден филозоф, но треба да се избере најкраткиот најсигурниот, побезболниот и најсоодветниот пат. По овој пат се обидува да се оди и по овој пат оди нашата дипломатија и тоа е добро. Евидентно е дека тој пат е трнлив со бариери, пречки, а во тоа треба да се истрае, но заеднички со добронамерни цели без супремации и антагонизирање на интересите. Да не градиме односи врз основа на импровизации и случајности. Зашто, претендираме на стабилна современа држава, перспективна, модерна, цивилизирана. Конкретно имаме ситуација и состојба. Ситуација е името на Републиката кое го поддржуваме не сега и порано, секогаш го поддржувавме и состојба, непризнавањето. А се залагаме да се признае со име Република Македонија без префиксот бивша југословенска. Инаку, тоа асоцира и на многу други работи, кои овде не се предмет за разгледување. Ова што го правиме денес, дами и господа пратеници е голем чин на смелост и верувам дека мнозина ќе посакаат лично да се обратат до Советот за безбедност и да бараат да се решава прашањето на Република Македонија како што е тука, како

што тука се сака Република Македонија и никако друго. Јас со ова се слагам. Можеби утре ќе им се заблагодариме на светската организација и за алтернативниот пристап. Времето тоа ќе го потврди. Фрустрациите настрана да останат на сите. Кратковидоста и огорченоста одат секогаш заедно и тие во коалиција можат да доведат до акција една цел и добронамерна да е да пропаднат. Затоа, да внимаваме што се прави со нас и што се прави околу нас. Иако одделни прашања од меѓународното признавање на Републиката повеќе пати се разгледувани во овој Парламент, меѓународното признавање сепак не е реализирано. Значи, не сме признати, но ние живееме и добро е да посочуваме мирниот живот и по цена на одлагање на признавањето. Само може да се оддолжи овој процес, а Републиката Македонија ќе се признава со тоа име што го бараме. Но, сакам да потенцирам дека на овој план не отсуствуваше организиран пристап кон остварување на оваа цел. Прашање е дали се искористени сите можности нашата повеќенационална Република Македонија да го разреши овој витален и суштински проблем, што е секако од историско значење многу од порано отколку денес. Во оваа насока иако меѓународното признавање е приоритетна задача за Републиката и за сите граѓани на Македонија, јас морам да забележам на овој план и задача беа ангажирани исклучиво македонски политичари, а се заборавени албанците, турците итн., кои исто така се заинтересирани за Македонија, за нејзиното меѓународно признавање, се имаше недоверба кон нив или посреди има нешто друго. Ако на македонското население живеат тука, ја сакаат демократската Македонија, сакаат таа да биде рамноправна и нивни дом, заедничка куќа тогаш се и одговорни и компетентни за признавањето и за нејзината иднина, среќна и богата. Затоа, меѓународното признавање на

Републиката не е проблем издвоен само за македонците, туку се испреплетува со сите други нејзини националности. Дури може да се рече дека овие други претставуваат значаен фактор и тие не можат да се маргинализираат, да се стават настрана, седите вие таму итн. До душа сите меѓународни делегации кои престојувале овој став е изнесен дека албанците сакаат да останат тука, да живеат соживот и да се признае Републиката. Го истакнав овој фактор и заради фактот што албанците и другите се политичка реалност и тие треба да се ангажираат во сите сфери на политичкиот живот, дипломатско - конзуларниот живот, економските претставништва во светот. Само така може да се афирмира Република Македонија како заедничка, демократска и рамноправна држава. Изоставувањето на албанците настрана има негативни реперкусии што можат да се насетат и во внатрешните односи.

Мораме организирано да настојуваме грижата за граѓанинот на Република Македонија да ја поставиме на прв план. Политичката сигурност, социјалната безбедност, надминувањето на психичките тензии создадени заради досегашното непризнавање треба да се сфатат како реалност во ова време со многу непознати, со дилеми и проблеми. Совладување на стравот дека овде ќе се случи БиХ,етнички сукоби, убиства, масакрирања на посреден начин ќе влијае и влијае врз успешното меѓународно признавање на Републиката. Психологијата на несигурност и на нетрпение се проширува со голема брзина. Склон сум да верувам дека луѓето се чувствуваат излажени па и изманипулирани со процесот на меѓународното признавање. Јас сум свесен дека не се разбирам во надворешната политика, ниту пак претендирам нешто поголемо во оваа сфера, но едно ми е јасно, а тоа е дека треба да спроведеме фрагматичка и сеобразна со реалностите надворешна политика. Оттука надворешната политика однапред е упатена на компромиси.

Изнесените забелешки беа неопходни за да се приближам до основната цел и до основната тема. Причинско последичните врски на непризнавање. Ова се сведува на три основни прашања.

Прво, колкав е придонесот на непосредните субјекти во признавањето на Република Македонија, за што одговор дадов уште во почетокот дека се слагам со целокупните активности кои се преземени на овој план и на македонската дипломатија.

Второто прашање каков е односот на надворешниот фактор кон признавањето.

Третото прашање дали постојат некои внатрешни правни и политички односи кои го забавуваат признавањето заедно со надворешниот фактор го отежнуваат односно го одолжуваат. Јас мислам, а сакам тоа да не биде вистина дека непризнавањето на Република Македонија не е ујдурма само на Грција туку и тие кои неа ја поддржуваат пред се мислам на северниот сосед. Но, на тоа многу му помагаат сили кои внатрешните односи ги држат постојано под тензија, несредени, што многу му одмагаат на меѓународното признавање. На пример, да поаѓаме од расправата на оваа седница. Наместо да се прави обид заедничките точки, добрите страни, проблемите кои не згрижуваат, поедини колеги наоѓаат само црно и ги бираат само тие црни точки кои не раздвојуваат, обвинувајќи ги само албанците како фактор на непризнавањето на Републиката. Треба поинаку да размислуваме во создавањето на политичката клима внатрешна и надворешна.

Прво, има колеги кои знаат само да бараат, а не и да даваат. Многу убаво беше речено да одат пет албанци во Тирана и да го замолат претседателот да ја признае републиката Македонија. Ништо повеќе не бараме. Идеално, совршено и добро. И јас потполно се сложувам. Но, изгледа се заборава дека многу прашања можеме да ги решаваме овде

без да бараме помош однадвор.

Второ, евидентни се провокациите во внатрешната политика. На пример, инсистирање бездруго на национална држава. Не прифаќање на граѓански модел на држава. Не донесување на значајни закони, кои исто така придонесоа за стабилноста на внатрешните односи, Се игнорира повеќе националниот состав на републиката. Се негира развојот на мултикултурата. Се бара чиста Македонија. Се бара обединување на сите македонци. Тоа е идеално, добро е, но за тоа треба време. Се наметнува хегемонизам, се манифестира популизам и национална еуфорија во разрешувањето на политичките и меѓунационалните односи во Македонија. Меѓунационалните односи сакаат да ги решат по нивни аршин и терк. Се што расте со што расте и меѓунационалната недоверба. Се создава вештачки страв од албанците и антиалбанско расположение што не е добро ни за внатрешната, ни за надворешната политика, а грешка е во антиалбанството да гледа триумф на републиката Македонија. Да не заборавиме, колеги, дека сето ова некој го регистрира, опсервира и после тоа се одлучува. Значи, се врши заобиколување на суштината на проблемите, а тоа е дека Република Македонија е заедничка куќа и дом на сите нејзини граѓани. Оттука демократијата е еднаква, а друго е што секој има свој концепт во демократијата и тоа се обидува да го спроведе на штета на другиот. Се нарекува актуелната влада комунистичко – болшевистичка - албанска. Со ова се иритира македонскиот народ и албанските пратеници и министри. Тоа не е комунистичко албанска влада. ТОа е политичка влада, партиска влада. Тука учествува само ПДП, а не и НДП и албанскиот демократски сојуз - Либерална партија. Тоа е социјалдемократска, просперитетна, либерална влада. Синтагмата комунистичко албанска Влада е нереална и тоа се употребува или да се излаже народот или од љубомора. А ова е битен момент за

надворешната политика и за внатрешните односи во Републиката. Ваквите внатрешни односи создаваат конфузии и во историјата и во политичката реалност. Овозможуваат болни амбиции и перспективни аспирации. Овозможуваат ништо друго освен лов на вештерки. Изливот на горчина и гнев спрема албанците води во непродуктивна и стерилна расправа. Јас се залагам и сите треба да се залагаме да развиваме едно подлабоко проблематизирање на нашата иднина, а тоа значи секој да се ослободи од своите политички болести и баласти и од националниот егоизам. Доверба со лаги и невистини не се гради. Разговор со глуви е непродуктивен. Со таков разговор не се оди напред, туку талкаме на место. Сакаме или не Македонија е повеќенационална заедница и оттука се развиваат култури, се богати животот, се создава визија за демократска Македонија. Секое негирање на повеќенационалниот состав на Македонија создава политички априоризам радикализам во однесувањето и на другиот. Ова не треба да се случи и не е добро. Греши тој што се радува на несреќата на другиот, а среќата господо треба да се бара и тоа е Македонија и таа тоа го прави. Но, и покрај тоа евидентно е дека македонците, Македонија е хендикепирана заради непризнавањето. Но, треба да се истрае да се сочува трпението, зашто трпението е најголема храброст во актуелниот момент. Но, и покрај тоа разумниот свет денес или утре ќе го признае Републиката зашто води поголема сметка за граѓаните на Македонија и околу нив. Од сето ова произлегува заклучок дека конзистентната надворешна политика на Републиката треба да продолжи со сета своја сила и одговорност, со сета аргументација која ја имаме во Парламентот и надвор од него. Да се истрае во одлучноста на историските факти, да се залага и понатаму Македонија да биде признаена по своето историско име Република Македонија без никакви, додавки, придавки односно префикси бивша југословенска република Македонија, туку само Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам убедување дека малку се оддалечуваме од самата тема и многу се повторуваме во самите дискусии. Предлагам наредните дискутанти да ја резимираат својата дискусија и мислам дека во тој однос ќе помогнат заради рационалноста и економичноста и да не зборуваме уште 2,3, па можеби и 5 дена, бидејќи темата е многу широка и не верувам дека ќе најдеме крај. Гледате дека почнуваме со меѓунационални односи, со материјалната страна итн. и покрај тоа што темата е децидна Информација за меѓународно зачленување на нашата држава во ОН. Во таа смисла предлагам да ја резимираме дискусијата или да ја приложат. Мислам дека понатаму можеме да извлечеме еден посебен заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа процедурална напомена не ми дава право никого да обврзам со ништо. Тие договори се прават само на почетокот на расправата, а тоа е со деловник регулирано. Никој нема право сега од некого да инсистира, Ние можеме да упатиме апел, тоа е само апел. Она што навистина можеме е следното. Денес да работиме подолго, што може подолго со оглед на сите што се најавуваат барем утре во некое пристојно време да завршиме. Инаку, постои опасност да тераме којзнае до кога. Затоа, бидејќи никакво друго ограничување не постои како можност да се наметне, предлагам денес да работиме што може подолго.

За збор се јави господин Георгиев.

IX/9

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ќе се потрудам претходната процедурална забелешка на некој начин да ја вградам и во мојата дискусија со тоа што сигурно дека не ќе можеме да одбегнеме од она што еве три дена го расправаме, а дека поединечно не учествуваме во една расправа која што од сите нас бара локација на одговорноста за она што сега е направено во делот на меѓународното признавање на Република Македонија и приемот на Република Македонија во ОН и она што следи за донесуваше на, би рекол, одговорна одлука за понатамошниот тек за признавање на Република Македонија.

Сметам дека нашата расправа во овие три дена е лоцирана во делот на нашата одговорност и во тој поглед сакам да изнесам и еден мал коментар ќе дадам во делот на она што и во информацијата е изнесено, а посебно министерот за надворешни работи д-р Денко Малески го потенцира во делот на усменото излагање на Информацијата како додатен дел на она што е постигнато и она што не очекува во делот на, овој пат, на меѓународното признавање на Република Македонија. Неспорно е дека се утврдени на еден соодветен, мирен и демократски начин границите на Република Македонија и сметам дека тоа е една голема придобивка што на одреден начин веќе Републиката го оствари својот суверенитет.

Посебно беше потенцирано и придобивката во делот на докажувањето на неспроведливоста на Лисабонската декларација, но сметам дека еден таков оптимизам ќе се оствари дури тогаш, откога ќе заврши овој сега отпочнат процес со најавената нацрт- резолуција од страна на трите членки на ЕЗ.

Посебно сигурно би го потенцирал, иако од тоа немаме многу ефекти, но во секој случај присутно е и тоа се остварените симпатии и

посебно на нашето однесување, најверојатно кон ова што сметаме дека е остварена цел и нашата забелешка дека ги имаме освоено симпатиите во преговорите што се остваруваа на сите нивоа, сметам дека треба веќе натаму во наредните разговори да се укаже на тоа, за конечниот став по однос на таквите симпатии, односно конечната поддршка на Република Македонија за нејзиното примање во ОН.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ** (продолжение)

Со еден збор да не дојде само да констатираме дека игравме добро, ама играта, односно резултатот е на наша штета. Јас посебно ќе се осврнам на она што сега провејува и во рапсравата, а посебно е потенцирано и лоцирано само на прашањето на противењето на соседна Грција за остварување на тоа право на граѓаните на РМ за меѓународно признавање. Сметам дека не е само противењето во делот на името, а тоа веќе овие денови во средствата за јавно информирање можевме да прочитаме е проширено веќе и со други барања кои што се најверојатно дел од таа нацрт- резолуција за која што денеска ние не расправаме, затоа што ја немаме пред нас. Се надевавме дека ЕЗ притисната од внатрешните интереси и грчкото противење за признавање на РМ ќе биде на одреден начин во функција да она што не можеше да го направи, посебно членките на ЕЗ единаесет мината во рамките на ЕЗ истото да го сторат во делот на отворениот процес на меѓународно признавање, односно на прием на РМ во ООН. Но, видовме дека тој наш оптимизам, или таа наша проценка сега не се остварува и оттука сметам дека треба најверојатно веќе да се сврти вниманието на донесување на други одлуки кои што ќе бидат на одреден начин во функција на изградување на еден наш јасен став и делот на нашето компромисно попуштање заради остварување на одредени заеднички цели сметам дека би требало да се затвори во еден друг круг. Да се укаже на она што може, а она што не може сигурно јасно да се каже и оттука никој да нема право да дава отстапки за она што на одреден начин посебно е истакнато во делот на таа десетта точка на самиот меморандум. За понатамошно сигурно наше изјаснување, или определување, а воедно и лоцирање на нашата одговорност, сметам дека е потребно да се даде

одговор на повеќе прашања, Но, тие прашања јас само ќе ги истакнам, без да барам во нив посебна елаборација, затоа што сметам дека имајќи ја информацијата ваква каква што е, немаме доволно материјал за да можеме конкретно да бараме и одговори на одредени прашања што ќе уследат најверојатно во делот на нашата расправа кога ќе дојде нацрт-резолуцијата и по неа да се изјаснуваме.

Прво, дали за прием на РМ во ООН е потребна согласност од Владата на РМ, а сигурно тоа барање е во функција на она што сега на одреден начин е во процедура, а ние го немаме пред нас.

Второ, доколку има таква обврска, дали ќе дојде до званичен предлог од Советот за безбедност, а тоа е веќе на пат, или пак тој предлог ќе биде во функција само на доставување на нацрт резолуцијата од страна на трите членки на ЕЗ и по тој нацрт ние да се изјаснуваме.

Дали, Парламентот ќе расправа по однос на овие предлози, или Владата ќе го задржи своето право на одредено мислење и тоа мислење ќе го достави, а со самото тоа ја понесе одговорноста, или пак на одреден начин вгради во себе и политички поени во делот на таквото мислење. Посебно би истакнал едно прашање во делот на она што сега не можеме да го одбегнеме, присутно е, тоа е што се крие зад додавката Бивша Југословенска Република кога знаеме дека РМ не е бивша Југословенска Република, туку е од поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Што значи дека сега фигурира една Сојузна Република Југославија. И дали во рамките на некое идно разградување во таа Сојузна Република Југославија не се крие и решението за РМ, односно за едно идно име на РМ. И од каде терминот

времена употреба и дали воопшто под такво име за времена употреба дали има некоја членка на ООН досега примено и дали во функција воопшто правнички може да се вгради една таква одредба за времена употреба на ова име. Ова се отворени прашања што не можат да се заобиколат. Сметам дека околу овие прашања ќе биде и расправата што ќе следи во делот на изјаснувањето по нацрт резолуцијата доколку таа дојде на разгледување во Парламентот.

Во дискусијата на министерот за надворешни работи беше потенцирано прашањето потребниот политички консензус. Сметам дека вакви и слични прашања мораат на одреден начин отворено пред Парламентот да се разјаснат ако сакаме да обезбедиме политички консензус за она што е историска придобивка на РМ. По мене РМ да се избори за меѓународно признавање како независна и суверена држава да им се приклучи на меѓународните организации и институции и да стане рамноправен член на светската заедница на слободни држави, но под услов никако без да се жртвува ништо од својот идентитет. Доколку се задирне во идентитетот на РМ сметам дека тогаш ќе се изгуби секаква шанса за постигнување на политички консензус, затоа што нема право никој да разговара и да се спогодува по прашањето на идентитетот на РМ.

Јас посебно ќе потенцирам она што посебно ме загрижи изјавата на потсекретарот Ристо Никовски во делот на неговата посета на трите членки на ЕЗ и сумирање на едно такво негово гледање на она што не очекува. Цитирам "ако Македонија ја прифати нацрт резолуцијата што ја промовира Велика Британија, Франција и Шпанија, таа практично ќе значи нова арбитража во однос на името, државните симболи и членовите на Уставот што ги оспорува Грција". Очигледно во неа се земени предвид пред се грчките интереси за да се спаси образот на ова земја според нивното верување и да се гарантира мирот таму. Што

значи целата намера на таа нацрт резолуција е во делот на она што ние сметавме дека е неспроведлива Лисабонската декларација. Во секој случај во неа се вградени интересите кои што се застапени баш во таа Лисабонска декларација. Од тука сметам дека би требало доста подготвено да ја проучиме таа нацрт резолуција и на неа да и дадеме одговор кој што на од- реден начин ќе биде во функција на задржување, односно одбрана на нашиот идентитет.

Овие денови е проследена информација во средствата за јавно информирање, посебно една информација што е проследена за напорите што се прават на Женевската конференција во делот на градењето на идните односи на Балканот каде што претставникот на Сојузна Република Југославија д-р Љубиша Ракиќ посебно изјавува дека на одреден начин има модел за разградување на бурето наполнето со барут на Балканот. Во тој напис што е објавен во интервју, а во неделниот дневник беше проследен во"Нова Македонија" успеав на одреден начин да прочитам нешто што има големи заднини и оттука мислам дека со резерви треба да се прифатат сите пред- лози што сега се даваат. Тој нивни претставник не наоѓа за сходно Македонија никаде да ја спомне во делот на идните балкански држави што треба на одреден начин да ја сочинуваат доколку дојде до тоа, иако тоа е засега утопија , до одредена економска, или било каква унија на просторот и тоа поширокиот простор на одреден начин што беше заговорен и можеби од поранешниот претседател на Владата на Сојузна Република Југославија Милан Паниќ. Тоа посебно ме иритира и сметам дека сите овие сега отворени прашања што се во врска со можноста, односно за проблемите за прием на РМ во ООН треба доста опстојно да се проучат, доста опстојно треба на нив да им се прииде за да не се влезе во некоја обврска што утре ќе задирне и во делот на идентитетот на РМ. И на крајот само

да завршам, апсолутно сум против грубите напади за начинот на водењето на надворешната политика. Сметам дека толерантно треба да се однесуваме кон она што е постигнато со единствена сигурно обврска заеднички да ги градиме односите во делот на изградувањето на нашиот став за меѓународно признавање на РМ, но сум и против големото величење на успешноста на водењето на таквата надворешна политика, туку на одреден начин во овој момент да ги мобилизираме сите сили. Ако сме направиле некој пропуст во минатото, сметам дека сега треба да се мобилизираат сите сили заради тоа што овој процес сега што е отпочнат за меѓународно признавање да се оствари.

И на крајот после сами себе се критикуваме зошто на крајот седниците ни завршуваат без завршница, сметам дека заклучоците кои што беа понудени од страна на пратеникот Славе Наумовски треба да се прифатат, или на одреден начин да се модифицираат, но во секој случај расправата што сега ја водевме треба да заврши на одреден начин до степенот на кој што денеска сме дошле. Со тоа и да укажам на пребрзаноста и на упорноста на една пратеничка група од поставување, или инсистирање на ова прашање да се постави на дневен ред. Ако ова прашање сигурно го поставевме после два дека кога ќе имаме веќе во рацете и друг документ, сметам дека оваа расправа немаше уште еднаш да ја повторуваме, а таа сега неминовно ќе се повтори во една блиска иднина.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, од пооднапред договорени причини немав можност да го следам токот на целата расправа, меѓутоа на неколку наврати имав можност како отсутен од салата да погледам како тоа изгледа однадвор и навистина би било

корисно за сите од нас да најдат прилика понекогаш да погледнат како самите изгледаме од надвор, заради тоа што се создава една јасна слика дека по се изгледа сите го плаќаме данокот на нашето неискуство, на нашето криво разбирање на парламентарната демократија и ние пратениците и тие што не избраа. Ние практички станавме мајстори за свикување на предвремени јалови маратонски седници, или за изјаловување на седниците на кои што мора нешто значајно, или промптно да се сработи, посебно кога се работи за економскиот дел од нашиот делокруг на работата. Практично самите ги саботираме седниците со долги и јалови дискусии за да им кажеме после на јавноста дека на пример не се донесени систем- ските закони, дека друг ги кочи, дека сите други сме криви, а само ние сме прави. Се што работиме овде како да е предодредено од некои цели кои што не се и не смеат да бидат во моментот приоритетни, на пример да се поткопа актуелното раководство, да се создадат услови за освојување на власта од една страна, или зошто да не, зошто се смета дека во овој момент најмногу на РМ и е потребна легитимна власт, да се задржи таа власт од друга страна. При тоа за народот толку и не е важно што иницијатори за ваквото несоодветно трошење на сите наши капацитети и сили се таканаречените опозициони партии, или пак опозиционерите во сопствените партии. Впрочем тоа е и нивно право и прашање е само на политичка проценка дали е избран правиот момент, зошто крајниот резултат е ист, јалова работа на сите институции на државата, незадоволителни резултати, несигурност и бесперспективност за сите нас. Тој што сака нешто да сработи посебно ако се работи за вакви суптилни работи како што се приемот во ООН, или меѓународното признавање на РМ, тоа не го прави со таламбаси пред целата светска јавност и пред очите на тие што постојано не чекаат во заседа, ги ловат

сите наши грешки и се борат со сите средства против нас. Од почетокот на седницата галеријата, при тоа апсолутно не мислам на претставниците на јавните гласила, а и оваа сала е полна со канети и неканети гости, три четири телевизиски екипи грчки постојано се мафтаат низ салата, ги ловат нашите неодговорни, или одговорни изјави, ги регистрираат нашите неслоги, ги читаат нашите планови, а ние сме комотни како да правиме планови за некаков фестивал на цвеќето, а не за судбински прашања за државата. Ваквиот пристап кон работата на седницата однапред ги предодреди и настапите на учесниците, или приземно без аргументи, без докази, без вистинска потреба да се напаѓа актуелното раководство или да се брани неговата политика и да не се води сметка за реалноста, за нашите можности, за објективните и субјективните околности под кои што работиме, да се зборува напамет без минимум познавања на материјата и односите на сили и да се користат сите оружја од арсеналот на лажниот патриотизам. Затоа и беа кажани толку работи кои што едноставно не кореспондираат со реалноста. Овде незнам по кој пат се напаѓа платформата Изедбеговиќ - Глигоров а не Глигоров - Изедбеговиќ без да се спомене во кој период настана таа платформа, овде по кој знае кој пат се напаѓа платформата со искривоколчување на нејзините цели, божем таа платформа се борела за зачувување на СФРЈ, не мислејќи апсолутно дека станувашe збор за зачувување на неколку стотици илјади жртви, за едни пред- лози кои што доаѓаа и од Словенија и од Хрватска и од сите други републики во времето кога сите се бореа за конфедерација, а другата страна се бореше за таканаречена современа федерација. Овде беа истакнати предлози дека практички сите сме се бореле за референдумот. Познато е дека битката за одлуката за референдум се водеше дванаесетмина дена и дека во средината кога направивме пауза заради Илинденските празници, македонскиот народ беше повикан на побуна. Овде се тврди

дека прашањето на референдумот било смислено за да се оствари можност оваа самостојна РМ повторно се поврзе со некаква Југославија иако прашањето беше наполно смислено само за да имаме што поголем број на плебисцитарно изразена волја на граѓаните на македонскиот народ. Овде се тврди дека сите сме биле за уставот,а се повика јавно да не се гласа за Уставот, овде се зборува дека само една партија и жална би била Македонија ако навистина само една партија и граѓаните што стојат зад неа биле за самостојна и суверена РМ, се премолчува дека во сите изборни програми најмалку стоеше и конфедеративен статус на самостојна РМ која што би била и членка на ООН и сама само би се сложила дел од своите суверени права да префрли евентуално на идна конфедерација . Овде беше кажано дека ние сме си признаени и нема сега што да бараме некои други да не признаваат. Овде беше кажано дека ќе било доволно Македонија досега четири до пет пати да биде примена во ООН само ако јавните гласила во РМ пишувале за тоа, дека ќе било доволно Македонија да биде признаена 4 до 5 пати само ако Министерството за односи со странство ја прифатело платформата за меѓународно признавање на ВМРО -ДПМНЕ, а истовремено на многу средби надвор се викаше дека станува збор за недемократска власт и таа недемократска власт не заслужува признавање. Овде беше кажано дека непризнавањето е резултат на нецелосната ангажираност на сите наши дипломати на недоволно агресивната наша надворешна политика независно од тоа што многу од тие спрема кои што наводно сме требале да бидеме агресивни ги избегнуваат средбите со нашите дипломати , на пример заради тоа што се главни производители на свињи, а сета трговија ја обавуваат со Грција, или на пример заради тоа што се главни

производители на нафта, а целата нафта ја транспортираат со грчки бродови заради тоа што се членки на ЕЗ и си ги почитуваат пред се и над се своите интереси, или заради тоа што чекаат на прием пред вратите на ЕЗ и заради многу такви заради. Беше речено дека надворешната политика нема никакви резултати, а денес насекаде во светот најафирмативно се зборува за РМ , денеска Италија праќа демарши за промптно признавање на РМ. Ја слушнавме жестоката из- јава на поранешниот Дански министер, денеска во сред Атина претседателството на социјалистичката интернационала донесува декларација за промптно признавање на РМ, Европскиот парламент и редица на други наши пријатели и политички сили и организации кои што не поддржуваат благодарејќи на добро водената надворешна политика. Се согласувам дека политиката што нема навреме, во една мера и заради нашето нетрпение да го постигне крајниот резултат мора да има и грешки и ги има можеби и повеќе одошто требаше. Дел од нив се резултат на неискуството. Впрочем еднаш се прави држава по мирен пат, еднаш се бара признание на држава на ваков начин, а дел од тие грешки се резултат и на непознавањето на некои невообичаени осмери на кои што се темелат односите во светската дипломатија. Овде беше кажано дека тоа не ги оправдува носителите на надворешната политика. Се согласувам со тоа, меѓутоа тука се поставува главното прашање, дали тие грешки беа основните причинители и влијаеја пресудно на нецелосното меѓународно признавање на Македонија, или се од типот на грешки кој работи тој и греши и резултат на голем број објективни околности.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**: (Продолжение)

И дали заради нив или зад нив се кријат некој други намери како што беше овде меѓу редови кажано наводно воопшто да не се признае Република Македонија како самостојна држава што беше повторена во некои дискусии и денеска. Само слепилото што го предизвикува временски не добро лоцираната и без поштедна борба за власт може да отвори вакви погледи на работите пред некои од нас и само таа"временски изместена борба" може да помогне на чекор пред целта да ја изгубиме државата за навек. Нејзината судбина од секогаш, па и денес е во наши раце. Јас и во друга прилика реков. Може и да се докажува дека тие што ја имаат актуелната власт во Македонија се предавници на македонското дело, да се докажува дека само дел од македонците се наставувачи на Гоцевото дело и при тоа да се прави се она што дотогаш Гоце не би го направил, дека само еден дел од граѓаните на Македонија се борат за нејзината самостојност и да се успее во тоа по цена да се разрушат темелите на самостојната македонска држава. Тогаш се поставува прашањето во која држава ќе се освојува власта, ќе се владее ќе се управува.

Сега кога се одлучува судбината на Македонија ние и сега наоѓаме простор да ги трошиме сите сили и капацитети на меѓусебни пресметки, поттурања и оптужби, наместо да се обединиме сите и македонци и албанци и турци и роми и власи и срби и сите заедно да ја избиеме таа битка, да ја осигуриме иднината на македонската држава, да ги отвориме битките за власт, за човековите права и слободи, за информативно размрачување на информативно помрачените. Од тука не можам да ги разберам оние кои што во овој момент ја користат тешката ситуација во

која се наоѓаме. Едноставно се користи таа ситуација како гола борба за власт и како борба за острвување на сите недостатоци, натрупани во минатото па некои и сега, за остварувањето на уставно загарантираните права, сега и по секоја цена и ако во некои земји со кои сакаме да се споредуваме тие се постигнати за време од 100 и повеќе години. Не мислиме ли дека ако со ваквите настојувања денес "припомогнеме да се вратиме таму од кај што излеговме" по присила ќе изгубиме сите и тие што ментално не се на власт и тие што моментално не се задоволни со право или без право од правата што ги уживаат.

Почитувани колеги, секој од нас што мисли дека проблемите на нецелосното признавање на Република Македонија лежат само во нашата погрешна надворешна политика или само во Грција, или само во Србија или само во нивните патрони. Се лажата и себе си, а ги лажат и другите. Проблемот на Македонија во целина не е ни во едното ни во другото ни во третото. Проблемот на Македонија се сите тие заедно и сите што кумуваа на поделбата на Македонија 1913 година. Значи, проблемот на Македонија е Букурешкиот договор кој што е во сила и денес. Тој е само потврден во Версај од истите веле сили кој што го имаат главниот збор во светската политика и денес. По осамостојувањето на Република Македонија останува на сила Букурешкиот договор за двата дела на Македонија кој што денес се само Грчки или само Бугарски територии и во нив живеат само грци или само бугари. Самата појава на самостојната македонска држава претставува поништување на Букурешкиот договор на делот од територијата на која што е таа формирана, меѓутоа тоа поништување може да добие меѓународна потврда само со приемот на Република Македонија во ООН или со нејзиното целосно меѓународно признавање. Приемот во

XI/3.-

Обединетите нации, меѓународното признавање на Република Македонија и нејзиното име се тесно поврзани помеѓу себе. Меѓутоа, станува збор за три различни работи. Со приемот во Обединетите нации трајно се поништува Букурешкиот договор и на територијата на која што е формирана македонската држава, а најверојатно делумно и на другите два дела . Не е помалку битно името под кое ќе бидеме примени во Обединетите нации и оттука се сите наши стравувања од предлозите што наводно се усогласуваат во ОН за прием под името Бивша Југословенска Република Македонија, предлог кој што е за нас наполно неприфатлив не само заради тоа што не сме бивша република и не само заради тоа што асоцира на некои поинакви можни разврски на ситуацијата на Балканот туку и заради тоа што директно се коси со потврдувањето на нашиот идентитет.

Меѓутоа, проблемот на името не е основна пречка за приемот и меѓународното признавање на Република Македонија. Тој проблем е измислен и има друга цел. Со правото на вето во Европската заедница Грција најде рачка како да се одлага нашето признавање се до моментот додека нивните пријатели со кои што ја поделија Македонија не се ослободат од проблемите на бившите југословенски простори и не се вратат повторно на прашањето на Македонија. Тоа време сакавично се приближува. Тоа го знаат сите наши пријатели во Европската заедница, некој наши соседи и некои членки на Обединетите нации, изгледа дека само ние не сме свесни за тоа. Приемот на Македонија во Обединетите нации ќе стави крај на сите вакви комбинации и ќе ја обезбеди иднината на македонската држава. Ќ допринесеме ли ние да дојде до одлагање на приемот и да се создадат предуслови за поинаква разврска на Југот на Балканот. Дилеми има многу, но основната  дилема ако се обезбеди

приемот на Република Македонија во ОН секако е името зошто даваат вести дека засега само под едно име, под името Бивша Југословенска Република Македонија ќе може веднаш да бидеме примени во Обединетите нации.

Ние пред средбата во Еденбург расправавме за спремноста да се донесе одлука за промена на името и мнозинството на овој парламент изрази таква спремност. Имавме ли право на тоа. На какви ризици се изложивме и што постигнавме со тоа.

На средбата на дванаесетмината во Еднбург повторно се надвисна опасноста од трето потврдување на Букурешкиот договор зошто тој веќе беше потврден по втор пат со Лисабонската Декларација во која што беше кажано дека нема да не признаат под името Република Македонија никогаш. Ако тоа се потврдеше во Единбург, тоа ќе беше крај на македонската држава. За да падне Лисабонската декларација се бараше да изразиме спремност за промена на името, при тоа постоеше голем ризик, но ние знаевме дека искажаната спремност нема да дојде никогаш на дневен ред зошто одлуката за промена на името требаше да се донесе ако исто дванесетмина не признаат под тоа име. Ние знаевме дека Грција никогаш нема да не признае под името република Македонија и затоа изразивме таква спремност. Со неа и ако станавме најголеми предавници им дадовме можност на нашите пријатели во Европската заедница да ја поништат Лисабонската Декларација, да го вратат мандатот на ЌЕБС за одлучување на македонското прашање, да донесат одлука да не гласаат со единствен став по македонското прашање зошто Франција и Британија се постојани членки на Советот за безбедност и таму во таа согласност би требало да поднесат вето да го прифатат прашањето за одлучување во Обединетите нации и да донесат одлука за помош на РМ во висина од 150 милиони долари. Таа наша

предавничка седница одигра пресудна улога, ги остави отворени вратите за прием на Македонија во Обединетите нации и за поништување на договорите кој што тоа го кочат. Денес се наоѓаме пред уште по- голема одговорност и таа треба да ја споделиме сите заедно. Уште пред повеќе од една ипол година почувствував како ќе се одвиваат работите околу нашето меѓународно признавање затоа и предложив амандман на Указот на претседателот Глигоров за изработување на Уставот под име Северна Република Македонија. Тој амандман беше поздравен во оваа сала. Денес би бил задоволен да бевме признаени под ова име и од причини кој што нема потреба денеска посебно да ги образложувам. Од секогаш сум мислел дека одговорноста кога се во прашање највисоките државни интереси припаѓа на сите и треба да се сподели и затоа треба да располагаме со исти информации сите и со исти решенија и со исти гледишта на работите. Во таков случај немаше да дојдеме до ваков расчекор помеѓу нашите гледишта и немаше да се поделиме на предавници и патриоти. Затоа се залагав за затворен. седница на која што ќе ни беа достапни сите информации и убеден сум дека ќе дојдевме до идентични решенија. Иднината на Македонија е во рацете на сите што сме овде како претставници на народот и на сите граѓани на Македонија и тоа што ќе го одлучиме треба да го одлучиме заедно сите. Друга шанса за вакви одлуки нема да имаме. Или ќе обезбедиме дом на нашиот народ како сите нации во светот или ќе се придружиме кон оние нации кои што можат да се избројат на прстите од едната рака кој што останаа за навек бездомници.

Меѓутоа, иако иницијаторите на оваа седница го имаат правото да ја свикаат тоа е предвремено свикување на седницата. Ние се наоѓаме постојано под притисок, се пуштаат пробни балони за прием под разни имиња. Досегашниот наш тврд став изгледа ги колеба предлагачите и како што се слуша во поново време во оптек се повеќе различити

решенија кој што се многу поповолни од ова најлошото со кое што во последно време во некаква нацрт резолуција се врши притисок пред нас. Ние не смееме да донесеме никаква предвремена одлука. Впрочем тоа не го прават и нашите најголеми противници, Грците кој што не се изјаснуваат по ништо, не се бара во нивниот Парламент никаква расправа по ова прашање ниту се бара некаква одлука на нивната Влада. Денеска ние може да ги подржиме само постојните документи со кој што сме конкурирале пред Обединетите нации, а тоа е молбата за прием под името Република Македонија и Меморандумот што го испрати претседателот Глигоров. Нешто во таа смисла заговараат заклучоците на колегата Славе Наумовски и мислам дали изворно или со одредени дополненија тие треба да бидат предмет на одлука на оваа седница заради тоа што Декларацијата предложена од пратеничката група на ВМРО -ДПМНЕ е само едно дуплицирање на двата актуелни документи со кој што сме настапиле пред Обединетите нации, а тоа е молбата за прием под име Република Македонија и Меморандумот на претседателот Глигоров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Коле Луловски има збор, а процедурално интервенција господин Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**

Ова е единствена можност да протестирам на неодговорниот пристап на господин Ханџиски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа не е допуштено.

XI/7

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Да, во ред, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е процедурална интервенција. Само, ве молам, да не ме доведувате во заблуда и мене и другите пратеници, кога некој ќе бара процедурална интервенција ќе се задржи на процедурална интервенција. Тоа што некој не се согласува со излагањето на некој друг има право кога ќе добие збор да се искаже дека не се согласува и ако нешто се гласа да си гласа на друг начин, но не и на овој начин, ве молам, под процедурална интервенција не смее суштински да се интервенира.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Прво сакам да му се заблагодарам на претходниот дискутант, само сакам да го упатам да се види самиот пред ТВ камерите, за неговиот настап, а не нас да не врати пред камерите. За тоа фестивал на цвеќето господине Ханџиски го гледавме веќе 30-тина години во вашиот политички живот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, шансите на поединци, а вие треба само на Парламентот да се обратите.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Благодарам.

Почитувани пратеници, прашањето за прием на Република Македонија како приоритетно, а веројатно и последна можност за

XI/8.-

евентуално брзо ставање на меѓународен печат на државноста е без друго нај нејасното во активностите на државното раководство и официјалната дипломатија. Ова го велиме бидејќи во изминатиот временски период повеќе од една година благо речено се шпекулирало со тоа што е направено за признавање на Република Македонија од Европската заедница, до приемот на Македонија во Обединетите нации и што евентуално требаше да се направи. Ако не друго, барем се уште го паметиме крајно уверливото тврдење на претседателот Глигоров изречено на говорницата на овој истиот парламент или на митингот во Куманово, на почеток на минатата година дека до крајот на 1992 година нашето знаме ќе се вее пред Обединетите нации. Се прашувам кое бившото Југословенско знаме, но зошто ова досега не се случи. Уште при распаѓањето на бивша Југославија Република Македонија не ги одбра европските принципи за стекнување на сопствен независна држава. Уште во преговорите на тогашните раководства околу распаѓањето на Југославија ние, наспроти раководството на Словенија и Хрватска, па донекаде и Босна и Херцеговина никогаш јасно и до крај не се изјаснивме за самостојна држава. Секогаш на прво место беше опцијата не за изјаснување на самостојна држава туку да се зачува Југославија, а само ако евентуалност доаѓаше можност за самостојна држава. Значи, во контактите со Европа две држави Словенија и Хрватска беа за распад на СФРЈ и формирање на сопствени национални држави.

Две држави Србија и Црна Гора беа за зачувување на целокупниот интегритет на Југославија и само ние со нашата неопределеност и недоследност ја ставивме Европа во дилема. Спортски речено резултатот бил 2:2, 2:2, и 2:2, 3:3. Се прашувам што би се случило ако крајниот резултат беше 4:2 во корист на независни држави. Очигледно

дека промените што се случија во Европа се јасни демократски. Двете Германи се обединија на демократски начин по пат на договор и без крв. Почитуван беше Европскиот принцип. Распадот на поранешниот Советски сојуз се случи на сличен начин, со договор , со јасно изразена волја и со меѓусебно разбирање. Тука беше почитуван Европскиот принцип така демократски формираните нови држави на поранешниот ССР си го заседоа местото во Организацијата на обединетите нации без проблеми и на брз начин.

Последниот пример на распадот на Чехословачка е класичен пример на демократско однесување и јако изразена волја, желбите Чешка и Словачка не беа идентични, постоеше можност и за судар, на подолгите и конструктивни преговори и двете земји излегоа пред меѓународната заедница со јасен став, заедно и во најкраток рок се приемни во сите меѓународни институции. Повлекувам дека на секаде овие процеси завршија без воени сукоби кои денеска ги гледаме на оние што ги нарекуваме Бивши Југословенски простори. Каде бевме ние во ова време, време кога Југославија конечно се распадна и требаше да се бараат нови патишта и нашиот политички дури и физички опстанок. Пред се ние како парламент дозволивме македонската надворешна поли- тика да падне во рацете на еден тесен круг луѓе во највисокиот државен врв. Тоа доведе наместо официјално, ние да имаме полу официјална надворешна политика за која ние не знаевме .како делува. Надворешниот свет заради тоа што беше таква во ена немаше целосна доверба. Наместо да се мобилизираме и знаењето на научните работници и нивниот признат меѓународен авторитет ние се дистанциравме од нив тука е најевидентен примерот со господин Васил Тупурковски прв и единствен претставник на Републиката избран на општи и непосредни избори со тајно гласање.

XII/1.- РД/ЉР

**КОЈТЕ ЛУЛОВСКИ**: (Продолжение)

Она што денес го прави со името на Република Македонија нашата званична дипломатија не му беше контрирано и тој беше отклонет. Во нашите дипломатски активности за меѓународно признавање на РМ, целосно затаи учеството на Универзитетот, на Македонската академија на науката и уметноста, на други научни институции, како и на поединци, научници од меѓународни размери. Затаи формирање на македонско лоби од македонци, уметници, научници, интелектуалци кои студираа и работеа, креираа во градовите Букурешт, Будимпешта, Прага, Москва, Киев, Ташќент итн. кои моментално сигурно биле попотребни од туристичкото патување на последните интелектуалци во Атина. Овие резултати на нашата надворешна политика се такви заради недостаток на еден суштествен елемент во нејзиното водење, немање единствана платформа, доволно е да се прочита Печатот и да се слушнат радиото или телевизијата. Претседателот на Републиката ја користи секоја можност, кога се работи за меѓународното признавање на Република Македонија да нападне измислени од него македонски националисти, како опасност за неговата држава. Како да е оваа држава само негова, а така наречените македонски националисти некои други туѓи непријатели. Тоа се гледа и во текстот на Меморандумот на РМ во врска со приемот во ООН до Будрос Гали. Но, дозволете ми да ве потсетам на режимската пропаганда од петтата деценија во таканаречената заедничка борба за дефинитивното погребување на ВМРО-овците, или на погребувањето на националистите од осмата деценија, завршувајќи со заедничката борба за дефинитивно погребување на таканаречените македонци националисти, а сега терористи. Се прашувам, кога ќе дојде и дали ќе го доживееме конечно пресметката со протагонистите на националниот нихелизам кој не доведе до непријатниот статус ни риба ни девојка, односно држава без државност. Исто така, во говорот на претседателот

XII/2.-

Киро Глигоров Во Брисел на 12 јануари 1993 година, цитирам: "станува неверојатно да ја уверуваме меѓународната јавност дека немаме ниту територијални претензии , ниту било какви инспирации, кон културното историско наследство на нашиот јужен сосед". Претседателот на Републиката јасно се откажува од територијални претензии на соседните земји, затоа јас лично мислам е во рамките на Уставот на РМ и во ред. Меѓутоа, не можам да разберам од какво културно наследство се откажуваме. Дали значи ќе се откажеме до Глигор Прличев и од Сердарот, само дека е напишан на грчки јазик и за прв пат награден и објавен во Атина. Или дали ќе се откажеме од Св. Кирил и Методија само штос е родени кај нашиот јужен сосед Или случајно на најголемиот визионер кој го гледа Балканот во светот како поле на културен напредок меѓу народите. Елимистичкото културно наследство беше и ќе биде. И сега сме Грција на Балканот, на Европа, на целиот универзум за културен натпревар на претходните, сегашните и идните генерации.

Што се однесува до платформата на министерот за надворешни работи можам да речам неговите ставови се од овој момент нејасни и недифинирани, за што сведочи неговиот настап пред ТВ камерите, по неговиот последен претстој во САД и последниот настап во Парламентот, т.р. немање вистинска искреност. Што се однесува до парламентарните партии, тука владее вистинско шаренило и не може да стане ниту збор, за некаква единствена платформа во водењето на надворешната политика. Социјалдемократскиот сојуз заедно со измислените невладини делегации има скоро идентични ставови со претседателот на Републиката и тука нема многу што да се додаде или што да се одземе. Интересно е да се каже дека нивен главен аргумент беше кодошењето на некаквите националистички и фашистички партии од страна на добро пратените претставници на таканаречените

независни новинари испратени во Европа и Американските центри, а во известување на ставовите за надворешната политика на секаде ја прогласуваат како пробугарска партијата на ВМРО-ДПМНЕ; кое према нивните сознанија бараа припојување на Република Македонија со Република Бугарија, или бара некаква голема Македонија, користејќи ја географската карта на Македонија. Во оваа лично се уверив при мојата годишна посета на Канада, во разговорот со високо канадски функционери во Министерството за надворешни работи, ако оваа е нивна платформа за водење на нашата надворешна политика, тогаш не треба да не чуди зошто такви се и резултатите.

Што се однесува до ставовите на коалицијата ПДП и НДП, тие и се познати на нашата јавност. Навидум постои контрадикторност. Во овој Парламент и во Републикава седава поддршка за признавање и самостојност надвор од земјата, се даваат изјави од страна на лидерите на тие партии кои одат против признавањето. За мене е ова само навидум контрадикторност. Сметам дека се работи за смислена политика ко која се штитат сопствените тени интереси и со истите се тргува на меѓународниот пазар. Фактот е ВМР-ДПМНЕ чиј пратеник сум јас во надворешната политика истапува со свои ставови, а во функција на заштита на сопствените интереси, посетите на нашите претставници на партијата во странство се обележани со напади кој актуелната власт, раководството, напади кон претседателот и кон таканаречениот комунистички режим. Се прашувам дали оваа наша единствена одбрана од кога беше реномето на другите партии и институции, дека сме ние партија која пропагира тероризам и фашизам а се залагам за некакви територијални претензии спрема соседите. Оваа е наша одбрана, тогаш ниту одбраната, а уште помалку нападите не придонесуваат за објективната слика на Македонија пред светот. Придонесот на оваа

конфузна ситуација даваат информативните гласила на Републикава, како и нелегално формираната мистична организација Макпрес, пример дописникот од Брисел и Копенхаген, не е никој друг освен некој бивш директор на Факом од Скопје. Имавме да слушаме во последно време и коментари на г-динот Киро Глигоров, можеби ќе се потрудат новинарите, но за улогата на информативните гласила, како и на цели редакции и улогата на поединци на нив, се надевам дека ќе биде разгледана во догледно време на седница на овој Парламент и тогаш ќе изнесам и некој нови вистини за нашата надворешна политика. Во рамките на горе изнесеното евидентно е дека во РМ не постои единствена платформа за активностите околу признавањето на РМ и членството во ОН. Ценам веднаш да се пристапи кон изготвување на истата. За таа цел предлагам претседателот а Републиката да изврши поединечни разговори со парламентарните групи, со давање приоритет кон опозицијата. Ова досега не го практикува за што сметам дека е голем минус во неговото работеше. Принципот на поединечни состаноци со парламентарните групи е редовен начин на работење на претседателите на парламентарните држави, и е краен час и ние така да се однесуваме. Мудроста обврзува да се води во сите средини. Сметам дека е време министерот за надворешни работи да се повлече од својата функција, тоа е мое видување, а парламентарните партии да истапат заеднички кандидат потврден и прифатен за сите. По мое мислење тоа треба да биде личност партиски неопределена, позната во меѓународните дипломатски и научни кругови. Ова го велам и затоа, за да не ни се потврди досегашната практика, претседателот на Републиката ќе се произнесе, ние ќе дискутираме, тој пак ќе се јави, ќе ни одговори на крајот ќе добие аплауз од левата страна. Дозволете ми сето ова да се случи обратно, тоа ќе биде сигурно со добивање на една платформа за

надворешна политика. За мудрите никогаш не е доцна да го видат и одберат правиот пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една напомена што се однесува до текот на седницата. Овде од еден од учесниците во расправата, сега скоро беше речено дек во салата и надвор од салата се шетаат повикани и неповикани со нагласување дека новинари од соседна Грција присуствуваат. Сакам да го дадам следното објаснување. Во салата никој неповикан не шета, освен ако не е претставник на Службите кои без покана доаѓаат, но врз основа на договор кои се прави кај секретарот на Собранието, само договорените сниматели на средствата за јавно информирање овде доаѓаат а новинари кои се влезени, сите акредитирани новинари штом е седницата отворена можат да дојдат и оние новинари од странство кои навреме се пријавиле. И тоа е применето и овој пат.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници,прашањето што при крајот на една сред- ба пред повеќе од еден месец ни го постави еден висок функционер на ОН при посета на нашата држава Република Македонија кој од прилика гласи ќе цитирам: "дали сте вие за меѓународно признавање на независноста на Република Македонија", ме натера длабоко да се замислам и да се прашам самиот себе, како се однесуваме и како поединци и како партии при контактите со странските претставници, односно дали сите се однесуваме со респект и почит кон државата за која велиме таа е нашата татковина. Друга немаме.

Трет ден се расправаме со сета жештина за прашања кои јас мислев искрен ќе бидам дека одамна се има постигнато консензус, без разлика на негативната епизода од седницата на овој Парламент, пред

заседанието на Европската заедница во Единбург. Односно кога пратениците од позицијата со своите дискусии на некој начин неформален се согласија, а тоа и денеска го кажаа на нашето име Република Македонија да му се додаде во зграда и името на нашиот Главен Град Скопје. Се разбира, така ни беше објаснето, така во нивните дискусии провејуваше дека ако тие 12-те мина се одлучат во Единбург да не признаат тогаш. Јас верувајте како христијанин им го опростувам тоа, таа не сакана епизода која на некој начин го подвои народот во РМ.

По кој знае по кој пат расправаме за теми од аспект на водењето на надворешната политика се се сведува на тоа дали некој грешел, колку грешел, зошто грешел итн. Критиката е позитивна работа и честопати критикуваниот ја прифаќа ако е аргументирана, односно ако е со факти, т.е. докажана. Енциклопедиски кажано дипломатијата е умешност во одбрана на интересите на својата држава и можност за придобивање на владите од другите држави за политиката на својата Влада. Односно дипломатијата честопати е замена за последното оружје на политиката, војната. Слушајќи ја досегашната расправа која главно се сведува тоа од една страна често кога се критикува се она што е направено досега во водењето на нашата надворешна политика, односно другата страна тоа го брани, но мене најмногу не загрижува третата страна да ја наречам уценувачката на пратениците од албанската коалиција кој го условуваат нашето пошироко признавање, односно нивната поддршка за прием на Република Македонија во ООН, со услови кои се за мене пред се немегаломански неиздржани од аспект на меѓународното јавно право и меѓународните конвенции за правата на националните малцинства изјавите на високи функционери од партиите ПДП и НДП дадени за странските средства за информирање од типот ќе цитирам:

"во Македонија живеат словени кои се или срби, или бугари и албанци", чудно се совпаѓаат со изјавите на грчкиот заменик министер за надворешни работи г-ѓа Цудеру, дадени при нејзината посета на Кралството Данска. Потполно идентични изјави дава и лидерот на српската радикална странка Шешељ, меѓутоа тоа истото го изјавуваат и членовите на Бугарското ВМРО-СНД од Софија. Мене ме загрижува и однесувањето на некои говорници овде кои во своите долги говори, ниту еднаш не го спомнаа македонскиот народ, односно македонската нација. Честопати повторуваме, а тоа беше кажано овде дека историјата во однос на Македонија се повторува. Сите наши негатори, негароти на македонската нација се повторно во офанзива. Ги тријат рацете од среќа кога не гледаат дека меѓу себе се навредуваме и плукаме како што го правиме и на оваа седница. Односно и за вакви прашања кои се од највитален, државен и национален интерес. Целата настојчивост на грчката дипломатија се сведува на голото негирање на постоењето на македонската нација, тоа го прават од многу причини. Но крајно се се сведува на ако нема нација ќе нема грижа за националното малцинство од другите држави. Односно држава која не и припаѓа на ниту една нација, спрема неа можат да се искажуваат територијални претензии. Всушност, со ваквиот став грците и сите наши соседи што не не признаа досега имаат територијални претензии, без разлика дали го негираат тоа или не Прашањето за прием на нашата држава во ООН може да се третира единствено со нашето уставно име Република Македонија. Јас овде ќе цитирам еден цитат од излагањето на министерот г-дин Денко Малески: "Европа и светот сфатија дека сечењето на врската помеѓу нацијата и државата Македонци Македонија, е нешто што нема да го дозволиме , заради нас самите, зашто така би го загубиле нашиот идентитет и за- ради мирот на Балканот, затоа што така би се повампириле сеништата од минатото, како борба на околните народи за нашите души и нашата земја". Ваква една изјава ги сублимира, ги

отсликува фактичките  состојби односно претходното мое искажување, зошто се противи Грција на нашето име. Овде се наметна изјавата што наводно ја дал г-динот Малевски пред повеќе од една година за неговата национална припадност, односно чувство што ни беше прераскажана овде во овој Парламент. Се наметнува прашањето дали прераскажувањето било важно, или пак г-динот Малевски морам да признам доживеал евокуција по националното прашање. Како да е, цитираната изјава за мене е наполно прифатлива, односно тоа е суштината на грчката фрустрираност и грчкото противеше за признавање на нашето уставно име Република Македонија. Си го поставувам прашањето во која насока еволуирало националното чувство на поедини мои сопартијци.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Или тоа било прикриено кога на пример изјавуваат односно пишуваат дека книжевните дела не треба да се преведуваат од бугарски на македонски јазик, а нивниот бугарски весник во кој се дописници македонскиот јазик го ставаат во наводници односно знаеме тоа што значи, не постои нешто. Ваквата теза, истата онаа на великосрбите дека книжевните дела не треба да се преведуваат од српски на македонски. Чудно некое здружување, господа. ;

Според мене ја слабеат нашата меѓународна позиција и изјавите дека во Македонија живеат само граѓани односно јас сум само граѓанин. Теза која на широко ја афирмираат поедини припадници на таканаречениот лев блок. Тезата дека сме само граѓани е длабоко во себе антимакедонска, антирационална и води исто така во прилог на нашите негатори а посебно на Грците кои во својот меморандум испратен во ООН тврдат дека не постои македонска нација.

Јас овде ги изнесов моите размислувања за тоа како се однесуваат поединци или групи односно партии што според мене создава едно подвојување кај народот.

Приемот на нашата држава, Република Македонија во ООН не е прашање за кое може да се залага само позицијата односно власта или пак тоа право да си го земе исклучиво опозицијата. Прашањето за неотстапување од уставното име Република Македонија е исто таков општоконсенсуално прашање и никој, ниту партија, ниту поединец нема право да го отфрли консензусот односно единственоста.

Овде се искажа мисли дека Република Македонија не е при- мена во ООН поради тоа што режимот е комунистички. Јас се согласувам само со едно дека преодот од еден систем во друг што го зацртавме со нашиот Устав сеуште не е остварен и ако знаеме дека претходниот систем ни беше социјалистички односно како што велевме комунистички

таков можеме да го наречеме дека сеуште е. Еден општествен систем дали е комунистички или не е не влијае државата која го има да биде членка во ООН. Тоа треба јасно и гласно да го кажеме овде, да не го лажеме народот.

Во Светската организација членуваат и земји чие уредување е и комунистичко. Дури и во Советот за безбедност имаме една комунистичка земја, па со едни вакви фрустрирани, би рекол изјави за и околу приемот во ООН можеме да придонесеме таа земја на некој начин да биде против нашиот прием во ООН.

Нашето не ослободување сеуште од претходниот систем може да ни попречи да бидеме примени единствено во некои економско - политички асоцијации или воени, итн., а никако во ООН. Таквите критичари забораваат дека претендентот во нивната и сеуште моја партија за министер за надворешни работи има уште во 1986 година напишано книга во која класиците на марксизмот ги воздигнува до божествени суштества, а творците на таканаречениот македонски национал либерализам кои тогашните кои ги сменија комунисти ги нарекоа дека се националисти, а луѓе кои многу направија за Македонија и македонската нација од 1971 година ги антемисуваат. Јас ќе цитирам една негова изјава во таа книга. Вели: "Доколку во 1971 година не уследеше интервенција на најсвесните социјалистички сили споменатите и низа други негативни појави се заканувaат да прераснат во доминантни тенденции на нашиот развој'.1 На голиот кариеризам господа си мислам сигурно му нема крај.

Го поставувам и прашањето овде во овој парламент дали досега ќе бевме признаени и примени во ООН ако министер за надворешни работи беше од мојата партија. Дали Грците со нивната политика ќе имаат друг однос кон македонската нација. Ви гарантирам дека немаа да имаат, истата работа ќе се случеше. Затоа кога расправаме за вакви прашања од витален национален и државен интерес треба да внимаваме да не го

делиме народот, да не дозволиме тие што не избраа да се чудат и да си велат зошто се расправаат нашиве избраници. Секој државјанин на оваа држава по однос на денешнава расправа, било тоа да е инженер, лекар, земјоделец, наставник, работник, домаќин, невработен и студент може да си постави неколку прашања:

1. Под кое име е побарано Република Македонија да биде примена во ООН. Јас самиот ќе кажам затоа што го видов тој, нашето уставно име е Република Македонија и сите граѓани сигурно ќе си го дадат истиот одговор.

2. Дали е прифатлив меморандумот испратен во ООН како прилог кон нашето барање за прием и како одговор на грчкиот меморандум, на првиот, а сигурно ако треба ќе испратиме, разбрав дека и втор меморандум Република Грција испрати во ООН. За мене е прифатлив, без разлика што за некои констатации во однос на Република Грција односно и некои други мали делови би бил подиректен можеби, се разбира со мал еден процент не се согласувам, но го сметам како одраз на консензусот на сите политички субјекти во оваа македонска држава и како една реалност и стварност.

3. Што може да стори нашата држава ако и против нашето искажано несогласување бидеме примени во ООН под таканареченото привремено име поранешна југословенска Република Македонија односно ако ова решение и против повелбата на ООН ни го наметнат 1 факторите кои одлучуваа и сеуште одлучуваат за светскиот поредок. Јас ќе си дадам слобода и ќе го искажат своето мислење дека Владата во овој случај ќе се чека и ќе се бара, ако нешто такво званично ни предложи одговор од Владата на Република Македонија па ќе и сугерирам такво нешто да не прифати затоа што нема кредит за такво нешто ниту овој македонски народ што живее овде и сите граѓани како државјани на оваа држава Република Македонија тоа право не и го дале ниту имаат право да го дадат.

XIII/4.-

Како политичари и политички партии можеме да се натпреваруваме кој утре ќе им понуди на избирачите и ќе оствари програма која ќе создаде услови за повеќе работни места, подобар живот, културна, здравствена, социјална просветна надградба итн. Во таков еден политички натпревар гласачите ќе се определуваат, демократ- ските решенија и механизми ги имаме зацртани и во нашиот устав итн. Во конкретниов случај прием на нашата држава во ООН нема ваши и наши интереси. Нема позиција и опозиција. Ова е суштината на постоењето на Република Македонија. Нема и не треба да има никакви подвојувања ниту меѓу македонците ниту националностите. Ние македонците и немаме друга држава господо. Ова е нашата држава,Немаме друга матица, ова е нашата матица земја. Затоа господа и вие што сте Албанци, и вие што сте Турци, Срби итн., сите вие имате свои земји матици. Ако сакате, а тоа и го кажувате да живееме едни покрај други со меѓусебно почитување и респект како први комшии, како сограѓани, знаејќи ја историската голгота на македонската нација можете да ни помогнете, како што видни македонски дејци учествуваа во вашите национални борби за создавање на вашите национални држави. Обратете се ќе ве замолам до ООН и до вашите матици земји односно до владите на тие земји за што поитно признавање од нивна страна не независноста на Република Македонија. Сите меѓусебни недоразбирања верувам се решаваат во институциите на системот и Уставот.

(Господинот Мухамед Халили бара реплика)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам никој не е спомнат поединечно па според тоа нема реплика.

Господинот Мукамед Халили бара да постави процедурално прашање.

Инаку вечерва ние мораме да работиме.

XIII/5.-

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас немам ништо против вие да продолжите односно ние да продолжиме со работа под услов Македонската телевизија да врши пренос на седницата на први канал. Инаку јас сега барам консултација со Пратеничката група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, верувајте дека ние немаме никакви аранжмани со Телевизијата и не правиме аранжмани. Седницата е отворена сите редакции се еднакви и доаѓаат овде по своја одлука. Јас никогаш незнам дали има директен пренос или нема ниту ме известуваат претходно, ниту ме прашуваат ниту бараат од мене, ниту на кој канал е преносот. Според тоа немојте да ме претварате во раководител на Телевизијата. Јас само овде раководам.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас во никој случај нема да прифатам тука да бидам соучесник ан една перлава игра на Македонската телевизија да ги укинам сопствените емисии на албански јазик. Затоа Ве молам ако сакате да продолжиме со работа може и без ТВ пренос. Ако не сакате ќе извршам консултација со групата и можете сами да продолжите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во секој случај ние ќе ислушаме уште еден говорник после ќе дадеме пауза за да после паузата продолжиме со работа.

Има збор господинот Ешреф Алиу.

XIII/6.-

**ЕШРЕФ ДЛИУ:**

Очигледно веќе ни е јасно дека не располагаме со кондиција да истраеме на првобитните барања и првобитните определба и за расправа во Парламентот на Република Македонија за единствената точка на дневен ред - активностите на Република Македонија околу приемот во ОН и пошироко во меѓународни рамки.

Денес веќе сме сведоци на трета опција која ја наметнува позицијата и на која господин Андов покажува недозволено висока толеранција, т.е. да ва можност расправата да се развлече со испади во никаква функција, би рекол.

Побараната информација од страна на Парламентарната група и поддржана од сите нас по мое сознание е коректна и крајно професионална т.е. обезбедува доволна ширина и здрава база за расправа во Парламентот во насока понатамошен придонес за уште поинтензивна, поконкретна, поуспешна и попрофесионалан надворешна политика.

Во текот на тридневната расправа ми се чини дел на дискусии одеа во оваа насока, а се друго беше во друга функција која не осеќам за потребно да ја коментирам или да го задржам вашето внимание.

Ценам дека во ова несигурно време,во овој несигурен и нестабилен простор во оваа мала држава во која секој ден стануваме посиромашни малку водиме сметка, сосема малку за првобитните интереси на државата наменува Република Македонија. Скоро сите со мал исклучок по секоја тема, по секоја расправа однапред си ги поставуваме задачите и целите да се дејствува во два фронта, конструктивно во насока на поддршка или деструктивно до нехилистички т.е. недозволени граници на побивање, не прифаќање, минимизирање на се. ВО овие два колосека се развива и тридневната расправа.

XIII/7.-

Сакав или желба ми е во недостиг на сопствени сознанија некомплетни и недокомплетирани информации, признавам не се осеќам способен професионално да придонесам надворешната политика на Република Македонија да биде поуспешна, поплодотворна и попрофесионална заради тоа што не слушнав никаков факт колкав број ан луѓе професионалци се ангажирани во таа политика, каква стратегија е градена, која е претходницата што и претходи во обработка на теренот и воспоставувањето на контактите и ако некој мисли дека министерот поседува магично стапче, тогаш нормално тоа е голема илузија.

Ние дами и господа пратеници во ова ниво на политичка култура и професионализам што ние поседуваме чинам сепак имаме една среќна околност што консензуално без оглед на понатамошни дигресивни ставови и постапувања се определивме од нашите редови за еден човек кој во себе носи децении на активна политичка активност, на еден човек кој поседува огромно искуство, една личност која успеа во меѓународни рамки да повлече внимание кон оваа мала земја Република Македонија која првпат во сопствена режија на прави конкретен чекор да изгради сопствен став без ничие влијание од надвор и да рекламира своја сопствена политика и позиција.

XIV/1/JJ/лј

**ЕШРЕФ АЛИУ:** ( ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Од друга страна ценам, пак, имавме среќа, се најде еден вистински интелектуалец, кого професионалниот политички свет го поддржува и со негова помош и со негови контакти или со овој спој Република Македонија, можеме со сигурност да заклучиме, направи првичен доста успешен и паметен чекор што се направи, изброи еден од пратениците, чинам дека тоа беше господин Ханџиски.

Од друга страна, воопшто не ми е намера да стапам во одбрана на таква една наша одмерена надворешна политика. Сакам да ве потсетам, малку посмело да се осврнеме кон себе си и да размислиме. Да размислиме во целина, во комплексот на проблемот, не онака како нам што ни се посакува или како нам ни се допаѓа. Што е, всушност, Република Македонија? Која е нејзината положба, кои се нејзините предности, кои се нејзините слабости, почнувајќи од внатрешното престројување, поминувајќи до соседите, опфаќајќи го целосно регионот на Балканот, пошироко во Европа и во светот. Чинам дека оваа наша одмерена политика, прави, всушност, најможни и коректни и сигурни чекори. Од сите е јасно дека можното и пожелното се во голема разлика. Но, ние, немаме потреба воопшто да се караме, воопшто да се критикуваме, воопшто да се обезвреднуваме. Понатаму чинам дека во надворешната политика, ако би се барале пропусти и грешки од позиција на национална припадност, тогаш јас кој зборувам би можел да доставам редица забелешки. Вие македонците, воопшто, не сте во право, таа политика да ја омаловажувате, бидејќи досега, за несреќа не чув аргументи. А мене ми е насушно потребен еден постоен или опстоен аргумент. Дури се настојува на интелектуалната ширина во излагањето на министерот Малески да се прошири бројот на субјектите во директно вклучување во поуспешна изградба на таа политика, се најде за сходно,

канонада непрекинати рафали од најтешко орудие, се со цел, во дисквалификација на таа веќе потреба, наша, за такво едно плус вклучување на интелектуален и професионален квантитет и квалитет кој е присутен и во Парламентот и надвор во институциите. Додека работите, чинам, ни стојат доста добро, позиционо Македонија е државичка кон која се гајат многу цврсти и врски и симпатии и за кои ги имаме сите претпоставки што побргу да се добие признание на внатрешен план чинам дека активностите одат во повлечна насока. За што станува збор? Мислам дека доста субјекти дејствуваат без интеграционо да не речам, на рушилачки начин. Дезинтегративно, нормално со некои претпоставки или илузии дека ќе се добие повеќе за подобрување на положбата на сопствените партиски редови и концепции и заправо, би имал смелост интелектуална да подвлечам дека партијата која што се смета за опозиција, всушност, во многу што свесно или несвесно делува дезинтегративно. Делува дезинтегративно со тоа што со самиот факт, таа сеуште настојува, внатре во Републиката да внесе немир. Да внесе несигурност. Да внесе национална нетрпеливост. Да внесе непочитување кон најблискиот. Со една таква политика, за жал Република Македонија нема кај да бара надвор и што да бара од својот атар.

Од друга страна, во оваа република постои културен потенцијал, постои научен потенцијал, постои професионален потенцијал, кој признавам, јас сум радосен ако сум албанец, тој потенцијал е во рацете на македонците, но и во редот на албанците има по нешто. И тој потенцијал за кој Европа не смее да не остави настрана, за кој Европа треба да се чувствува должна кон нас, кон тие вредности што ги поседуваат овие граѓани во оваа Република или овие национални колективитети, нема да дозволи, всушност да не остави така сосема на

страна, без да се ангажира посериозно, проблемот на Македонија да се реши на најбезболен начин.

Јас не би сакал да ја користам оваа прилика да се впуштам во коментирање на голем број на импутации, невистини и полувистини кои што овде се изнесуваат а во името на вистината или претендираат да се вистинити. Во ова Собрание јас од Претседателот Глигоров не сум чул дека се залагал за додавка Скопје. Претседателот Глигоров дословце пренесе став на земја која се ангажира да го реши проблемот. И ние кон земјите што ни предлагаат не треба однапред да имаме хипотеки дека работат против Македонија. И конкретниот предлог е начин за анализа. Но, луѓе, дозволете сите ние сами заедно да го кажеме тоа, и сложно дека Македонија ќе се определи за тоа што сама чувствува потреба и сама што осеќа. Онака како граѓаните на републиката, во прв ред, што се однесува до зборот Македонија, македонците тогаш сите други околу нив, без оглед што се, ќе бидеме од еден збор. И во тоа ми се чини, досега, ниту имало ниту има двојби. Но, оттука натаму веќе кај нас се јавуваат проблемите. Зошто? Затоа што некој си смета дека си е доволен сам за себе. Другиот не чини до него да биде рамноправен. Дека другиот не поседува квалитети, квантум знаења за да биде почитуван, да биде конструктивен и да придонесе оваа заедничка држава стварно да ја чувствуваме сите како таква и навистина од таа позиција на рамноправни делуваме крајно хомогено за реализација на првобитните цели на дооформување на државата и државичката. Ние, всушност, досега не сме седнале за ова да расправаме, ниту интелектуално, ниту како пратенички групи, ниту како партии. Па нормално дека има толку дисонантни тонови од најнизок удар до најголем обид за разбирање кон

кој прво до мене, па кон сите. И што ни останува понатаму. Мислам во оваа прилика вредно е да се подвлече дека албанскиот политички субјект во Република Македонија е кохезивен фактор, а не фактор кој што делува во спротивна насока, на дезинтеграција на Републиката и на интересите. Без оглед на дисонантните ставови, без оглед на конкретните чекори за нагласени или пренагласени моменти, тврдам дека политичкиот субјект наречен албански во Република Македонија, се труди, прави напори во тоа што е професионална политика да биде крајно конзистентен, да биде јасен, да води политика на чисти сметки. Но, од друга страна, тој политички субјект всушност, никогаш не бил сосема оставен на мира за да може да се сврти во мирна атмосфера да врши анализа на сопствените грешки на сопствените пропусти и низ говорницата на овој Парламент да се одземе малку време, повеќе и за тоа. Од друга страна бидејќи јас тоа го чувствувам како долг веќе во овој Парламент за среќа, има тонови, кои што доста смело и доста конкретно и доста коректно зборуваат за раѓање на една нова свест во Република Македонија, дека судбината ни е без алтернатива, единствено, заедничка и ниту едните и ниту другите, едните без другите немаме перспектива, т.е. за нас не постои никаква среќа. Ако е тоа така, зошто ние не се трудиме со заеднички сили, такви заеднички сили да ја градиме таа филозофија, оваа мултикултурно и мултинационална присутност како една предност на граѓаните на Република Македонија како едно богатство на нациите во оваа Република туку сеуште се поткопуваме со сопствените редови, сметаме убаво сме се забарикадирале и пали рафал на другиот.

Мислам дека во овој правец Владата веќе можно е да прави конкретни чекори. Тоа треба да го прават и парламентарните групи. И

колку да изгледа лошо или воопшто розово, јас сметам дека оваа политика со поголема одговорност и на пратениците на Собранието на Република Македонија ќе успее. И оваа држава, всушност, генерациите, сепак ќе бидат благодарни за скромниот придонес што ќе го даде овој Парламент.

Почитувани пратеници, оставете го народот настрана. Секогаш, скоро 100% ни е јасно кога се повикуваме на народот, немаме што да кажеме. Не ни е јасна сопствената позиција. Ни не достасува конкретноста или смелоста да бидеме јасни и гласни и тогаш како параван ние го повикуваме народот. Народот своето го кажа. Тоа што го кажа народот, тоа е оваа слика и прилика - 120 пратеници. Па дајте, да работиме на една повисока свест во народот, барем наредните избори кои некој ги посакува и утре, или се рекламира дека ги посакува утре, а можеби воопшто не, тоа е проблем за кој не треба да расправаме. Да се овозможи да дојде барем за чекор подобар квалитет од нас. Но доколку ние навистина, со нашите глави сме расчистиле, значи сме се определиле, стануваме свесни дека ние не сме доволно продуктивни, не можеме ние да реализираме тоа што и треба на Република Македонија,тогаш јас не сум сигурен во тоа заради единствениот факт, што доаѓаат луѓе од странство, експерти, не молат и ни препорачуваат да почнеме да зборуваме, да разговараме, да работиме на изборниот закон, а ние уште воопшто не сме почнале да зборуваме, а не да спремаме изборен закон. Тоа доволно зборува дека нам не ни е паметот до изборите.

И сосема на крај ценам дека должност ни е ма отвораме пошироко порти и простори за демократијата и демократскиот процес, имено, внатрешна стабилизација, нашето разбирање внатре е клуч на перспективата, на генерациите што ги оставаме зад нас. Друга алтернатива, оваа наша Република нема. Треба да престанеме со

илузии на национал романтизмот или желбата да правам национална држава. Ние сите оваа држава ја чувствуваме како наша. Ако е тоа така, тогаш врз таа платформа дајте да работиме. Еве ве повикувам на конкретна работа, на конкретен договор и конкретна соработка.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, на почетокот сакам да нагласам дека ја сфаќам опозицијата низ два конструктивни елементи. Прво, нормално е кога се остваруваат определени благодети, да ги присвојува, во прилики и услови кога тоа одговара. Второ, нормално е, да критикува, да ги бара грешките и слабостите. Хендикеп е на партијата односно позицијата во конкретниот случај што постојано мора да нуди нешто ново и да каже излезно решение.

Оттука ја оправдувам п тезата што се поставува практично дека внатрешната политика е во функционална врска со надворешната политика. Но, малку ми е нејасно појаснувањето што се посегнува на институтот претседател на државата и институтот министер за надворешни работи, при што и практично се обезвреднува и вложениот труд и пред се, декларираните програми и активности како заедничка цел за остварување, па во крајна линија и неспорното име на Република Македонија, кое е јасно дефинирано во сите досегашни, не само документи туку и со највисокиот чин, референдумот и уставот на Република Македонија.

Оттука не гледам дека е спорно и никој не го оспорува ниту, правото, ниту името ниту партијата на која и припаѓам ниту јас сум размислувам дека е тоа спорно кај било кој од нас од пратениците. Ако е тоа така, малку ме зачудува што си земаме понекогаш слобода, па ќе потенцираме, ќе кажеме - Македонија ја продадовме, а сеуште не е продадена. Името е наметнато да го прифаќаме или не ќе го прифаќаме,

а сеуште се вика Република Македонија. Факт е и едното и другото. Ние нема потреба да бараме признавање, а. факт е дека бараме признавање.

Го потенциравме прашањето дека денеска е моментот е да се гласаше. Некои си зедовме слобода во искажувањето да ја прекрстуваме, после донесувањето на Уставот, дека е некоја бановина а со Уставот е јасно дефинирано дека е Република Македонија. Што министерот за надворешни работи изјавил, добива се поголема тежина од материјалната расправа што е понудена во информацијата.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ**: (продолжение)

Сме ги покренале низа прашања и дадовме тежина дека декларацијата која треба да биде предмет на расправа добива поголема тежина и од претходно усвоената платформа за настап и водењето на нашата меѓународна политика, пред се, дефинирана со Уставот. Го потенциравме прашањето дека нашата меѓународна политика е еднонасочна. Меѓутоа, аргументите кажуваат сосема поинаку. Паралелно со дипломатската активност на Република Македонија насочена кон ЕЗ, која имаше мандат да го реши проблемот на нашето признавање течеше интензивна дипломатска активност низ голем број билатерални контакти за поединечно признавање на нашата држава. Меѓу другото Република Македонија побара меѓународно признавање од сите земји во светот во почетокот на декември 1991 година со писмото на претседателот Глигоров. Република Македонија со писмото на претседателот на Републиката Киро Глигоров на 30 јули 199 2 година бара зачленување во ОН. Покрај тоа Владата на Република Македонија побара зачленување во специјализираните агенции на ОН. Тоа се аргументи кои стојат.

Понатаму, се поставуваше прашањето дали е доставена одлука за застапување или за зачленување на Република Македонија. Меѓу што на предлог на Владата на Република Македонија Собранието на Република Македонија на 28 јуни 1992 година донесе одлука за стапување на Република Македонија во членството на ООН. Барањето на Република Македонија за зачленување во ОН како и декларацијата за прифаќањето на обврските содржани во повелбата на ОН потпишани од страна на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров се упатени до генералниот секретар на ОН Бутрос Гали на 30 јули 199 2 година. Тоа се основните аргументи кои практично говорат како и на кој начин е спроведувана односно применувана технологијата на водењето на

надворешната политика. Некои го покренуваа и прашањето дека сме некоја лебдечка држава. Држава може да биде или држава или недржава. Очигледно, би завршил или капацитетот на овој Парламент е лимитиран или квантумот на знаењето и сознанието е со мали можности, или очигледно сакаме да обезбедиме континуитет во хаотичната состојба. Мислам дека тоа не е во прилог на овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час.

Ќе продолжиме во 18 часот. (по паузата)

Продолжуваме со работа.

Господин Наиф Мустафа.

**НАИФ МУСТАФА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, вклучувајќи се во расправата за информацијата доставена од Владата на Република Македонија за активностите околу приемот на Република Македонија во ООН, сакам да истакнам некои мои размислувања. Прво, мислам дека информацијата е крајно коректна, е во функција на нејзината намена, т.е. е сосема доволен материјал за да се води расправа во Парламентот. Второ, мислам во неа сосема на крајот требаше да се забележат понатамошните предвидени активности на Владата околу приемот во ОН и за пошироко меѓународно признавање на Републиката.

Трето, ценам дека надворешната политика на Република Македонија се води добро, дури би рекол и доста професионално.

Четврто, таа политика ни се допаѓа нам или не се темели исклучиво врз документите кои ние пратениците на ова Собрание ги донесовме и ги гласавме едногласно. Тогаш следствено на горе

изнесеното се поставува прашање, што сакаме ние, т.е. сите тие кои немилосрдно критикуваат и дури се осмелуваат оваа политика да ја прогласат издајничка. Господо пратеници, мислам дека тоа најмалку ни доликува со таквото однесување кон една политика на која не се успева да и се спротивставува по силата на аргументите, се разбира, и се нанесува голема штета на сопствената држава. Јас немам намера да ја бранам нашата званична надворешна политика но должен сум да признам дека за активностите околу темата за која ние расправаме многу ми е тешко да наоѓам сериозни забелешки. Користам прилика да подвлечам дека по мое убедување постои расчекор помеѓу конкретните личности кои се носители на званичната политика и другите или дел од другите. Без оглед на консеквенциите ќе подвлечам дека првите се далеку пред тие. Нарочно во тоа се подразбира професионалната политика и чувството на одговорност. Со тоа не сакам воопшто да потврдам дека глобалната надворешна политика нема забелешки. Ги имам и ги сметам за доста сериозни. Но, сепак треба да водиме сметка дека во оваа расправа не е во ред да се каже се и сешто. Јас ќе подвлечам дека за мене е несфатливо што досега во водењето на надворешната политика на нашата држава не е вклучен ниту еден немакедонец. Ете, не велам албанец, иако тоа треба да се каже. Треба да се каже дами и господо, пратеници заради самиот факт што ние цврсто сме се определиле за модерна граѓанска држава, која за да стане таква треба4 да помине низ неколку фази на развојот и преобразбата. Треба да се каже бидејќи демократската држава подразбира рамноправност на сите, а не право на еден субјект, да му додели или да му скрати права на друг субјект, како што се сака од некои политички субјекти во Републикава

На крај сакам да подвлечам дека тешко ќе се лажеме ако мислиме дека во овој Парламент ќе дадеме поголем придонес, а зборуваме многу, ако се критикуваме без поштедно меѓу себе си. Ако се напаѓаме и се клеветиме, ако вината секогаш ја префрлуваме на другата страна, јас сакам да се залагам за повеќе работи. Меѓутоа, конкретно со што помалку зборови и без озборувања сакам да дадам придонес на најблискиот до мене. Бил тој македонец, турчин или што и да е да се чувствува пријатно слободен, задоволен, т.е. сакам да ми успее да ја враќаме довербата помеѓу нас дека многу националното присуство, присуството на повеќе култури е само наша предност. Ете, сакам да се почитуваме и заедно преку конкретните заеднички работи да се залагаме за што повеќе демократија, за вистинска правна држава, за прием во ОН и за меѓународното признавање. До сето тоа да дојдеме убедени и рамноправни.

На крај ги поддржувам заклучоците предложени од Славе Наумовски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, кога ја добив иницијативата од групата пратеници за одржување на посебна седница по ова прашање ми беше задоволство што се нуди ваква иницијатива и сметав дека таа е добра и корисна иницијатива, која треба во целост да се поддржи и дека е со намера директно и целосно да се информирање за сето она што е сторено и што треба да биде сторено по поднесеното барање за признавање на нашата држава од органите на ОН. Верував дека со седницата и расправата како парламент и пратеници ќе придонесеме во конструктивни оцени во досега

преземаното и стореното од надлежните органи и посебно што ќе можеме да дадеме наши предлози и сугестии за она што додатно треба да се стори за забрзување на процесот на признавањето на нашата држава. Очекував, за разлика од поранешните неколку расправи дека овој пат ќе се ослободиме од јаловата и контрапродуктивна расправа и дека конечно ќе делуваме конструктивно и корисно и ќе помогнеме за признавањето на Република Македонија. На жалост она што се случи на седницата од 9 февруари при утврдувањето на начинот на расправата по предлогот на Владата за карактерот на информацијата а после веќе искажаните дискусии многу е непријатно, а изненадувањето и разочарувањето е уште поголемо што повторно запливавме во поранешните води и што ја губиме повторно добрата прилика за наше корисно делување кон она што е наше право и должност и тоа во многу тешко и пресудно време. Посебно жалам што поединни колеги и пратеници си дозволија да се стават во улога на обвинители, употребувајќи невкусни зборови кои воопшто немаат ништо со темата која е на расправа, а најмалку ќе придонесат за признавањето на Република Македонија. Веќе стана јасно дека дадената иницијатива не била со искажаната намера, а веќе станува реалност дека и оваа седница ќе биде реприза на неколку поранешни седници на кои расправавме по иста односно слична тема.

Се поставува логично прашањето, кому му служи ваквата расправа и што од оваа расправа се помага за меѓународното признавање на Македонија. Ќе се согласиме дека тоа е спротивно на намерите, заложбите да придонесеме за побрзо признавање на Република Македонија. Тоа носи само драгоцено изгубено време и штета по позициите на Република Македонија во меѓународните односи. Веќе

беше истакнато од некои пратеници дека предметната тема бараат државнички однос од пратениците и Парламентот, бидејќи се работи за прашања од највисок национален интерес, пресуден за сегашното опстојување на нашата држава, а уште поважно за понатамошниот севкупен напредок на македонската држава и создавање на предуслови за побрзо решавање на натрупаните економски проблеми на стопанството и животните проблеми на граѓаните. Прашања од надворешната политика на една земја не е мудро кога се остава да ги решава широката јавност. Напротив, мудро е да се оди со решенија кои ќе донесат добро на својот народ. Крајно време е овој наш Парламент работите да ги поставиме на правилно место од аспектот на законската надлежност, стратешките интереси, стручноста посебно саканите цели. Многу е штетно и опасно кога работењето ќе биде погрешно поставено, кога се приоѓа со емоции, нестручно, непрофесионално кон прашањата или се постапува од тесни еднострани интереси, а во кое досега повеќе пати се уверивме. Затоа, предлагам да ја прекинеме исцрпувачката и некорисна дискусија и да се концентрираме и свртиме кон правите прашања за темата за која денес расправавме односно на иницијативата која што беше со намерата да се помогне за доброто на Република Македонија. Во тој контекст треба да ги објективизираме работите за она што е содржано во информацијата, за она што беше кажано од министерот и за она што го слушнавме и слушаме од светскиот печат и да оцениме дека дали претставниците на државните органи ги преземале сите потребни дејствија и дали преземањето е во складот на нивната надлежност односно согласно усвоените документи од Собранието на Република Македонија. Според моите оценки и сознанија работите на признавањето одат многу споро и не се на задоволителното ниво и таквата состојба предизвикува незадоволство, загриженост кај

македонската јавност, а носи и тешки економски проблеми кои од ден во ден се потешки и со потешки последици и се повеќе се осиромашуваат економскиот потенцијал на Републиката, се повеќе опаѓа стандардот на поголемиот број на граѓаните. Сето ова носи реална опасност од настапување на тешките социјални немири што може да ја загрози и опстојувањето на македонската држава. Сепак, мора да се каже дека значаен дел од овие проблеми не се резултат на непризнавањето, туку се производ на други причинители, вклучувајќи ја понекогаш и неефикасната работа на Парламентот.

По оваа расправа сосема природно е да се постави и прашањето колкав е придонесот на државните органи за досегашното меѓународно непризнавање на Република Македонија. Во рамките на моите сознанија јас мислам дека нашите органи преземале и преземаат во континуитет бројни активности, а досегашното непризнавање во поголем дел се должи од надворешни влијанија кои се надвор од можното влијание и моќта на државните органи на Република Македонија. Меѓутоа, сосема е видливо дека со упорното и осмислено делување на државните органи на Република Македонија споро, но сигурно се менуваат работите во корист на признавањето и се повеќе растат симпатиите и спремноста на меѓународната заедница за меѓународното признавање на Република Македонија. Затоа, треба да се има предвид дека процесот на признавањето во сегашните околности е многу тежок и сложен процес соочен со многу сложени прашања кои во поголем дел се зависни од надворешните влијанија. Сето ова бара време и трпение, како и смирен и осмислен однос од сите чинители во државата, а посебно до Парламентот и пратениците. Не би сакал погрешно да бидам сфатен,

XV/8

сигурно дека во контекстот на делувањето на нашите органи можат да се прават одредени забелешки. ВО тој контекст мислам доколку активности на нашите државни органи беа поставени во поширок контекст со повеќе земји членки на ЕЗ пред се мислам на Франција, како и во отворањето на дијалог со Грција, главниот актер на признавањето, состојбите можеби квалитетно ќе се променеа и можеби ќе бевме поблиску до позитивната разврска.

Што се однесува до искажаните оценки и искажувања дека државните органи вршат распродажба на името на Република Македонија мое мислење е и правењето на ваквите оценки мора да се приоѓа многу пообјективно, коректно и користењето на ова прашање во маркетиншки и тешки партиски интереси е непримерно и опасно, бидејќи се работи за прашања од висок национален интерес и прашање од судбоносен карактер. А длабоко сум убеден и уверен дека претставниците на нашите државни органи, тие тоа многу добро го знаат и му пристапуваат многу сериозно и одговорно. Ова не би било коректно да се сомнева, тоа мислам дека досега повеќе пати беше докажано, ова нешто многу аргументирано се потврдува и во одговорот упатен од претседателот на Република Македонија до генералниот секретар на ОН по грчкиот меморандум, каде по сите овие прашања, а посебно и по името се дадени конкретни и прецизни ставови. Затоа, предлагам ние денес да не донесуваме никакви заклучоци во поглед на името. За ова нашите државни органи и Собранието веќе имаат многу јасен став.

Исто така, се поставува прашањето што Парламентот и пратениците можат и треба да учинат за забрзувањето на процесот на меѓународното признавање на Република Македонија. Мое мислење е

XV/9

дека тоа нешто може да се постигне преку следните активности. Оваа расправа да ја привршиме во една толерантна и конструктивна атмосфера со донесување на продуктивни заклучоци. Да ја усвоиме информацијата за досегашните преземени активности и сегашните состојби со изречените забелешки и сугестии, посебно по делот на препораките што понатаму да учиниме и со давање на поддршка на нашите претставници на државните органи на Република Македонија за нивните досегашни активности а со тоа да и го подигнеме кредибилитетот пред меѓународната заедница што е многу потребен и важен елемент во сегашниот момент заради завршувањето на активностите во меѓународното признавање на Република Македонија. Од денешната расправа да не донесуваме никакви заклучоци во поглед на разните предлози околу името на Република Македонија, кои што како што реков се многу прецизно и јасно дефинирани. Да ги задолжиме државните органи на Република Македонија додатно да ги засилат активностите кон меѓународните организации и во меѓународните односи и да го вклучат целокупниот расположив кадровски потенцијал во Републиката во забрзувањето на процесот на меѓународното признавање на Република Македонија.

**ИВАН ИВАНОВ**: (продолжение)

Што се однесува до Парламентот предлагам и ние да иницираме активности со претставниците на парламентите од повеќе држави пред се со оние кои имаат значајно место во меѓународните односи и меѓународните организации каде се ствара мислењето и се донесуваат одлуките, секако со претходно усогласени ставови и една насочена активност. За таа цел , предлагам да изготвиме програма за нашите активности како пратеници и Парламент во содејство со активностите на надлежните државни органи и да допринесеме за побрзи и поуспешни решенија за меѓународното признавање на РМ и за подигањето на нејзиниот углед во меѓународните односи.

Што се однесува до слабостите, направените пропусти во досегашните активности во поедините органи и поединци тоа да го поставиме на расправа по завршувањето на процесот на признавањето и тогаш на основа на силата на аргументите, како и поединечните залагања на пратеничките групи и поединци тоа да го валоризираме во подигањето на сопствениот политички кредибилитет и рејтинг кај пошироката македонска и светска јавност. Верувам дека само на ваков начин ќе допринесеме за доброто на македонската држава и нашиот народ, односно за побрзото признавање на РМ.

**НАУМ СИЛЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, моја лична констатација е по следењето на повеќето дискусии на оваа седница дека не се придржуваме од точката на дневниот ред: Информација за прием на РМ во ООН. Свесни сме дека дискусиите се префрлуваат од една до друга тема, нормално вработена е и постоечкава, но за жал дискусииве веќе преминаа во класичен политички маркетинг што е крајно недопустливо барем на оваа седница. Не се обрнува внимание на самата информација, поточно на нејзината содржина. Мало познавање

на меѓународно право што за жал дел од нас пратениците не го имаат воспримено ниту за лично запознавање Би било доволно да се увиди кои се фази во постапката за прием ги презеде Министерството за односи со странство, како и сите активности кои ги превзеде самиот претседател господин Глигоров. Тука се надоврзуваат и многубројните контакти на Владата, нејзините членови, Парламентот кои со истоимени институции и поединци од нив, од Европа и многу држави од сите меридијани. Мора да се напоменат и многубројните незванични контакти на кои се барани нашите права за прием во сите европски и светски институции. Меѓународно правно треба да се очекуваат званични одговори на сите овие наши барања. Следователно на сите наши активности морално обврзувачки е претставниците на земјите до кои се датирани барањата да се произнесат позитивно и со тоа ја исправат вековната неправ- да која бдее врз македонскиот народ, македонската држава и сите нејзини граѓани. Во контекст на оваа политичка борба која мораме да ја добиеме ќе искажам мислење за моменталната економска ситуација во земјава која ја оценувам како крајно критична. Санкциите кои се воведоа кон СР Југославија преку резолуциите донесени од ОН индиректно, но во значително поголем обем ја погодија и Република Македонија. Производните капацитети работеа со сосема мал дел процентуална искористеност. Голем број веќе и се затворени, а значителен број се наоѓаат пред тој чин. Социјалната тенија е достигната до точка на вриење. И она малку што се произведува веќе е проблем да се дистрибуира во странство благодарејќи на сообраќајната блокада која ја доживува Македонија. Во вакви услови се одвива и оваа тридневна седница на Собранието на РМ, седница која за мои размислувања треба да биде седница за заемно сплотување и обединување на мислата и

идејата за Македонија, секако поткрепена со документите кои ги имаме добиено пред нејзиното започнување, а тоа е Извештајот за превземените активности за прием на РМ во ОН и меморандумот кој е проследен од господинот Киро Глигоров до господинот генерален секретар на ОН господинот Бутрос Гали. Многу малку се задржавме на овие два документи кои правно политички и историски се фундамент за признавањето. Наместо тоа расправата која се води ми наликува на една борба за самоуништување, не се сака да се добие никаков консензус за претпоставените прашања. Во дискусиите се критикува работата на челните луѓе на РМ, а не се кажува која е таа алтернатива за разрешување на проблемите. Се покренуваат прашања за активности, а кои се веќе извршени и нагласени во Извештајот и меморандумот. Воопшто нема самокритичност за сопствената работа. Од оваа говорница беа искажани мислења дека можеме да опстанеме и без име, дури се отиде до таму да се нарекуваме и северна Грција. Ова го истакна господинот пратеник Трајан Мицевски пратеник од ВМРО- ДПМНЕ. Единствено можен излез од оваа ситуација е една мудра политичка истрајност која не треба да ја попречуваме, туку функционално само да ја надоградуваме. И сметам како краен чин во оваа моја дискусија да дадам поддршка на предлогот од господинот пратеник Славе Наумовски, а воедно и целосна поддршка на Информацијата и меморандумот од господинот Киро Глигоров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Трајан Мицевски има реплика, меѓутоа само две минути.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство бидејќи реплика ќе се придржувам на времето. Јас го спомнав тоа, меѓутоа го спомнав од имињата што ги

наведуваше, што се дадени како северна Македонија, како вардарска Македонија, како бивша Југословенска Република. За мене тоа беше друго прашање дека на тој начин ние одиме да им удоволиме на оние што не сакаат да не признаат под името РМ, туку нагодуваме некои имиња дали од северна, дали од јужна. За мене се тие сите катастрофални имиња. Тоа е ништење на македонското име на Македонија. Ние сакале, или не без разлика ниту Парламентот, ниту раководството, ниту Владата нема смелост да рече друго име освен ова, па макар по секоја цена.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, од Информацијата што пред некој ден ни беше доставена може да се види дека Македонија се наоѓа во еден голем ќорсокак во која Информација за моменталната положба на Македонија виновник е само Република Грција, или ако не е Грција по таа информација би не признал целиот свет. Главниот фактор за непризнавањето на РМ, т.е. не прифаќањето за член во ОН јас мислам е фактор кој го имаме ние внатре во самата држава. Јас не можам да префатам ваква информација каде никаде во неа не може да се види било каква грешка, или пропуст на тие што ја водат надворешната, па и внатрешната политика. Ако за нашето раководство дежурен виновник е Република Грција, зошто нашето раководство и дипломатија и после 2 години не успеа и не најде сили да најде начин за еден почетен дијалог со властите, со раководството на Република Грција. Во овој момент на Македонија јас мислам и е потребно освежено раководство што ќе може да се носи со грчкото раководство и по секоја цена да започне тој дијалог бидејќи по оној извештај главниот виновник за нашата дипломатија и раководство е Република Грција. Сите ние добро знаеме каде и се каде Грција е член и кој стои зад Грција по ова прашање. Треба да се

запрашаме дали проблемот е во името, или дел и во нашиот систем. Пример за тоа е блокадата со нафтата. Блокада имаше само за овој систем, приватните бизнисмени многу слободно увезуваа цело време нафта. Личен сведок сум за тоа, а таа блокада не е никој сигурен дека и утре, или друг ден нема пак да ни се повтори. Не е јасно зошто се бараше седница од затворен тип. За мене тоа би личело како една тајна седница. Бирачите со право реагираат и се прашуваат зошто ве биравме кога треба да се крие точно од нив што се случува со РМ. Овде ние во овој Парламент сме 120 пратеници. Таква тајна може да се чува во многу помал круг на лица, а не овде каде што во овој Парламент има политички партии од коалицијата кои јавно бараат Македонија да не биде признаена, или зачленета во ОН, затоа што во Македонија немало човекови права, или немало други работи што е апсурд. Не сакањето на јавна седница по мене е барање нешто да се сокрие. Исто така, во таа Информација мораше да стои дека во Македонија имаме и други фактори кои работат на тоа непризнавање, или незачленување на Македонија во ОН, фактори кои се исто за мене значајни во тоа непризнавање како и Република Грција, но пак е само таа наведена во тој Извештај. Треба да се запраша господинот министер Денко Малевски во кое својство, ова ќе го кажам затоа овде се спомна и многу пати во одредени кругови се слуша дека педесетина наши искусни дипломати така се- дат по канцеларии. И треба ние сите да се запрашаме и таа Влада во кое својство во неговите турнеи е госпоѓа Крајачиќ кога истите тие дипломати така седат и сите тие се служат барем со два јазика , многу повеќе ги познаваат и ставовите на многу земји.

**ДЕНКО МАЛЕВСКИ**: ( од место)

Колку јазици знаат?

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Па сигурно од вас повеќе. Не јас, тие дипломати што ги чувате во карантин. Се слушаат информации точно овде низ Скопје и од Вашата Влада и од вашето министерство, а посредник е некој грчки бродосопственик кој нуди бланко чекови. За кого се наменети се знае тоа, а од три тајни мисии само една,имаме информации во кои тајни мисии е господата Мирчев, Тунте и Димитров итн. Со време ќе се докаже и тоа. Ако е успешна работата на нашиот министер, зошто и тоа се слуша се фрлени и патните сметки овие денови за неговиот романтичен двонеделен престој во Америка и по која придружба. Тоа во Владата се слуша. Во Информацијата можеше да стои за разговорите на Денко Малевски со Игл Бергер каде во два, три часа разговор господине Малевски точно американскиот печат пишуваше дали сте вие министер на Македонија, или на Југославија, бидејќи во три часа разговор името на Македонија ниту еднаш го немате спомнато.

**ДЕНКО МАЛЕВСКИ:** ( од место)

Лажете!

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Точно е. И вие лажете.

(Денко Малевски демонстративно ја напушти седницата). Се прашувам уште што треба да стори за продлабочување на неуспехот за признавање на РМ, па да се обнови таа депонирана фамозна оставка . Првиот ден на оваа седница се спомнаа разговори на парламентарната група на раководството на партијата со Парошки.

XVI/7

Се заборави од страна на пратениците од бившата комунистичка партија за мудрите средби со Ругова. Јас сите непријатели ги ставам на еден кантар,во една вреќа. Тие беа неколку средби. Исто меѓународно признавање зачленување на РМ во ОН. Се слуша дека многу пари се дадоа за лоби ширење во Канада на господинот Битов, се слуша дека плата зема од овде. Тоа некој треба да го каже дали е така. Ако е тоа вистина петстотини или милион долари на еден пробисвет, па нема никакво признавање на биде. Тоа треба на народот да му се каже, бидејќи истите тие "девици" луѓето за 100 марки бараа за Нова година да поминат. Исто така, првиот ден од оваа седница најновата национална промашена инвестиција на СДС првиот ден од оваа седница без срам изнесе дека неговите колеги од коалицијата редовно бараат на сите страни Македонија да не биде признаена. Па само банално промашени и инвестиционо искривени личности наречени полтрони можат да формираат Влада со непријателски расположени политички партии кон оваа држава кои во секој момент работат и не се престанати да работат против создавањето на оваа суверена македонска држава. Не е далеку да се потсетиме 9 декември 1992 година кога во оваа сала господинот претседател предложи промена на името со придавката Република Македонија (Скопје) и кога сите пратеници од коалицијата тоа го подржаа. Ние утре ќе имаме потреба сигурно да ги извадиме стенографските белешки, да ги потцртаме, па да ги разделиме овде и да видиме кој што од коалицијата кажа, со какво слагање. Еден месец по тоа овде нас ни се бара тајна седница, па сега на оваа јавна седница материјалот е редуциран, се намалиле информациите. Нема ништо намалено. Точно тој ден надвор беа собрани студентите од Универзитетот. Не за џабе седеа на асфалтот цел ден.

XVI/8

Јас мислам дека точно утре треба од пратеничката група наша да се извадат тие стенограми, да се прочитаат и да се поделат, за да се види што се случило пред месец дена. Не е ништо чудно што на бивши комунисти не им смета промена на името во Бивша југословенска Република Македонија. II како јас ќе бидам бивш југословен од Прилеп. Не оди никако. Во едно да бидете сигурни господа, тоа народот не го сака и овој пат јас не верувам и ве уверувам вас дека тој народ нема да го изманипулирате. Оваа држава била Македонија и ќе остане како Македонија на било кој начин и со кои било средства, независно од тоа дали некој дошол за фотелја, власт, или ред други работи.

XVII/1/CJ/OM

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитуван претседателе, јас сум должен да ја скратам мојата дискусија бидејќи ќе се повторам со неколку колеги, па на некој начин ќе почнам вака:

Во текот на овие три дена расправаме многу важно прашање т.е. приемот на Република Македонија во семејството на Обединетите нации. Во сите овие расправи и залагања треба да го пронајдеме вистинскиот пат кој е логичен и можен, кој на сите ќе ни носи среќа т.е. Република Македонија да биде зачленета во Обединети- те нации.

По однос на името Република Македонија во овој Парламент е заземен став, а тој став е јасен, бараме да бидеме признати со името Република Македонија. Европската заедница нашето барање го услови со додаток на името Република Македонија (Скопје). По истото расправавме, не ја прифативме таа иницијатива односно предлогот за додавка Скопје, по предлогот за додавка на името, Скопје, следеше нашето непризнавање.

Потоа следеше нашиот втор чекор по однос на признавањето, овој пат бараме прием во Обединетите нации. Следи нова препрека ни понудуваат едно цинично и смешно решение т.е. Република Македонија да се именува како Бивша Југословенска Република Македонија. За сите нас зборот Бивша е јасен. Асоцира на нешто минато, а тоа значи сега да не постои. Фактички нема ние ни да го прифатиме. Во првиот случај приемот во Европската заедница Грција стави вето. Мудро го искористи консензусот врз кој принцип работи Европската заедница. Меѓутоа, во вториот случај по однос на нашиот прием во Обединетите нации на

сцена се појавуваат "пријателите на Република Македонија", Франција, Шпанија и Англија како добронамерни, но јас сум длабоко уверен дека со препораката"бивша " се ставаат во улога на адвокати за српските интереси. Автоматски се активира оската север југ односно Атина Белград. На сите нас треба да ни биде јасна една работа, а таа е и Европската заедница и Обединетите нации треба да ги сфатиме како две семејства. А, во практика, тоа значи секое семејство не ги пореметува меѓусемејните односи во интерес на третиот. Нас ни е потребно да размислуваме логично и здраво како да дојдеме до вистинскиот пат за наш

ето признавање.

Во текот на оваа расправа за приемот на Република Македонија во Обединетите нации јас малку пратеници слушав кој се залагаа за правиот односно вистинскиот пат. Говорницата ја употребувавме за меѓусебни пресметки и обвинувања. Од дискусиите се добива една доза на несигурност, недоверие меѓу сите нас. Да цитирам некои реченици: Еден пратеник рече вака: "Бидете македонци, зар треба да се сомневаме што сме", мислам за вас македонците. Тоа за мене е смешна работа. Од еден пратеник слушаме вака: "Да покажеме сите ние дека сме единствени", зар треба одговор на ова прашање. Неколку пати се покажавме како единствени. Не сакам да повторувам по кои точки бевме единствени. "Да видиме внатре колку сме компактни", доза на несигурност. "Политиката за признавање ја водат неспособни", по- доцна ќе видиме дека јас не се согласувам со таа реченица. Има една реченица во која еден пратеник вели " народот гледа, памти и ќе проговори", и јас се согласувам , народот гледа , гледа кого избрал, гледа кој како се залага, се согласувам. Меѓутоа, од другата страна, во Извештајот на господинот д-р Денко Малески имавме многу убави реченици, така

морам да ги наречам, а требаше ние како Парламент да се залагаме и да одговориме фактички со нашето умееше да речам, и знаење да покажеме. Во неговиот Извештај вели вака: "Од правен аспект не постои проблем, постои само политички проблем од Грчка", мислам дека тука требаше повеќе да бараме решение како можеме тоа да го надминеме. Потоа, уште една друга реченица, "треба повеќе работа и ум, а помалку емоции", емоциите беа во прв ред. Значи, навреди, постанавме поголеми католици од самиот Папа и јас незнам што друго. Има уште една многу важна реченица: "зацврстувањето на границите на Република Македонија во картата на светот за нас е важна работа", јас се согласувам дека тоа е важна работа, меѓутоа малку слушавме до нас како пратеници, сега веќе во овие карти имаме некоја измена. Ако се навратиме да видиме дека не постои повеќе Варшавскиот пакт, а постои Нато пактот  значи нешто се подготвува да се крои, а тука требаше да размислуваме сите заеднички. Господинот Денко Малески рече од 15 гласа потребни ни се 9. Не слушнав ни еден пратеник да видиме кои се тие држави од тие петнаесет, девет да можеме да видиме , како можеме да дојде- ме до тие девет држави, за да дојдеме до признавањето на нашата Република. Многу труд и трпение за да влеземе во Обединетите нации со нашето име. Јас мислам ни труд ни трпение имаме за да покажеме и на македонската јавност па и на светот дека ние имаме и труд и добро умееше и сето тоа.

Нушен партиски консензус. Неколку пати ви се повторува од такви бистри , за мене демократи , што значи тој партиски консензус во Собранието. Ни тоа го немаме. Одговорот е јасен. Е, вака ќе се делиме на десни и леви, на опозиција, позиција, и незнам како, можеби има да

речам многу работи, но ќе се потрудам уште една реченица да ја цитирам од еден пратеник кој рече: "албанците во овие моменти ни се многу потребни", јас не можам тоа да го сфатам. Албанците секогаш им биле потребни на македонците и обратно, а особено во овие моменти, не само албанците туку сите граѓани на Републиката сме потребни за да ја пребродиме оваа криза, за да ја поминеме и да бидеме меѓународно признати.

И, да завршам. На крајот за многумина од нас главна мета на нивните напади беа господинот Денко Малески и претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров. како што рече еден пратеник пак ќе повторам "политиката за признавање ја водат неспособни", јас имам спротивно мислење од тој дискутант. Нашите претставници господата Киро Глигоров и господинот Денко Малески кои се борат за признавање на Република Македонија за мене се искусни, мудри, еластични политичари, а пред се луѓе кои уживаат голем углед и во Републиката и надвор од неа, пред се како луѓе построени како демократи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Авди Муртезани.

(Пратеникот Муртезани се откажува од дискусијата)

Се откажува

Добро, да видиме сега, ми обрнавте внимание, не е тука министерот, не можеме да го обезбедиме за вечерва, веројатно ќе мораме да прекинеме, а дури 54 пратеници се во салата и јас покрај сите молби не можев да обезбедам кворум. (некој од пратениците велат дека пратениците се тука некаде надвор од салата).

XVII/5.-

Каде има? Незнам кај се господо. Седница се држи во салата и немојте да ми кажувате кај се. Тоа воопшто не ме интересира. Повик е упатен до сите овде да седат. Овде е седницата. Тоа е една работа. Второ, го немаме министерот, јас барав да дојде и пратив посебно, но изгледа ќе мораме да прекинеме ако сакате да ја водиме расправата заедно со министерот. Така и личи, инаку не личи.

Значи,продолжуваме утре во 10,00 часот.

Има пријавено уште тројца пратеници за дискусија. Дали има уште некој да се пријави, господин Спировски, Зуди Емини

(Седницата прекина со работа во 19,15 часот).